Прилог 1 – Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј „Димитар Влахов“ бр. 4,
II кат, Стара Комерцијална банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| Назив | Република Северна Македонија<br>Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје |
| Седиште | Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје,<br>Република Северна Македонија |
| Контакт-информации | UKIM@UKIM.EDU.MK |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт-информации) | ПРОФ.Д-Р БИЉАНА АНГЕЛОВА, РЕКТОР<br>UKIM@UKIM.EDU.MK |
| Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт-информации) | |
| Основ за надворешната евалуација | √ Годишен план<br>□ Барање на високообразовната установа<br>□ Барање на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>□ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| Период за кој се однесува извештајот | 2023/2024 |
| Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум) | Бр. 02-517/2 од 29.3.2024 г. |
| Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација? | ДА/НЕ |

Место, датум | МП (потпис) | Овластено лице на установата

**Упатство за пополнување**

Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети точно и во овој образец. Установата ги пополнува содржините означени во бела боја во долунаведените табели. За точноста на информациите, одговорност сноси одговорното лице на установата.

Извештајот се доставува **на англиски јазик.** Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријавата се користи фонт Arial Narrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) проред.

Објаснувањето за исполнетоста на индикаторите за стандардите за квалитет **не треба да биде подолго од една страница** по индикатор во овој образец.

За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните **пет години.** Во стандардите 2, 3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите **за секоја студиска програма** акредитирана на високообразовната установа.

Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска и во печатена форма, во 2 примерока. **За доставувањето во електронска форма, корисно е сите придружни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец. Прилозите, односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваат со линк до конкретниот документ (Word, PDF и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација.** *Пример за објаснување на исполнетост на индикатор и линкови до прилози е наведен на крајот на овој образец (Пример 2).*

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).

Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации). Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.

При доставувањето на прилозите, установата нив ги зачувува во формат кој овозможува **едноставно користење на опциите за пребарување**. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку тоа е неопходно.

По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.

Изјавата за точност и вистинитост на податоците прикажани во Извештајот од самоевалуација се заверува на нотар (пример 1).

1. **ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ**

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ<br>(ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје |
| Седиште | Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје,<br>Република Северна Македонија |
| Веб-страница | https://www.ukim.edu.mk |
| Мисија и визија на установата | **Мисијата** на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е:<br>● континуирано образование на високостручни и претприемливи компетентни кадри преку висококвалитетни и современи студиски програми, кои ќе бидат оспособени да решаваат проблеми, ќе работат успешно и ќе ја зајакнуваат конкурентноста на нашите организации на европско и на меѓународно ниво;<br>● преку современи и релевантни научни истражувања, да се придонесе кон генерирање нови знаења и творечки резултати во насока на развој на одржливи и зелени иницијативи;<br>● вклучување во национални, регионални и меѓународни програми и иницијативи и соработка со високообразовни и други сродни институции;<br>● создавање квалитетен кадровски потенцијал и капацитети за подигнување на нивото на знаењата во наставата, науката, културата и уметноста, со цел прогресивен развој на земјата и меѓународно афирмирање;<br>● поттикнување на развој на разновидна и инклузивна академска заедница со висока општествената одговорност.<br><br>**Визијата** на Универзитетот е:<br>● да се пренесе висококвалитетно образование и научноистражувачко искуство на студентите за да го негуваат нивниот талент, да го развиваат интелектуалниот раст, да го обликуваат професионалниот и личниот развој, а со тоа да им се овозможи да го постигнат својот целосен потенцијал;<br>● да се поттикне правична, инклузивна и колаборативна средина, која ја поддржува целокупната благосостојба на студентите и промовира институционален раст и развој;<br>● да се прошират академските и научноистражувачките резултати за поддршка и создавање одржливи решенија за трансформативен развој;<br>● да се прошират меѓународните перспективи и да се подготват студентите за посветеност, самоиницијативност, креативност, лидерство, критичко размислување и етичка одговорност;<br>● да се поттикнува и развива култура меѓу студентите, вработените и заедницата во целост. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Јавна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус студии | Во оваа академска година, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се реализираше настава на 201 студиска програма на прв циклус студии, 293 студиски програми на втор циклус студии и 95 програми на трет циклус студии. |
| Број на вработени лица избрани во наставно- | На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, од 16.9.2023 до |

| | |
|---|---|
| научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | 30.9.2024 година, беа потврдени 82 избори на редовни професори и 4 избори на научни советници. |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Во учебната 2023/2024 година, на Универзитетот се запишани 4800 студенти на прв циклус студии, 634 студенти на втор циклус студии и 217 студенти на трет циклус студии. |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кој е формиран во 1949 година, претставува најстара и највисоко рангирана високообразовна институција во земјата, каде што се продуцираат високостручни кадри за потребите на пазарот на трудот, се развиваат науките и уметностите, се промовира инклузивност и значајна меѓународна вклученост, се афирмираат и се промовираат односите на етичност, еднаквост и слобода на мислење што прогресивно влијае врз развојните процеси во македонското општество.<br>Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е интегриран универзитет, кој во својот состав има 23 факултети и 5 научни институти (во понатамошниот текст: единици).<br>На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се организира високообразовна, научноистражувачка и апликативна дејност од 6 научни подрачја: природно-математички науки, инженерство и технологија, медицински и здравствени науки, земјоделски и ветеринарни науки, општествени науки и хуманистички науки.<br>При УКИМ, тековно студираат повеќе од 28 400 студенти на прв, 1 100 студенти на втор и 1 071 студент на трет циклус студии. Кадровскиот капацитет со кој располага УКИМ е: 3 100 наставно-научни и соработнички, како и административни кадри. Во досегашниот развој на Универзитетот се создадени околу 134 600 високостручни кадри, над 13 800 магистри и специјалисти и околу 4 000 доктори на науки во сите наставно-научни области.<br>Единиците во рамки на Универзитетот имаат статутарна самостојност што ја остваруваат согласно со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (на кој согласност дава Собранието на Република Северна Македонија) и статутите на единиците (на кои согласност дава Универзитетскиот сенат).<br>Иако единиците имаат своја статутарна самостојност, сепак сите процеси се координираат во Ректоратот, а се реализираат на единиците. Имено, прашањата за режимот на студирање, студиските програми, конкурсите за запишување студенти на сите три циклуси студии, Универзитетската школа за докторски студии, издавањето дипломи, научноистражувачката и уметничката дејност, принципите на финансирање, меѓународните проекти и договори, потврдувањето на избрани декани и директори, визитинг-наставниците, стручњаците од практиката, Центарот за кариера, Центарот за квалитет, издавачката дејност, недвижниот имот, алумните, дигитализацијата, актите за организација и систематизација, вработувањата, изборите во звања, лекторатите по македонски јазик во странство и други активности се разгледуваат на соодветните постојани комисии во Ректоратот, кои потоа се усвојуваат на органите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Ректорската управа и Универзитетскиот сенат.<br>За остварување на уставно загарантираната автономија, сите процеси се координираат од страна на ректорот, во соработка со проректорите за настава, наука, меѓународна соработка, финансии, инвестиции и развој и генералниот секретар.<br>На органите на Универзитетот се донесуваат следниве општи акти:<br>- правилници, достапни на линкот: https://ukim.edu.mk/doktorska-shkola/studii/dokumenti/normativni-akti/<br>- правилници и други нормативни акти, објавени во |

| | |
|---|---|
| | електронските изданија на Универзитетскиот гласник, достапен на интранетот.<br>Општите акти на единиците, пред да се усвојат, се доставуваат на мислење на соодветните постојани комисии во Ректоратот, а потоа во зависност од општиот акт, се усвојуваат на органите на Универзитетот, односно на единиците.<br>Надлежностите на органите на Универзитетот, Универзитетскиот сенат, ректорот, Ректорската управа, како и на органите на единиците – наставно-научните, односно наставно-научните и уметнички совети и научните совети се дадени во Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот, достапни на линкот: https://ukim.edu.mk/univerzitet/dokumenti-2/normativni-akti-2/. Видовите и надлежностите на постојаните комисии во Ректоратот се на следниов линк: https://ukim.edu.mk/univerzitet/organizaciska-struktura/komisii/ и во електронските изданија на Универзитетскиот гласник, достапен на интранетот.<br>За остварување на вкупните процеси кои се реализираат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и единиците, стручна, административна и помошно-техничка поддршка даваат Централната стручна и административна служба – Ректорат, односно интегрираната стручна и административна служба во соработка со стручните и административни служби на единиците, организирани во соодветни одделенија: https://ukim.edu.mk/univerzitet/organizaciska-struktura/struchna-sluzhba-2/ |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | ● современи и диверзифицирани студиски програми на трите циклуси, компатибилни со програмите на еминентни светски универзитети;<br>● меѓународно акредитирани студиски програми;<br>● кадровска подготвеност за организирање настава на англиски јазик и „прозорци за мобилност“;<br>● вклучување на стручњаци во наставните процеси од други реномирани европски универзитети;<br>● поддршка на иновации и формирање на центри на извонредност;<br>● меѓународни научноистражувачки проекти;<br>● континуитет и квалитет во научноистражувачките дејности;<br>● развиена применувачка дејност на акредитирани лаборатории согласно со стандардот 17025;<br>● голем број современо опремени лаборатории за настава и соработка; акредитирани лаборатории; инспекциски тела;<br>● вклучување на студентите од сите три циклуси во наставниот и во научниот процес;<br>● висок и континуиран раст на склучени меѓународни договори за соработка со образовни и сродни институции од странство;<br>● развивање и спроведување на ефикасни облици за доживотно образование;<br>● функционален кариерен центар и алумни-асоцијации;<br>● поттикнување, организирање и реализирање на издавачката дејност, согласно со актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Напредокот е забележан по следниве основи:<br>● Обезбедувањето на квалитетот на УКИМ е регулирано со следниве акти: Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018, Службен весник на Република Северна Македонија бр.178/2021 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.58/2024); Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Службен |

| | |
|---|---|
| | весник на Република Северна Македонија бр. 153/2022); Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019); Правилник за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.674/2024); Стратегија за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2024 – 2029); Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и неговите единици (Универзитетски гласник бр.674/2024); Деловник за работа на Советот за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Стандард 1).<br>● Универзитетот работи во согласност со барањата на меѓународниот стандард ISO 9001 за управување со квалитет (Стандард 1).<br>● Во континуитет го спроведува процесот на самоевалуација (Стандард 1).<br>● Континуирано подобрување на квалитетот на наставата на факултетите, особено на студиски програми на прв циклус студии. На пр., на Факултетот за електротехника и информациски технологии се акредитирани од германската агенција за акредитација на студиски програми од областа на техничките науки, информатика, природните науки и математика ASIIN, која е овластена од ENAEE (Европска мрежа за акредитација на инженерско образование) за издавање на европскиот сертификат EUR-ACE за студиски програми од инженерството (Стандард 1 и Стандард 2). На магистерски студии, на истиот факултет е воведена интернационална наставна програма (двојна диплома), Energy Efficiency, Environment and Sustainable Development, а исто така и на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања е воведена интернационална наставна програма (joint degree) со Универзитетот во Салцбург (Стандард 2 и Стандард 9). На Економскиот факултет од јануари 2022 година е започнат процесот за стекнување на меѓународна акредитација AACSB, којашто содржи насоки за стандарди за унапредување на квалитетот, а во февруари 2024 година е одобрена апликацијата за подобност за акредитација (Eligibility application), што претставува првиот чекор во процесот на акредитација (Стандард 1). Исто така, на Факултетот за ветеринарна медицина во 2022 година е започнат процес за меѓународна акредитација од страна на European Association of Establishments for Veterinary Education (EAEVE) која е дел од ENQA а веќе во 2024 година е направена прелиминарна посета од екперти за што е изготвен извештај и се дадени понатамошни насоки во насока за целосна акредитација која ќе се спроведе преку закажаната евалуација во 2027 година (Стандард 1).<br>● Голем број на студенти се вклучени во научноистражувачките проекти кои се реализираат на Универзитетот (Стандард 4).<br>● Континуирано зголемување на бројот на публикувани квалитетни научноистражувачки трудови (Стандард 5), според индексациска база на SCOPUS за околу 8 % годишно, во последените две години.<br>● Континуирано се набавува современа лабораториска опрема, главно, од меѓународните научноистражувачки проекти (Стандард 6).<br>● Воспоставен е систем за учење на далечина (Стандард 6).<br>● Континуирано се обновува мрежната инфраструктура (Стандард 6). |

| | |
|---|---|
| | ● Зголемен е бројот на меѓународни проекти кои се реализираат на единиците (Стандард 9).<br>● Зголемен обем на соработка со стопанството и трансфер на технологии. |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | ИЗВРШНО РЕЗИМЕ<br>Предизвици:<br>● Дигитализација на Универзитетот – процес кој има приоритетна стратешка важност за УКИМ и е дел од Стратешкиот план на УКИМ 2024 – 2029.<br>● Интернационализација на Универзитетот, како дел од Европската мрежа на универзитети, и поголема препознатливост на меѓународниот вискообразовен и научноистражувачки простор.<br>● Континуирано намалување на бројот на студенти, што е рефлексија на негативните демографски трендови, односно засилени миграции на младите и на младите семејства и ниските фертилни стапки што се одразува со континуиран пад на бројот на учениците, кои потоа претендираат да го продолжат своето образование на универзитет.<br>● Засилена промоција на странски универзитети за привлекување на македонски студенти.<br>● Нелојална конкуренција од голем број акредитирани универзитети во земјата.<br>● Надминување на административните бариери за вработување, поради кои се создава загрижувачки недостаток на наставно-научен и соработнички кадар и кадар во стручно-административните служби, што истовремено претставува и нарушување на кадровската автономија на Универзитетот која е гарантирана со Уставот и ЗВО.<br>● Претходниот недостаток имплицира неможност да се задржат најдобрите студенти на Универзитетот како дел од наставно-истражувачкиот кадар. Поради неколку фактори (комплексни и долги бирократски процедури за вработување, поголеми можности за кариерно напредување во приватниот сектор и др.), овие студенти одбираат да ги продолжат студиите во странство или да работат во приватниот сектор.<br>● Недоволна посветеност на надлежните државни институции во доменот на утврдувањето, признавањето и финансирањето на реалната цена на чинење на студентот/студентското место, што условува финансирање на Универзитетот не според реалната цена на чинење и реалните трошоци за студирање во соодветните научни подрачја, туку финансирање без критериуми и соодветна методолошка основа.<br>● Мала мобилност на студентите и наставниот кадар по Erasmus + програма поради малиот број на доделени места за мобилност од страна на Еразмус-агенцијата.<br>● Проблеми со одржување и осовременување на просторот (предавални и лаборатории) по теркот на светските универзитети на некои од единиците, што произлегува од ниското ниво на финансирање на капиталните инвестиции во објектите и опремата на Универзитетот.<br>● Отсуство на финансиска поддршка на науката од страна на надлежните институции.<br>● Недоволно финансирање и стипендирање на студирањето на втор и трет циклус студии од страна на стопанството, а за некои од студиите кои се со стратешко значење, и од страна на државата. |

| | |
|---|---|
| | ● Недоволна видливост и препознатливост на УКИМ во меѓународниот високообразовен и научноистражувачки простор, што е рефлексија на ниското ниво на дигитализација.<br>● Формирање на универзитетска платформа за регистрација на алумни-заедницата која би била поврзана со алумни-базите на единиците.<br>● Сè уште низок ранг на светските сервиси за рангирање на универзитетите.<br>● Обезбедување и имплементација на протоколи и извештаи за обезбедување на квалитет во наставата (Quality Assurance).<br>● Делумна кадровска и финансисиска автономија на Универзитетот, управувана од воспоставени механизми на ресорните министерства за образование и финансии.<br>Недостатоци:<br>● мал број на студиски програми на англиски јазик за привлекување на меѓународни студенти;<br>● мотивациски механизми за привлекување на квалитетни студенти на втор и трет циклус студии во вид на стипендии и грантови од страна на реалниот сектор;<br>● ниска финансиска државна поддршка на наставно-образовниот процес и научноистражувачката дејност на универзитетите за објавување на научни трудови и учество на конференции;<br>● голем број студиски програми на единиците со мал број студенти;<br>● мал број на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава;<br>● релативно низок степен на вклученост на студентите од сите три циклуси во научноистражувачката работа на единиците;<br>● мала мобилност на студентите и наставниот кадар (DAAD, CEEPUS и др.);<br>● релативно бавен процес на акредитирање и реакредитирање на студиските програми на единиците од страна на Агенцијата за квалитет во високото образование – Одборот за акредитација на високото образование;<br>● дотраена инфраструктура на некои од единиците;<br>● застарени читални на некои од единиците;<br>● не е овозможен пристап на одредени факултети на лицата со физичка попреченост. |

2. **СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ**

## Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет, која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет. Линк до објава на веб-страница. |

Прашањата поврзани со обезбедување на квалитетот на високото образование и на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се регулирани со следниве акти (Прилог 1.1.А-Ж) :

1. Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и бр. 58/2024) (Прилог 1.1.А);
2. Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 153/2022) (Прилог 1.1.Б);
3. Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) (Прилог 1.1.В);
4. Правилник за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 674/2024) (Прилог 1.1.Г);
5. Стратегија за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2024 – 2029) (Прилог 1.1.Д);
6. Акционен план на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2024 – 2029) (Прилог 1.1.Ѓ);
7. Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и неговите единици (Универзитетски гласник бр. 674/2024) (Прилог 1.1.Е);
8. Деловник за работа на Советот за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 1.1.Ж);

Горенаведените документи се достапни во електронска форма на веб-страниците на Службениот весник на Република Северна Македонија и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. https://ukim.edu.mk/univerzitet/kvalitet/sistem-za-kvalitet/

**Прилози**

**Прилог 1.1.А** Закон за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82/2018, бр. 178/2021 и бр. 58/2024).doc

**Прилог 1.1.Б** Правилник за стандардите и постапката на надворешна евалуација и самоевалуација (Службен весник на РСМ бр. 153/2022).pdf

**Прилог 1.1.В** Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2022)

**Прилог 1.1.Г** Правилник за обезбедување квалитет на УКИМ

**Прилог 1.1.Д** Стратегија за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2024 – 2029)

**Прилог 1.1.Ѓ** Акционен план на УКИМ за периодот 2024 – 2029

**Прилог 1.1.Е** Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на УКИМ и неговите единици

**Прилог 1.1.Ж** Деловник за работа на Советот за квалитет на УКИМ

| | |
|---|---|
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.).<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација.<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје дефинира начини на следење и подобрување на квалитетот на наставниот и научниот аспект на единиците. Анкетирањето се спроведува во согласност со Правилникот за стандардите и постапките за надворешна евалуација и самоевалуација (Службен весник бр. 153 од 6 јули 2022 година) (Прилог 1.1.Б), како и во согласност со Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и неговите единици бр. 02-362/5 од 28.2.2024 година

(Прилог 1.1.Е). Квалитетот на наставата се следи преку студентски анкети и анализа на успешноста на студентите во студирањето. Студентските анкети го оценуваат наставниот процес и кадар и врз основа на нив, од наставно-научниот совет се предложени мерки за надминување на недостатоците и подобрување на квалитетот на наставата. Исто така, овие анкети служат за подобрување на наставните содржини за нивните следни акредитации. Анализата на успешноста на студентите е презентирана во целост пред наставно-научниот совет и се дефинираат предлог-мерки за нејзино подобрување. Паралелно на студентските анкети, се спроведуваат и анкети кај наставниот и стручно-административниот кадар. Од 2024 година, анкетите за следење на квалитетот, наменети за студентите и наставниот и стручно-административниот кадар, се стандардизирани за сите единици при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се спроведуваат преку платформата iKnow.

Обрасците за анкетите на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје содржат (Прилог 1.2.А):

- перцепција на студентите за општите услови на студирање;
- перцепција на студентите за квалитетот на наставата;
- перцепција на наставниот кадар за квалитетот на условите за работа;
- перцепција на стручно-административниот кадар за квалитетот на општите услови за работа.

Анкетета за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар се спроведува за секој предмет одделно, на сите три циклуси студии, за секоја учебна година, на крајот на семестарот. Анкетата за општите услови за студирање, анкетата за општите услови за работа на наставниот кадар и анкетата за општите услови за работа на стручно-административниот кадар се спроведуваат еднаш годишно во секоја учебна година. Роковите за спроведување на анкетите се утврдуваат од страна на Советот за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 1.2.Б). Анкетата се спроведува во електронска форма на стандардизиран образец за сите единици на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и пополнувањето на анкетата е задолжително за студентите и наставниот и стручно-административниот кадар. Резултатите од сите наведени анкети се вклучуваат во Извештајот за самоевалуација, кој се изработува согласно со годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 1.2.В). Резултатите од спроведените анкети на сите единици на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во учебната 2023/2024, резултираа со високи просечни оценки за испитуваните параметри и тие се дадени во Прилог 1.2.Г.

**Прилози**
**Прилог 1.2.А** Обрасци за анкети - примерок.pdf
**Прилог 1.2.Б** Одлука за утврдување на рокови за спроведување на анкети, 2023 – 2024.pdf
**Прилог 1.2.В** Одлука за утврдување на роковите, почетокот и траењето на постапката за самоевалуација на единицита и на УКИМ.pdf
**Прилог 1.2.Г** Резултати од спроведените анкети на единиците на УКИМ, 2023 – 2024. Резултатите од анкетите на единиците се наоѓаат во Стандард 1, индикатор 1.2 во извештаите за самоевалуација на секоја од единиците.

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики.<br>Релевантни извештаи или препораки.<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување квалитет. |

Управата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје е посветена на развојот, унапредувањето и подобрувањето на квалитетот на образованието. Единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги подобруваат студиските програми преку реакредитација и ажурирање на наставните содржини со нови модерни наставни програми преку следење на процесите на водечките светски институции од областа, како и потребите на македонската индустрија, економија и пазар. Сите студиски програми на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија. Постапката за акредитација се спроведува редовно, на секои пет години, на сите три нивоа на студии. Во процесот на акредитација се вклучени и претставници од стопанството и студентите на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 1.3.А-Г). За подобрување на квалитетот на студиските програми, единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје организираат средби со членовите на одборите за соработка и доверба со јавноста, на кои се дискутира околу конкретни прашања и се донесува одлука за евентуални корекции и прифаќање на програмите. За таа цел се води записник, кој се архивира и се објавува на веб-страниците на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Исто така, студентите, како важна алка од развојот и

функционирањето на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и на неговите единици, се вклучуваат со свои проценки и видувања во однос на ефектите кои студиските програми ги оставаат врз развојот на нивните компетенции. Тие се активни во сите тела на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, вклучувајќи ги и Советот за квалитет и Комисијата за самоевалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 1.4.А-О), како и советите за квалитет и комисиите за самоевалуација на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
Дополнително, процесот на самоевалуација на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги определува заканите, можностите, слабостите и предностите и предложува препораки за подобрување на квалитетот на единиците во идниот период, со цел полесно приспособување на студентите кон индустријата и кон научниот свет од соодветната област. Единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и управата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, поттикнуваат и обезбедуваат вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. Како примери на поважни институционални форми со кои се обезбедува нивна вклученост се наведува следново:

- студентите се редовно вклучени во квалитетот на наставата преку анкети и анализа на наставниот кадар и наставниот процес;
- дефинирање на стипендии од страна на стопанството за поттикнување на студенти и директна соработка со стопанството;
- влучување на студенти во наставно-научните совети, како и во сите релевантни тела на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што студентите имаат право на глас во процесот на донесување одлуки за соодветните единици, како и на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- поддршка и широка соработка со формите на самоорганизирање на студентите, како што се Универзитетското студентско собрание, факултетските студентски собранија и други студентски организации (Прилог 1.3.Д).

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, имајќи ја предвид својата големина и диверзитет на научноистражувачки подрачја, преку своите единици реализира соработка со стопански и јавни субјекти за реализација на проекти од заеднички интерес. Треба да се нагласи присутноста на стопанските субјекти на саеми за вработување, организирани од студентските организации и центрите за кариера на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 1.3.Ѓ-Е) и на неговите единици, како и во обратна насока, со реализирањето практична работа и можноста за регрутирање и обука на кадри уште во текот на нивното студирање. Преземени се одредени активности и во насока на развивање релации со дипломираните кадри од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје кои постигнале видни резултати во земјата и надвор од неа, при што е формиран Центарот за напредни интердисциплинарни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 1.3.Ж), а на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се активни и алумни-организации за развој на овие релации. Соработката на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје со стопанството се остварува преку одборите за соработка и доверба со јавноста во рамките на единиците или со директна комуникација со претставници од приватниот сектор, со цел размена на мислења за акредитираните студиски програми и адаптирање кон потребите на стопанството, како и проширувањето на листите на изборни предмети. Дополнително, соработката се остварува и преку меморандуми за соработка со приватни компании, комуникација со алумни-мрежата, присуство на гости предавачи од индустријата на организирани настани, конференции и семинари и реализирање на практична работа за студентите. Степенот на соработка со стопанството се разликува помеѓу единиците и поради тоа е потребно да се одржува континуирана соработка (преку организација на настани, работни средби, семинари и слично, за размена на мислења) и постојана комуникација со приватниот сектор во насока на подобрување на предметните програми, кои ќе одговорат на барањата на пазарот на трудот.
Исто така, потребна е поголема соработка и активно вклучување на компаниите во делот на заедничко аплицирање за меѓународни проекти (особено изразено во програмата Horizon Europa), со што се овозможува и директен пристап за апликативност на научноистражувачката работа. Соработката на единиците најчесто се остварува со голем број приватни компании во разни сектори, општини низ градовите во државата, јавни претпријатија, спортски агенции, комитети и федерации, домашни здруженија и асоцијации, фондации, како и соработка помеѓу единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и меѓународни факултети. Преку меморандумите за соработка на единиците со компаниите во приватниот сектор, се реализира практична настава (преку евалуацијата на студентите и дискусиите со компаниите, потребно е да се направи анализа за успешноста на реализираната практична настава, со цел да се дадат препораки за подобрување на ефективноста на практичната настава). Листите на меморандумите се достапни на веб-страниците на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Согласно со потребата од пренос на научно и стручно знаење, и други остварувања во вршењето на применувачката работа, односно ставање во функција на високообразовната дејност и научноистражувачките достигнувања и можности за потребите на јавниот интерес, во анализираниот период, Универзитетот „Св. Кирил и

Методиј“ во Скопје склучи повеќе меморандуми, и тоа (Прилог 1.3.3):

Меморандуми за 2023 година (септември – декември):
1. Меморандум за соработка помеѓу: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, претставуван и застапуван од ректорката проф. д-р Биљана Ангелова, и Унапредување на економиите за посилни заедници, застапуван од раководителот на Активноста, Небојша Мојсоски, склучен на 15.11.2023 година.
2. Меморандум за соработка помеѓу: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, претставуван и застапуван од ректорката проф. д-р Биљана Ангелова, и Црвен крст на Република Северна Македонија, застапуван од генералниот секретар д-р Саит Саити, склучен на 25.12.2023 година.

Меморандуми за 2024 година:
1. Меморандум за соработка помеѓу: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, претставуван и застапуван од ректорката проф. д-р Биљана Ангелова, и Министерство за информатичко општество и администрација, со седиште на бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, 1000 Скопје, застапуван од д-р Азир Алиу, министер, склучен на 25.1.2024 година.
2. Меморандум за соработка помеѓу: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, претставуван и застапуван од ректорката проф. д-р Биљана Ангелова, и Министерство за одбрана на Република Северна Македонија, со седиште на ул. „Орце Николов“ бр. 116, 1000 Скопје, претставувано од министерката Славјанка Петровска, склучен на 26.1.2024 година.
3. Меморандум за соработка помеѓу: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, претставуван и застапуван од ректорката проф. д-р Биљана Ангелова, и Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија – ИСОС, со седиште на ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 20, деловна зграда на Аутомакедонија, кат 2, застапуван од Весна Прентоска, претседател на ИСОС, склучен на 17.7.2024 година.

Исто така, во анализираниот период, спроведени се и активности од страна на деловно-технолошкиот Акцелератор УКИМ. Имено, Акцелераторот УКИМ оствари директни состаноци со над 50 стартапи и иноватори, со цел да се процени нивниот бизнис-модел и можности за соработка. Соодветно на нивните потреби и потенцијали, тимовите и стартапите беа вклучени во програмите на Акцелераторот УКИМ, а на дел од стартапите беше спроведена детална финансиска анализа со цел да се утврди потенцијалот за инвестирање (Прилог.1.3.S).

Согледувајќи ја потребата за поцврста соработка меѓу академската заедница и индустријата, во 2018 година, Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ), при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, го отвори Центарот за трансфер на технологија и иновации – ИННОФЕИТ како дел од своите напори да го затвори јазот помеѓу академското образование и практичната експертиза и да ги подготви своите студенти за подобро справување со индустриските предизвици кои претстојат. Главните активности на Центарот за трансфер на технологија и иновации – ИННОФЕИТ, во извештајниот период, беа насочени на воспоставување на Европски дигитален иновациски хаб во Република Северна Македонија.

За таа цел беше формиран конзорциум и беше подготвена апликација во рамките на DIGITAL-програмата (Network of European Digital Innovation Hubs: DIGITAL-2023-EDIH-04). Конзорциумот составен од: ИННОФЕИТ, единици на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (ФЕИТ, ФЗНХ, ГФ и АФ), Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Воена академија, СОЛВЕО, Сојуз на стопански комори, Македонска асоцијација на преработувачи, Контрон, Интерспаце и Микросам, го доби проектот INNOFEIT European Digital Innovation Hub: One-stop shop for digital and green transformation in the Republic of North Macedonia и стана дел од мрежата на околу 250 ЕДИХови, чија основна цел е да придонесат за дигитална и зелена трансформација на малите и средните претпријатија, како и на јавната администрација во Европа (Прилог 1.3.И).

Конзорциумот Enteprise Europe Network во Северна Македонија (ЕЕНОМА) и во анализираниот период е со неизменет состав: Фондација за менаџмент и индустриско истражување, Стопанска комора на Северна Македонија и координаторот – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Конзорицумските партнери успешно ги реализираа активностите предвидени со Работната програма за 2023/2024 година. Беа реализирани советодавни услуги на полето на пристап до финансии, заштита на интелектуалната сопственост, барање на партнери за учество во ЕУ-проекти, менаџирање со иновативни решенија, дигитализација, совети од областа на трансфер на технологии и иновации, а со цел поддршка на клиентите во интернационализација на дејноста, пристап до Единствениот пазар и развој на иновации (Прилог 1.3.Ј).

**Прилози**

**Прилог 1.3.А** Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв

циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилник за дополнување на прв и втор циклус УКИМ.pdf
**Прилог 1.3.Б** Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје
**Прилог 1.3.В** Одлука за формирање на Совет за квалитет -2024.PDF
**Прилог 1.3.Г** Одлука за формирање на Комисија за самоевалуација на УКИМ.PDF
**Прилог 1.3.Д** Универзитетско студентско собрание на УКИМ
**Прилог 1.3.Ѓ** Правилник за Центарот за кариера на УКИМ.pdf
**Прилог 1.3.Е** Стратегија на Центарот за кариера на УКИМ 2024 – 2028.pdf
**Прилог 1.3.Ж** Центар за напредни интердисциплинарни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ)
**Прилог 1.3.З** Меморандуми на УКИМ.pdf
**Прилог 1.3.Ѕ** Акцелератор на УКИМ
**Прилог 1.3.И** Центар за трансфер на технологија и иновации – ИННОФЕИТ
**Прилог 1.3.Ј** Конзорциум Enteprise Europe Network во Северна Македонија (EEHOMA)

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото.<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Согласно со новиот Правилник за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, востановена е нова структура, надлежна за обезбедување на квалитетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Таа структура ќе функционира на централно ниво и на ниво на единиците на УКИМ.
На универзитетско (централно) ниво е востановен Центар за квалитет, како внатрешна организациона единица на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, без својство на правно лице. Во рамките на Центарот за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, функционираат Совет за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Комисија за самоевалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Со Центарот за квалитет раководи раководител, кој се именува од страна на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, од редот на редовните професори на Универзитетот кои имаат повеќегодишно искуство во обезбедувањето квалитет на високото образование. Центарот ги планира, ги следи, ги анализира и раководи со активностите за обезбедување на квалитетот на образовната, научноистражувачката, уметничката и применувачката, односно апликативната дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Раководителот на Центарот за квалитет:
1. ја координира работата на Советот за квалитет и Комисијата за самоевалуација;
2. подготвува годишен календар на активности;
3. организира/дава иницијатива за обуки за стекнување на нови знаења и практични вештини потребни за работа, раководење, управување и организациско однесување во системот на квалитет на Универзитетот;
4. учествува во работата на Советот за квалитет;
5. подготвува Годишен извештај за работата и го доставува до ректорот и др.

Советот за квалитет (Прилог 1.3.В) е составен од девет члена, шест наставници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, еден студент, еден претставник на стопанството и еден претставник на алумни-заедницата. Членовите на Советот за квалитет се именуваат и се разрешуваат од страна на ректорот на Универзитетот, освен членот од редот на студентите, кој се именува и разрешува од страна на Универзитетското студентско собрание.
Советот за квалитет:
1. изготвува и на Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје му предлага донесување на Стратегија за обезбедување квалитет и ја следи нејзината имплементација;
2. му предлага на Сенатот донесување на Акциски план за обезбедување квалитет на Универзитетот, насоки за негово спроведување, дополнителни индикатори за квалитет и план за следење на реализацијата и континуираното унапредување;
3. му предлага на Сенатот Годишен план на активности за обезбедување квалитет и подготвува Годишен извештај за неговата реализација на ниво на Универзитетот;
4. дава мислење за годишните акциски планови на единиците и годишните извештаи за реализација на акцискиот план и др.

Составот и надлежноста на Комисијата за самоевалуација не се менуваат и остануваат во рамките на постојниот Закон за високото образование и релевантните акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Комисијата за самоевалуација (Прилог 1.3.Г) е составена од девет члена, избрани од Сенатот, со тајно гласање, и тоа: шест

члена од редот на наставниците и 3 од редот на студентите, кои не се членови на Сенатот. Комисијата е надлежна за спроведување на самоевалуацијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. При спроведување на постапката за самоевалуација, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и единиците се раководат со стандардите и индикаторите за квалитет на високото образование утврдени во Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, односно насоките кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA). И Комисијата за самоевалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и Советот за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје редовно одржуваат состаноци и постапуваат согласно со своите надлежности (Прилог 1.4.А-М).
На ниво на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, исто така се формираат комисија за самоевалуација на единицата и совет за квалитет на единицата, како две тела кои се надлежни за евалуација и за имплементација на политиката за обезбедување на квалитет. Комисијата за самоевалуација на единицата е надлежна да изготви извештај за самоевалуација во рамките на кој се следат индикаторите за исполнување на стандардите на единиците. Советот за квалитет на единицата е составен од пет члена, три од редот на наставниот кадар, еден студент, и еден претставник од стопанството. Врз основа на извештајот за резултатите од самоевалуацијата на единицата, кој содржи оцена на состојбата и предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на дејноста на единицата, советот за квалитет на единицата предлага годишен акциски план со конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста, кои ги предлага до наставно-научниот совет на единицата на усвојување. Врз основа на годишниот акциски план, деканот, односно директорот, во координација со претседателот на советот, подготвува годишен извештај за реализацијата на акцискиот план и го доставува до наставно-научниот совет на единицата во роковите утврдени од Советот за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Прилози**
**Прилог 1.4.А** Записник од конститутивна седница на Комисија за самоевалуација на УКИМ.doc
**Прилог 1.4.Б** Записник од 1. седница на Комисија за самоевалуација на УКИМ.doc
**Прилог 1.4.В** Записник од 2. седница на Комисија за самоевалуација на УКИМ.doc
**Прилог 1.4.Г** Записник од 3. седница на Комисија за самоевалуација на УКИМ.doc
**Прилог 1.4.Д** Записник од 4. седница на Комисија за самоевалуација на УКИМ.doc
**Прилог 1.4.Ѓ** Записник од 5. седница на Комисија за самоевалуација на УКИМ.doc
**Прилог 1.4.Е** Записник од 6. седница од Комисија за самоевалуација.doc
**Прилог 1.4.Ж** Записник од 1. состанок на Совет на квалитет на УКИМ.docx
**Прилог 1.4.З** Записник од 2. седница на Совет на квалитет на УКИМ.doc
**Прилог 1.4.Ѕ** Записник од 3. седница на Совет на квалитет на УКИМ.doc
**Прилог 1.4.И** Записник од 4. седница на Совет на квалитет на УКИМ.doc
**Прилог 1.4.Ј** Записник од 5. седница на Совет на квалитет на УКИМ.doc
**Прилог 1.4.К** Записник од 6. седница на Совет на квалитет на УКИМ.doc
**Прилог 1.4.Л** Записник од 7. седница на Совет на квалитет на УКИМ.doc
**Прилог 1.4.Љ** Записник од 8. седница на Совет на квалитет на УКИМ.doc
**Прилог 1.4.М** Записник од 9. седница од Совет за квалитет на УКИМ.doc

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет, вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб-страницата на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години.<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите.<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ), како членка на Европската асоцијација на универзитети (ЕУА), следејќи ја Програмата за институционална евалуација на Европската асоцијација на универзитети (ЕУА) и насоките за спроведување самоевалуација и надворешна евалуација, во изминатиот период помина низ пет евалуациони процеси на надворешна евалуација (Прилог 1.5.А-Д):
- Надворешна евалуација во 2003 година,
- Прва последователна евалуација во 2008 година,
- Втора последователна евалуација во 2011 година, иницирана и поддржана од Светска банка,
- Надворешна евалуација реализирана од експертски тим на ЕУА во периодот септември 2014 – април 2015, и
- Надворешна евалуација во 2017 година, спроведена од експертски тим номиниран од ЕУА.

Тргнувајќи од потребата за надворешна, објективна оцена и обезбедување континуиран развој и квалитет во сите области на дејствување, надворешните евалуации на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје претставуваат континуитет на процесите на самоевалуација, кои континуирано се спроведуваат на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а се презентираат со последователни севкупни три годишни извештаи за самоевалуација.

Во рамките на исполнувањето на обврските кои произлегуваат од Законот за високото образование (ЗВО) на Република Северна Македонија, последователно се формираат комисии за самоевалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје со претставници од единиците на Универзитетот, задолжени за спроведување процес за самоевалуација и изработка на извештаи за самоевалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Процесите на самоевалуација се изведуваат во согласност со структурата и содржината утврдени во насоките на ЕУА и ENQA за институционална последователна евалуација.
Врз основа на член 94 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.178/2021 и бр. 58/2024) и членовите 347-358 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Универзитетскиот сенат, на 8. седница одржана на 29.3.2024 година, донесе Одлука за избор на членови на Комисијата за самоевалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Прилог 1.3.Г), во состав: проф. д-р Јадранка Блажевска-Гилев (претседател), проф. д-р Наташа Ристовска, проф. д-р Даниела Велеска-Стевковска, проф. д-р Ксенија Илиевска, проф. д-р Биљана Петревска, проф. д-р Ана Фрицханд, и студентите: Слободан Панајотов, Александар Мирчевски и Филип Петковски. Согласно со законските обврски, оваа комисија со мандат од три години има обврска да спроведе самоевалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Исто така, имајќи предвид дека по спроведувањето на самоевалуацијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје започнува циклусот на спроведување на Акцискиот план на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се очекува од наредната година да се оцени состојбата и да се дадат предлози за надминување на констатираните негативни појави и за унапредување на квалитетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и на неговите единици.

**Прилози**
**Прилог 1.5.А** Извештај за самоевалуацијата на УКИМ за периодот 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019
**Прилог 1.5.Б** Извештај за надворешна евалуација од ЕУА (Контролен извештај за евалуација, превод, ноември 2017)
**Прилог 1.5.В** Извештај за самоевалуацијата на УКИМ за периодот 2013/2014 – 2015/2016
**Прилог 1.5.Г** Извештај за надворешна евалуација од ЕУА (април 2015)
**Прилог 1.5.Д** Извештај за самоевалуацијата на УКИМ за периодот 2006/2007 – 2009/2010

| | |
|---|---|
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период.<br>Акциски план.<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

Последната надворешна евалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје е спроведена од 16 до 20 октомври 2017 година од страна на независен експертски тим номиниран од Европската асоцијација на Универзитети во Брисел, во состав: Џорџ Шулц, (претседавач), Џоана Лијерус, Ленарт Олаусон, Јанис Ветра и Андре Сурсок (Прилог 1.5.Б). Во Извештајот се потенцира дека тимот на Програмата за институционална евалуација (ПИЕ) на Европската асоцијација на универзитети (ЕАУ) бил импресиониран од капацитетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје да работи во рамките на својата ограничена средина и неговиот многу прагматичен пристап во донесувањето одлуки. Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е пофален за јасното разбирање на неговата улога во јавната служба во Република Северна Македонија. Во Извештајот се дадени повеќе препораки кои се однесуваат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје како целина бидејќи тимот на ПИЕ, имајќи ги предвид расположливите финансиските ресурси, смета дека Универзитетот ќе ја зголеми својата ефикасност ако централизира некои клучни услуги (на пр., пишување предлози за грантови) и ако може да предложи и да спроведе заедничка стратегија за настава и учење, истражување, интернационализација и внатрешно обезбедување квалитет.

[1] Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација, односно при следната надворешна евалуација на установата.

| |
|---|
| За да се обезбеди развоен континуитет, дефинирање и систематски пристап кон реализација на целите, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје изработува стратегиски и акциски планови, и тоа: Стратегиски план на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот 2024 – 2029 (Прилог 1.6.А) и Акционен план на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот 2024 – 2029 година (Прилог 1.1.Ѓ). Стратегискиот план претставува документ во кој се дефинирани стратешките правци, области и приоритети во научноистражувачките дејности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Акциониот план за реализација на стратегиските области е изработен во согласност со главните стратешки определби на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и ги дава насоките за операционализација на документите: Стратегиски план на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје 2024 – 2029 и Програма за работа на ректорката на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Реализирањето на Стратегискиот план ќе овозможи Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје да ја задржи својата лидерска позиција во високото образование во Република Северна Македонија, како и постојано да ја унапредува својата позиција на меѓународно ниво. На почетокот на 2024 година, Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје го усвои Правилникот за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Прилог 1.1.Г). Со овој документ беше воспоставен нов систем на обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кој е целосно усогласен со позитивните правни прописи и релевантните меѓународни искуства во однос на квалитетот на високото образование. |
| **Прилози**<br>**Прилог 1.6.А** Стратегиски план на УКИМ 2024 – 2029.pdf |

## Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој/и се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето. |
| Наставно-образовната дејност е основна дејност на факултетите во рамки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Научноистражувачката дејност, пак, е примарна дејност на институтите при УКИМ, каде што наставно-образовна дејност се реализира на вториот и третиот циклус студии. Наставно-образовната дејност е еден од клучните аспекти на мисиите и визиите на единиците, во кој континуирано се инвестира со цел да се обезбедат современи и квалитетни | |

студиски програми, компатибилни со на нив сродните студиски програми од европските и светските универзитети, со кои се профилираат професионални кадри кои ќе бидат успешни и конкурентни на пазарот на труд во 21 век. Сите студиски програми на прв, втор и трет циклус студии на единиците се акредитирани и се во согласност со важечките законски прописи. Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за трите студиски циклуси е регулирана во согласност со член 145 од Законот за високото образование (Прилог 1.1.А), Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии (Прилог 2.1.А), како и упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од прв, втор и трет циклус студии од Одборот за акредитација на високото образование (Прилози 2.1.Б – 2.1.Ж). Постапката за акредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно со Упатството започнува една година пред истекот на тековната акредитација на студиската програма/и.

**Прилози**
**Прилог 2.1.А** Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Македонија бр. 25/11)
**Прилог 2.1.Б** Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма за прв циклус студии
**Прилог 2.1.В** Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма за втор циклус студии
**Прилог 2.1.Г** Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма за трет циклус студии
**Прилог 2.1.Ѓ** Образец за акредитација на студиски програми на прв циклус студии
**Прилог 2.1.Е** Образец за акредитација на студиски програми на втор циклус студии
**Прилог 2.1.Ж** Образец за акредитација на студиски програми на трет циклус студии

| | |
|---|---|
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години).<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети.<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми.<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Факултетите при УКИМ организираат студии на сите три циклуси. Притоа, дел од нив се организирани според моделот 4+1+3, каде што првиот циклус – додипломски студии се во траење од четири години, односно 240 ЕКТС, вториот циклус – постдипломски студии се во траење од една година (60 ЕКТС) и третиот циклус – докторски студии се во траење од три години, односно 180 ЕКТС. Поради разноликоста и спецификите на стручните профили, овој формат не е секаде ист, па на некои од единиците наставата е организирана според моделот 3+2+3.
Така, на пример, на **Правниот факултет „Јустинијан Први“,** студирањето од областа на правото, политиколошките науки, новинарските науки и науките од областа на односите со јавноста се одвива по следниов модел: додипломски студии во траење од три години (180 ЕКТС), постдипломски студии во траење од една или две години (60 ЕКТС, односно 120 ЕКТС) и докторски студии во траење од 3 години (180 ЕКТС). На оваа единица, три студиски програми – Применета и компаративна политика, Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции и Политички студии – се реализираат и на англиски наставен јазик. Едногодишни и двогодишни постдипломски студии се организираат и на **Факултетот за физичко образование, спорт и здравје** и на **Машинскиот факултет** (една двогодишна студиска програма – Индустриски дизајн и маркетинг). Во рамки на вториот циклус студии на Машинскиот факултет, следниве програми се реализираат и на англиски наставен јазик: Lean Management; Virtual Manufacturing Engineering; Modeling and Stimulation of Plastic Deformation Technologies and Processes; Sustainable Energy and Environment. На **Технолошко-металуршкиот факултет,** акредитирани се студиски програми на сите три циклуси студии, и тоа: 8 студиски програми на прв циклус во времетраење од четири години (240 ЕКТС), 12 студиски програми на втор циклус (една или две години) и две програми на трет циклус (180 ЕКТС). Истакната карактеристика на оваа единица е активната соработка со 26 реномирани македонски компании со кои се потпишани меморандуми за соработка.
**Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ)** организира студии на сите три циклуси: прв циклус – додипломски студии со времетраење од три и четири години, втор циклус – едногодишни и двогодишни постдипломски студии и трет циклус – докторски студии. Од учебната 2023/2024 година, на Факултетот се организира настава и за две- и тригодишни стручни студии за програмирање. Исто така, од учебната 2023/2024 година, Факултетот започнува со проектот за магистерски студии од областа на применета сајбер-безбедност – “Erasmus MUNDUS project

for a Master of Science in Applied Cybersecurity", насловен CyberMACS (двегодишна заедничка европска магистерска програма со 120 ЕКТС). Четири од понудените едногодишни студиски програми, како и една од двогодишните на втор циклус студии се реализираат и на англиски наставен јазик (Data science in computer science and engineering, Security, Cryptography and Coding, Internet Technologies and cyber security, IT management и Security, Cryptography and Coding – двогодишни). На **Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ)** се организираат студии на сите три циклуси. Притоа, од студиските програми акредитирани во 2023 година, две се на англиски наставен јазик (Data Science in Electrical Engineering and Information Technologies и Energy Efficiency, Environment and Sustainable Development). На англиски наставен јазик се организираат и две студиски програми акредитирани во 2018 година (Wireless and Mobile Comunications и Energy Efficiency, Environment and Sustainable Development), како и една студиска програма на англиски јазик со можност за двојна диплома (Dedicated Embedded Computer Systems and IoT). Посебен куриозитет кај оваа единица се меѓународно акредитираните студиски програми од прв циклус студии, од страна на германскиот институт ASIIN, кој е светски лидер за потврда на квалитетот во високото образование.

Наставно-образовната дејност на **Архитектонскиот факултет** до 2023 година се изведува преку интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура, а од 2023 година како издвоени прв циклус (три години,180 ЕКТС) и втор циклус (120 ЕКТС, две години) по архитектура кои водат до академскиот или стручен назив – дипломиран инженер архитект (Bachelor of Architecture) и магистер инженер архитект (Master (MSc) of Architecture) соодветно. Според 3+2+3 моделот на студирање се организирани и студиите на **Градежниот факултет** на прв, втор и трет циклус.

Интегрираните студии на **Факултетот за ветеринарна медицина**, од академската 2023/2024 година, се во траење од 6 години (12 семестри), или вкупно 360 ЕКТС, а се реализираат на македонски и на англиски наставен јазик и се тековно во процес на меѓународна акредитација. На овој факултет постојат и едногодишни специјалистички (мастер) студии (60 ЕКТС) во областа безбедност и квалитет на храна, акредитирани во 2020 година. **Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ (УКИМ – ХЕФ)** организира студиски програми на прв и втор циклус студии. Притоа, на првиот циклус се акредитирани три студиски програми во времетраење од четири години (240 ЕКТС), додека на вториот циклус се акредитирани две програми во времетраење од една година (60 ЕКТС). На **Факултетот за земјоделски науки и храна (ФЗНХ)** се акредитирани студиски програми на сите три циклуси студии: прв циклус – додипломски студии во траење од четири години (240 ЕКТС), втор циклус – постдипломски студии (едногодишни) и трет циклус – докторски студии. Дипломите од сите три циклуси на студии на ФЗНХ се признати речиси во сите држави во светот, бидејќи тие се компатибилни со студиските програми кои се изучуваат на странските универзитети од областа на земјоделството.

**Фармацевтскиот факултет,** покрај трите циклуси на студирање, организира и здравствени специјализации во времетраење од три години (6 семестри, 180 ЕКТС), како и интегрирани прв и втор циклус студии во времетраење од пет години (300 ЕКТС). Фармацевтскиот факултет е членка на Европската асоцијација на факултети по фармација (EAFP) и фармацевтите кои се стекнуваат со диплома за завршени студии за магистри по фармација на Факултетот ги задоволуваат сите барања на професијата фармацевт, дефинирана со директивите на Европската Унија (ЕУ-директиви 2005/36/ЕС).

**Медицинскиот факултет** организира студии од трите циклуси: прв циклус – додипломски студии во траење од три години, прв циклус академски студии во траење од четири години, втор циклус – постдипломски студии (едногодишни стручни специјалистички студии и двегодишни академски студии) и трет циклус – докторски студии. Интегрираните студии по општа медицина во траење од шест години (360 ЕКТС) се организирани и на англиски наставен јазик. Слична е организацијата на студиите и на **Стоматолошкиот факултет**, каде што се акредитирани студиски програми на сите три циклуси студии. Притоа, на оваа единица се организираат интегрирани студии на прв и втор циклус по дентална медицина во времетраење од 5 години (300 ЕКТС), кои се реализираат и на англиски наставен јазик.

На **Економскиот факултет** се организирани студии на сите три циклуси: прв циклус – додипломски студии во траење од четири години (240 ЕКТС), втор циклус – постдипломски студии (една или две години) и трет циклус – докторски студии. Една од програмите на втор циклус – MBA in strategic human resource management – се реализира на англиски наставен јазик. Студиската програма Сметководство и ревизија на прв циклус студии е акредитирана од страна на Асоцијацијата за лиценцирани сметководители (ACCA – Association of Chartered Certified Accountants) за периодот од 1.1.2021 до 31.12.2025 година. **Природно-математичкиот факултет** се издвојува меѓу покомплексните според бројот на акредитирани студиски програми. На оваа единица се организираат студии од трите циклуси: прв циклус – додипломски студии (три или четири години), втор циклус – постдипломски студии (една или две години) и трет циклус– докторски студии (три години). Во рамките на шесте институти при Факултетот, постојат 27 студиски програми на прв циклус, 25 студиски програми на втор циклус и 10 студиски програми на трет циклус студии. Сличен на него, според големиот број на акредитирани студиски програми, е и **Филолошкиот факултет „Блаже Конески“,** каде што на трите циклуси на оваа единица се организираат вкупно 57 студиски програми на повеќе светски јазици, од сите аспекти на филологијата: лингвистика, книжевност, култура и јазик во примена. **Филозофскиот факултет** организира студии од трите циклуси: прв циклус – додипломски студии во траење од четири години, втор циклус – постдипломски студии (едногодишни и двегодишни) и трет циклус – докторски студии. Специфично за оваа единица е што има две активни едногодишни доквалификациски студии – дефектолошка доквалификација и педагошка-психолошка и методска

подготовка.
**Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“**, слично како и некои од единиците на УКИМ, организира студии од трите циклуси според моделот 4+1+3, односно: прв циклус – додипломски студии во траење од четири години, втор циклус едногодишни – постдипломски студии и трет циклус – докторски студии. Една од спецификите на оваа единица е високата реализација на практичната настава во три форми: педагошка практика, методски хоспитации и педагошки стаж. Уметничките факултети го следат истиот модел на студирање, со тоа што на **Факултетот за музичка уметност и на Факултетот за драмски уметности** се организираат трите циклуси студии: прв циклус – додипломски студии (240 ЕКТС), втор циклус – постдипломски студии (едногодишни и последна учебна година за двегодишни – на ФДУ) и трет циклус – докторски студии (180 ЕКТС), додека на **Факултетот за ликовни уметности** се организираат студии само на првиот и вториот циклус. На **Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“,** наставата е организирана на три студиски циклуси, каде што првиот циклус студии се во времетраење од 4 години, вториот циклус се во времетраење од една или две години (магистерски или специјалистички студии), а третиот циклус се тригодишни студии. Во рамки на вториот циклус на оваа единица се организираат и специјалистички студии по методика на религиската настава.
**Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер** организира студиски програми на сите три циклуси студии според моделот 4+1+3, односно прв циклус – додипломски студии (240 ЕКТС), втор циклус – постдипломски студии (едногодишни, 60 ЕКТС) и трет циклус – докторски студии (180 ЕКТС). Студиските програми на оваа единица се единствени во државата кои овозможуваат стручно и професионално образување на кадри од областа на дизајнот на мебелот и ентериерот, технологиите за производство на мебел и производи од дрво, видовите конструкции, како и од областа на подготовката, организацијата и економиката во дрвната индустрија. На **деветте институти** при УКИМ, наставно-образовна дејност се организира во рамки на вториот циклус (едногодишни и/или двогодишни студии) и на третиот циклус студии во времетраење од три години (180 ЕКТС).
Содржината на сите студиски програми (на сите три циклуси) кои се изведуваат на факултетите, односно на институтите е соодветно дизајнирана и е релевантна за целите на студиските програми и постигнување на резултатите од учењето. Сите студиски програми поседуваат јасни и прецизни цели со фокус на студентот заради негово обезбедување со знаења, способности и вештини кои соодветствуваат на профилот на соодветната студиска програма и звањето со кое се стекнува студентот по завршување на студиите.
Секоја студиска програма има јасно дефинирани дескриптори на квалификации согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации (член 99, став 2 од Законот за високото образование). Што се однесува до одделните предметни програми, сите предметни програми се креирани со цел исполнување на целите на секоја студиска програма.
Кај сите предметни програми (задолжителни и изборни), јасно се наведени целите на предметната програма, односно компетенциите со кои студентот се стекнува по завршувањето на соодветната програма, понатаму содржина на предметната програма, методи на учење, начин и критериуми на оценување, како и метод на следење на квалитетот на наставата. Секоја поединечна предметна програма поседува јасно наведена основна и дополнителна литература. Содржината на студиските програми ги содржи сите елементи согласно со член 140 од Законот за високото образование.
Во насока на подобрување на квалитетот и поголема интернационализација на Универзитетот и неговите единици, од голема важност е да се продолжи со процесот на акредитација на студиски програми на англиски наставен јазик на различните циклуси студии и да се зголеми нивниот број, како и бројот на меѓународно акредитирани студиски програми и на програми со можност за двојна диплома. Исто така, значајно е да се понудат сосема нови, интердисциплинарни студиски програми преку кои ќе се креираат нови и современи профили на кадри потребни на пазарот на труд. Конечно, пожелно е да се направи преглед на оние студиски програми каде што во подолг временски период не се запишуваат студенти, што ја доведува во прашање нивната одржливост и тие да се фузираат со сродни студиски програми, да се направат интердисциплинарни меѓу две/повеќе единици или да се понудат како втор или трет циклус студии.

**Прилог**
Сите елаборати за студиските програми на прв, втор и трет циклус студии, за секоја единица на Универзитетот. Елаборатите се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците во Стандард 2, индикатор 2.2.

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики.<br>Релевантни извештаи или препораки. |

Студиските програми на прв, втор и трет циклус студии на единиците на УКИМ се развиени следејќи ги најновите достигнувања во светот на науката, техниката и технологијата, имајќи ги предвид интересите на студентите, но и потребите на пошироката заедница и пазарот на трудот. Еден од клучните мотиви при изработка на студиските програми е одржувањето високи стандарди во образување квалитетни кадри кои ќе бидат идни успешни професионалци. Оттука, при конципирање на студиските програми се следат најновите трендови на европските и светските универзитети од релевантните научни полиња и дисциплини, а се користи и долгогодишното искуство во соработка со стопанството, заедничките развојно-истражувачки проекти, експертски, стручни услуги и консултантски услуги итн., таму каде што е применливо. На одредени единици (на пример, ФЕИТ, ФДТМЕ, Градежниот факултет, ТМФ, Фармацевтскиот факултет,

Филозофскиот факултет и др.), компании и фондации, релевантни за струката, доделуваат стипендии за студирање на најдобрите студенти. Редовна практика на повеќето единици (на пример, Архитектонскиот факултет, Факултетот за ликовни уметности, Филозофскиот факултет, Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Правниот факултет „Јустинијан Први“, ФЕИТ итн.), е организирање на семинари, обуки, летни школи и натпревари кои се наменети не само за студентите, туку и за пошироката јавност.

Иако на сите единици на УКИМ, во овој контекст, постојат примери за најуспешни практики, со оглед на ограничениот простор за илустрација, преземени се кратки сегменти од поопширно елаборираните примери во извештаите на неколку единици:

- Во согласност со податоците со кои располага **Градежниот факултет**, градежништвото има долга традиција во земјава и во моментов, поради повеќе причини, во оваа област се чувствува недостиг на кадар. Градежништвото е една од стопанските гранки со најголемо влијание во економскиот раст на државата. Од него, како носечка гранка, зависат многу други економски гранки. Актуелноста на струката се зголемува со најавените, реализираните инвестиции во инфраструктурата, како и оние што се во фаза на реализација. Стопанството се вклучува со сугестии во формирањето на студиските програми, главно преку неформални средби, на советувања, конференции и на симпозиуми.
- На **Филолошкиот факултет „Блаже Конески“,** понудени се сертифицирани курсеви за учење на странски јазици наменети за сите заинтересирани поединци, а се врши и проверка на знаење на странски јазици на две нивоа – без наведено рамниште (за познавање на македонскиот јазик) и проверка на знаењето за уверение за одредување на нивото на познавање на странскиот јазик според Заедничката европска референтна рамка за јазиците на Советот на Европа ЗЕРРЈ.
- **Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер** е во постојан контакт со компаниите од дрвната индустрија. Континуираните средби се одржуваат најмалку 5 пати годишно по региони – Струмички, Винички, Охридски, Кавадаречки и Скопски Регион – каде што активно учествуваат преку 150 компании од дрвната индустрија.
- На **Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ)** континуирано се организираат натпреварите „Робомак“ (меѓународен натпревар од отворен тип во кој може да се учествува независно од афилијацијата), „Робомак Џуниор“ (наменет за средношколци) и „Технологија за тебе“ (во соработка со компанијата Логинг електроникс, наменет за средношколци), кои се одржуваат еднаш годишно;
- На **Технолошко-металуршкиот факултет** се организира секоја година Конференција за зелено инженерство, одржливи материјали и технологии за циркуларна економија (GREEN CIRC), каде што учествуваат, освен реномирани професори од странство, и голем број на стручњаци од стопанството.
- **Факултетот за ликовни уметности** минатата година (2023) организира летна школа на која го најавува долгорочниот проект NEW ART FOR(U)M, кој е замислен како традиционална летна школа за експериментални уметнички практики изведена надвор од факултетските ателјеа.
- Наставници и соработници од **Факултетот за драмски уметности** активно учествуваат во креирање и организирање на Фестивалот „Војдан Чернодрински“ во Прилеп. Безмалку сите театарски претстави во земјата се создадени со директно учество на актери, режисери, драматурзи или продуценти школувани на Факултетот, вклучително и филмовите што бележат завидни успеси, не само за домашната кинематографија, туку и културата во целина: „Медена земја”, „Исцелител”, „Домаќинство за почетници” и многу други, со мошне значајни успеси и награди на најреномирани филмски фестивали, како што се Венеција, Санденс, Талин, па сè до номинации за Оскар во две категории на филмот „Медена земја“.
- На **Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ)**, добра пракса е редовната соработка со индустријата преку 375 меморандуми и 140 организирани настани, што овозможува директен контакт меѓу студентите и работодавачите. Анкетите на МАСИТ и it.mk, како и секојдневната комуникација со предавачите од индустријата обезбедуваат тековни податоци за потребите на пазарот, што се користи за ажурирање на програмите.

Во согласност со член 122 од Законот за високото образование (Сл. весник на РСМ бр. 82/18), на единиците е основан **Одбор за соработка и доверба со јавноста,** во кој членуваат претставници на основачот и релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми. Во процесот на акредитација и реакредитација на наставните програми, Одборот за соработка и доверба со јавноста дава мислење за подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството и економијата. Сите студиски програми на прв, втор и трет циклус студии имаат добиено позитивно мислење од страна на Одборот за соработка и доверба со јавноста.

**Прилози**

Сите елаборати за студиските програми на прв, втор и трет циклус студии, за секоја единица на Универзитетот. Елаборатите се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците во Стандард 2.

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/се ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се приспособува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики.<br>Релевантни извештаи или препораки.<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми. |

| и поддршка на студентите. | |
|---|---|

Студиските програми на прв, втор и трет циклус студии се креираат, се ревидираат и се подобруваат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (индустријата, бизнис-заедницата, државните органи и други организации, реномираните студиски програми на странски универзитети и сл.) ,со цел да се избегне нивно застарување и да се одговори на современите потреби на пазарот на трудот за високообразован кадар.

При подобрувањето на студиските програми на многу единици при УКИМ, како пример и најдобра практика за соработка со студентите може да се издвои соработката со факултетското студентско собрание, чии претставници се избрани од самите студенти. Тие се вклучени во работата на наставно-научниот совет на единицата. Претставниците на студентите посочуваат проблеми поврзани со начинот на одржување на наставата, меѓу кои и прашања поврзани со структурата на студиските програми. Еден претставник на факултетското студентско собрание учествува на состаноците на Деканатската управа на единицата. Раководството на единицата ги разгледува барањата и постапува соодветно во согласност со можностите.

Податоците и информациите прибрани на овој начин се зачувуваат и се анализираат во процесот на креирање (акредитација и реакредитација) на студиските програми, а програмите соодветно се приспособуваат со цел да се исполнат предложените барања. Дополнително, во процесот на реакредитација на студиските програми се организираат анкети и разговори со студентите по студиски програми и прибраните информации и предлози се настојува да се применат во дизајнот на новите верзии на студиските програми.

Иако на сите единици на УКИМ, во овој контекст, постојат примери за најуспешни практики, во продолжение за илустрација се преземени кратки сегменти од поопширно елаборираните примери за конкретни резултати и најдобри практики од соработката со студентите соопштени во извештаите на некои од единиците:

- **Филозофскиот факултет** континуирано поддржува низа активности на факултетското студентско собрание преку кои се создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите.

Меѓу нив, како позначајни се издвојуваат студентски конференции, поетски читања, „Филозофијада“, издавање на студентското списание „Внатрешен патник“ итн.;

- На **Филолошкиот факултет „Блаже Конески“** се воведени пакети на предмети, со кои студентите од една катедра можат да ги прошират своите знаења и за други јазици со земање пакет предмети од други катедри. Со тоа се зголемува проодноста на студентите меѓу катедрите. Исто така, со оглед на тоа што овие пакети предвидуваат 6 предмети поврзани последователно еден по друг во текот на 6 семестри, студентите можат да го продлабочат знаењето во областа што ја опфаќа тој пакет.
- Во процесот на акредитација/реакредитација на студиските програми на **Медицинскиот факултет** учествуваат и младите лекари и специјализанти преку нивните здруженија заради подобрување на студиските програми од интегрираните прв и втор циклус студии по медицина, со цел да се добие повратна информација од дипломираните студенти за тоа дали и колку од нив се вработени, за квалитетот на студиската програма во однос на практичната примена на стекнатите знаења и за тоа колку тие им помогнале при вработувањето и во извршувањето на работата, колку стекнатите знаења придонеле за нивниот професионален развој, што сметаат дека треба да се промени/подобри, кои знаења и вештини треба подобро да бидат опфатени во студиската програма и сл.
- Во насока на континуираната едукација, **Стоматолошкиот факултет** секоја година организира годишен конгрес/симпозиум за континуирана едукација, акредитиран од Стоматолошката комора на РСМ.
- **Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ)** има развиено партнерска програма со 20 компании и организации која дефинира партнерски пакети во кои, меѓу другото, се дефинирани: соработка во областа на осовременување на наставните програми на ФЕИТ и соработка во областа на дефинирање и изработка на проектни задачи, семинарски работи, дипломски трудови и магистерски трудови.
- Со студиската програма Енологија од втор циклус студии на **Земјоделскиот институт,** јасно се дефинира овој стручен профил, кој е заснован врз барањата на пазарот на трудот и врз современите предизвици. РС Македонија, како една од водечките држави во регионот во однос на лозаро-винарската гранка од земјоделството, има потреба од обука, едукација и афирмација на современиот млад човек, кој ќе го насочи во изучување на модерните енолошки практики.
- **Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ)** има развиено партнерска програма со голем број ИТ-компании, со кои соработува на заеднички проекти во кои се вклучуваат и студентите.

**Прилози**

Сите прилози се наоѓаат во извештаите за самоеваулација на единиците во Стандард 2, индикатор 2.4.

| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература).<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |
|---|---|

При изработка на студиските програми, континуирано се води сметка за нивно усогласување со најдобрите практики и

светски искуства со цел да се задоволат потребите на пазарот и општествените потреби. Кај сите студиски програми е присутен напор за постојано иновирање и користење на позитивните искуства од соодветните студиски програми присутни на реномираните странски универзитети. Сите акредитирани студиски програми се изработени во согласност и се компатибилни со единствениот европски простор за високо образование, а при изработка на програмите се води сметка и за споредливоста со програмите на европските образовни институции. Овие информации се достапни во елаборатите за акредитација/реакредитација на секоја студиска програма прикажани во точка 18. „Усогласеност на студиската програма со единствениот европски простор за високообразование и споредливост со програмите на европски високообразовни институции“ (прилози во индикатор 2.2., Елаборати). Во овој дел се наведуваат најмалку три студиски програми од реномирани европски универзитети со кои предложената студиска програма е во висок степен усогласена.

Поради комплексноста на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и големиот број научни полиња, подрачја и дисциплини кои се застапени на вкупно 33 единици, не може да се навлезе во деталенприказ на сите регионални, европски и светски високообразовни институции со чии студиски програми на трите циклуси студии се компатибилни студиските програми на единиците на УКИМ. Оттука, заради илустрација наведени се само некои од пореномираните институции, како на пример: Националниот технички универзитет во Атина, Грција; Политехничкиот универзитет во Милано и Политехнико во Торино, Италија; Техничкиот универзитет во Виена, Австрија; Факултетот за информатика – Технички универзитет во Минхен, Германија; Државниот универзитет за соработка во Баден-Виртемберг, Манхајм, Германија; Институтот за земјоделски науки во Бордо, Франција; Универзитетот во Амстердам и Универзитетот во Гронинген, Холандија; Imperial College, London и Универзитетот во Манчестер, В. Британија; Универзитетот во Единбург и Универзитетот во Глазгов, Шкотска; Лунд-универзитетот од Шведска; Швајцарскиот федерален институт за технологија во Цирих, Швајцарија; Карловиот универзитет во Прага, Чешка; University College Dublin, Ирска; Concordia University Chicago, Georgia State University, College of Education, и Southern California University, САД; Универзитетот British Columbia, Канада; Универзитетот во Оукланд, Нов Зеланд; Универзитетот во Порто, Португалија; Универзитетот во Белград, Р Србија; Универзитетот во Загреб, Р Хрватска; Универзитетот во Љубљана, Словенија и многу други.

Иако на сите единици на УКИМ, во овој контекст, постојат примери за најуспешни практики, во продолжение за илустрација се преземени кратки сегменти од поопширно елаборираните примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства соопштени во Извештаите на дел од единиците:

- На **Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ),** сите студиски програми од прв циклус студии се акредитирани од германската агенција за акредитација на студиски програми од областа на инженерството ASIIN и го поседуваат европскиот сертификат EUR-ACE (European Accredited Engineer), кој го издава ENAEE – European Network for Accreditation of Engineering Education, со што се потврдува дека таа ги исполнува европските стандарди за студиските програми од инженерството. Со овој сертификат, студиските програми се и официјално признаени во меѓународниот простор за високо образование.
- На **Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“**, студиските програми за докторски студии во областа на раното детско воспитание и образование и во областа на образованието на наставниците – за примарното образование се усогласени со Даблинските дескриптори и со препораките на EUA и овозможуваат споредливост со квалификациите стекнати на сродни студиски програми од областа. Исто така, тие се во согласност со документот International Standard Classifiation of Education (ISCED), на УНЕСКО од 2011 година.
- На **Економскиот факултет**, студиската програма Сметководство и ревизија на прв циклус студии е акредитирана од страна на Асоцијацијата за лиценцирани сметководители (ACCA – Association of Chartered Certified Accountants) за периодот од 1.1.2021 до 31.12.2025 година.
- Ветеринарната професија во земјите на Европската Унија спаѓа под регулираните професии во согласност со директивите 2005/36/EC и 2013/55/EU и ги специфицира научните области кои треба да бидат вклучени во наставната програма на предметот. **Факултетот за ветеринарна медицина** се стреми кон меѓународна афирмација уште од своето формирање, така што од 1996 година е член на Европската асоцијација на институции за вработеност (EAEVE), а меѓународната акредитација на студиските програми (што е во тек) од EAEVE, која е дел од Европскиот систем за евалуација на ветеринарното образование, е една од стратешките цели на Факултетот. Оттука, во студиските програми на Факултетот се вклучени неопходните научни дисциплини кои задолжително треба да се дел од ветеринарното образование, согласно со пропишаните стандарди од наведениот систем.

Тоа што е дополнителна придобивка за единиците од вмрежување и вклучување надворешна експертиза и референци во студиските програми во форма на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми е препознаена и инкорпорирана во некои студиски програми на факултетите со нивната последна измена. Притоа, од посебно значење се можностите кои произлегуваат од дојдовна мобилност на странски наставен кадар во рамките на Horizon и билатерални проекти, како и CEEPUS и Erasmus+ мобилности. Во таа насока, единиците на УКИМ, во референтната временска рамка на која се однесува овој извештај, биле посетени од значителен број на надворешни/странски наставници или експерти кои одржале гостински предавања или биле вклучени во изведување на наставата на одредена студиска програма. Еден од многуте релевантни примери за најдобри практики е **Меѓународната недела на Филозофскиот факултет**, која неколку години наназад се организира на почеток од летниот семестар, а како

гостински предавачи се поканети реномирани професори/истражувачи од областа на општествените и хуманистичките науки кои на студентите и наставниот/соработничкиот кадар им ги пренесуваат најновите сознанија и емпириски достигнувања од светската наука и практика.

**Прилози**

Сите прилози се наоѓаат во извештаите за самоеваулација на единиците во Стандард 2, индикатор 2.5.

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структурирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми, прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми).<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните, односно студиските програми.<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии), во последните пет години, за сите студиски програми. |

Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот преку системот на студирање на факултетот, кој е согласност со Болоњскиот процес и Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС). На овој начин, оптоварувањето на студентот со активности во установата е соодветно димензионирано за секој циклус (30 ЕКТС-кредити по семестар) и овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студирањето. Вкупниот број на кредити на прв циклус студии, кој трае четири години, изнесува 240 ЕКТС, додека на тригодишните додипломски студии изнесува 180 ЕКТС. Едногодишните постдипломски студии носат 60 ЕКТС, а двогодишните студии на втор циклус носат 120 ЕКТС. Интегрираните студии на прв и втор циклус на некои од единиците траат пет или шест години и носат 300/360 ЕКТС. Третиот циклус студии на сите единици на УКИМ траат три години и носат вкупно 180 ЕКТС.

Практичната настава е обврзно застапена во предметните програми на студиските програми на сите единици на УКИМ. Поради просторните ограничувања, преземени се кратки сегменти од поопширно елаборираните примери соопштени во извештаите на единиците. Така, на пример, поради специфичноста на профилот, една од единиците која особено се издвојува според високата реализација на практичната настава (во три форми: педагошка практика, методски хоспитации и педагошки стаж), е **Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“**. Меѓу единиците каде што е ставен силен акцент на практичната настава, се и **Архитектонскиот факултет**, **Градежниот факултет, Машинскиот факултет, Технолошко-металуршкиот факултет, Стоматолошкиот факултет, Медицинскиот факултет, Факултетот за ветеринарна медицина и Фармацевтскиот факултет,** каде што речиси за сите предвидени предмети од првиот и вториот циклус студии се реализира **практична настава**. На **Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“**, на пример, секоја од студиските програми вклучува и задолжителна реализација на **теренска настава** како најважна алатка за создавање на стручниот профил, која се валоризира по доставување на извештај или соодветен елаборат. На уметничките факултети (**ФМУ, ФДУ и ФЛУ**), спецификата на профилите налага и специфичен вид настава (**индивидуална и настава во мали групи**) која, на пример, на **Факултетот за музичка уметност** се спроведува индивидуално кога се работи за изучување на музичките инструменти. Индивидуална настава има и на **Факултетот за ликовни уметности**. Дополнително, фактот што за упис на уметничките факултети е потребно постоење извесно ниво на претходна подготвеност и талент, очекувано резултира со ограничен број студенти. Предноста овде е што индивидуалната настава и/или наставата во мали групи овозможува попродлабочен пристап кон проблематиката, приспособен на способностите на секој студент.

Практичната настава (практикантство) која се спроведува надвор од високообразовните институции, според најновата законска рамка, почнувајќи од учебната 2018/2019, не е задолжителна. Сепак, речиси сите единици на УКИМ организираат практична настава, која е соодветно валоризирана во вкупното оптоварување на студентот, регулирана со постапка или упатство за реализирање на практична настава и соодветна документација (извештаи, дневници итн.) и нејзината реализација редовно се следи. Студентите ја реализираат практичната настава во организациите /установите/компаниите со кои единицата има потпишано договор за изведување практична настава. На **Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“**, на пример, секоја од студиските програми вклучува и задолжителна реализација на теренска настава како најважна алатка за создавање на стручниот профил, која се валоризира по доставување на извештај или соодветен елаборат.

Покрај сето наведено, надворешните активности, како работилници, студентски конференции и конгреси, семинари, летни и зимски школи, феријална пракса, теренска настава, посета на значајни државни институции и локалитети, учество во научноистражувачки проекти, студентска размена – Erasmus итн., значително придонесуваат кон стекнувањето квалитетни знаења и надградувањето на вештините и компетенциите на студентите. Како еден од многуте примери во оваа насока е Меѓународната летна школа за архитектура во организација на **Архитектонскиот факултет**,

| |
|---|
| со која се поттикнува интересот на студентите за вонннаставни активности преку кои стекнуваат практични искуства во форма на акредитирани летни школи за архитектура и архитектонски работилници овде и во странство, валоризирани со 2 ЕКТС-кредита. |
| **Прилози**<br>Сите прилози се наоѓаат во извештаите за самоеваулација на единиците во Стандард 2, индикатор 2.6. |

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на веб-страницата на установата, кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб-страница каде што се објавени наведените информации. |

Сите информации за студиските програми на прв, втор и трет циклус студии се објавени на веб-страницата на УКИМ и на соодветните веб-страници на единиците на УКИМ и тие кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на наставниот јазик на кој се изведува програмата (македонски и/или англиски). Подетални информации можат да се најдат на линковите на секоја единица дадени во прилог.

**Прилози**
**Прилог 2.7.А** Веб-страници на УКИМ и на единиците на УКИМ
**2.7.А.1** Архитектонски факултет
**2.7.А.2** Градежен факултет
**2.7.А.3** Технолошко-металуршки факултет
**2.7.А.4** Машински факултет
**2.7.А.5** Факултет за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ)
**2.7.А.6** Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ)
**2.7.А.7** Правен факултет „Јустинијан Први"
**2.7.А.8** Економски факултет
**2.7.А.9** Филозофски факултет
**2.7.А.10** Филолошки факултет „Блаже Конески"
**2.7.А.11** Природно-математички факултет
**2.7.А.12** Факултет за ветеринарна медицина
**2.7.А.13** Факултет за земјоделски науки и храна (ФЗНХ)
**2.7.А.14** Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем"
**2.7.А.15** Медицински факултет
**2.7.А.16** Стоматолошки факултет
**2.7.А.17** Фармацевтски факултет
**2.7.А.18** Факултет за физичко образование, спорт и здравје (ФФОСЗ)
**2.7.А.19** Факултет за музичка уметност
**2.7.А.20** Факултет за драмски уметности
**2.7.А.21** Факултет за ликовни уметности
**2.7.А.22** Педагошки факултет „Св. Климент Охридски"
**2.7.А.23** Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер (ФДТМЕ)
**2.7.А.24** Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски"
**2.7.А.25** Институт за национална историја
**2.7.А.26** Институт за македонски јазик
**2.7.А.27** Институт за македонска литература
**2.7.А.28** Институт за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ)
**2.7.А.29** Економски институт
**2.7.А.30** Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС)
**2.7.А.31** Институт за сточарство и рибарство
**2.7.А.32** Земјоделски институт
**2.7.А.33** Институт за фолклор

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел тие да ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите што се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата, треба да се информираат сите засегнати | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата.<br>Индикатори и заклучоци.<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години, со информации за природата на измената и причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

| | |
|---|---|
| учесници. | |

Студиските програми периодично се ревидираат со цел да ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Според Законот за високото образование, се врши реакредитација на студиските програми на секои пет години. Сите единици на УКИМ континуирано ги следат и периодично ги ревидираат своите студиски програми со цел тие да ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница во рамки на законски предвидените рокови за акредитација, односно реакредитација на студиските програми. За сите промени, учесниците и засегнатите страни се навремено известени. Информациите за сите ревидирани студиски програми, како и за новововедените студиски програми се навремено објавени на веб-страниците на единиците и се достапни за сите заинтересирани страни. Постапката за акредитација – реакредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно со упатствата започнува една година пред истекот на тековната акредитација на соодветната студиска програма/и.

Иако на сите единици на УКИМ, во овој контекст, постојат примери за ревидирање на студиските програми, поради просторните ограничувања, преземени се кратки сегменти од поопширно елаборираните примери соопштени во извештаите на дел од единиците. Како илустрација, на пример, може да се издвои **Филолошкиот факултет „Блаже Конески“,** каде што со последната реакредитација (врз основа на претходна анализа на потребите на пазарот на труд) е воведена нова, интердисциплинарна студиска програма за применети јазици, ДАФЛС, во која се учат јазици, право, економија и информатички технологии, со цел да се изгради кадар што ќе може јазичните знаења да ги применува во пракса во повеќе области. Воведени се и пакети предмети со кои студентите од една катедра можат да ги прошират своите знаења и за други јазици со земање пакет предмети од други катедри. Исто така, воведени се и нови предмети за проширување на опсегот на вештините на студентите и нивна примена во повеќе области, како што е предметот Медиумска писменост/критичко читање. Исто така, на **Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“,** во поново време е оформена Лабораторија за ГИС, во која, за потребите на наставата и на науката, се разработуваат современи компјутерски апликативни програми од областа на шумарството и озеленувањето на животната средина, се прават истражувања со далечинска детекција (remote sensing) и сателитски снимки, како и се осознаваат можностите на LiDAR-технологијата и дроновите.

**Прилози**

Сите прилози се наоѓаат во извештаите за самоеваулација на единиците во Стандард 2, индикатор 2.8.

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (број на предмети кои се реализираат, број на студенти, оценки, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (број на предмети кои се реализираат, број на студенти, просечни оценки по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |

Единиците на УКИМ континуирано го следат бројот на студенти (новозапишани, испишани, дипломирани), просечни оценки, број и причини за испишување на студентите, т.е. напуштање на студиите итн. Статистичките податоци редовно и системски се анализираат, а потоа служат за донесување соодветни одлуки базирани на податоци. Секоја единица во рамките на овој индикатор, во својот извештај за самоевалуација ги има детално наведено бараните статистички податоци за последната академска година, од каде што може да се констатира дека постојат големи разлики меѓу единиците во бројот на запишани студенти. Со оглед на ограничениот простор, за илустрација ќе бидат прикажани само трите единици на кои во академската 2023/2024 година се запишале најголем број студенти. Ако се земе предвид дека на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во академската 2023/2024 година се запишани вкупно 4 800 студенти на прв циклус студии, 634 студенти на втор циклус студии и 217 студенти на трет циклус студии, од нив **најмногу запишани студенти** има на **Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ)** (вкупно: 998 на прв циклус, 76 на втор циклус и 9 на трет циклус студии), потоа на **Медицинскиот факултет** (вкупно: 790 на прв циклус, 55 на втор циклус и 65 на трет циклус студии) и на **Економскиот факултет** (вкупно: 535 на прв циклус, 42 на втор циклус и 12 на трет циклус студии). Во однос на бројот на **дипломирани студенти** во наведената временска рамка, на ФИНКИ вкупната бројка изнесува 331 студент, на Медицинскиот факултет – 435 студенти и 131 студент на Економскиот факултет. Бројката на **студенти кои се испишале** во текот на академската 2023/2024 година, на наведените три единици, е 56 студенти на ФИНКИ и 9 студенти на Економскиот факултет.

Сите информации за овој индикатор подетално можат да се најдат во приложените извештаи за самоевалуација и придружната документација за секоја од единиците на УКИМ на линковите подолу.

**Прилози**

Сите прилози се наоѓаат во извештаите за самоеваулација на единиците во Стандард 2, индикатор 2.9.

**ДЕТЕКТИРАНИ СЛАБИ СТРАНИ ОД СТРАНА НА НЕКОИ ОД ЕДИНИЦИТЕ ВО ОДНОС НА СТАНДАРД 2**

**ИНДИКАТОР 2.3.**

Неопходна е посилна вклученост на уметноста во економските процеси и посилна промоција од страна на институциите. Дополнително, неопходна е повидлива, појасно артикулирана вклученост на уметноста во општеството. Недостасува системски план за вклученост на дипломираните студенти (по завршувањето на студиите) во рамки на образовните/општествените/националните/музејските/конзерваторските и други институции, со цел појасна проекција на нивната креативна и општествено полезна иднина која би кореспондирала со економските динамики на општеството (**ФЛУ**). Во Извештајот на **Стоматолошкиот факултет** се истакнува дека е недоволна финансиската поддршка од ресорните министерства за развивање на едукативната и научната работа и сѐ уште се слаби можностите за поголемо вклучување на студентите во научноистражувачката работа (поради недостиг на средства и адекватно опремени лаборатории). На **Правниот факултет „Јустинијан Први“** не постојат посебно развиени извештаи, а ниту методологија за оцена на подобноста на наставните програми со потребите за развојните цели на општеството и економијата во РСМ.

**ИНДИКАТОР 2.4.**

Комуникацијата со студентите досега се одвивала без пишани записи во форма на записници или извештаи, па потребно е во иднина на соодветен начин да се документираат овие активности (**Градежен факултет**). На **Факултетот за драмски уметности,** студентите не се доволно вклучени во изработката на студиските програми. На **Природно-математичкиот факултет** не се водело формално документирање на средбите на Одборот за соработка и доверба со јавноста, со претставници од деловната заедница, професионалните комори и други релевантни институции.

**ИНДИКАТОР 2.5.**

На **Факултетот за ликовни уметности** не постои листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години. На **Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“**, размената со академски кадар од други академски центри од земјата и од странство е на релативно ниско ниво и е далеку под потребите. Студентската размена со други академски центри во земјата и во странство е присутна, меѓутоа под можностите, за што влијание има економската состојба во државата. Констатација на **Стоматолошкиот факултет** е дека како земја која не е членка на ЕУ, наставниците од Факултетот се ретко поканети како визитинг-наставници на еминентните факултети и универзитети.

**ИНДИКАТОР 2.7.**

на **Факултетот за драмски уметности,** веб-страницата, иако овозможува транспарентност и достапност до информации, е застарена, непрегледна и не нуди можност за поголема интеракција на наставниците и студентите, поради што Факултетот во мај 2024 година го почна нејзиното комплетно редизајнирање.

**ИНДИКАТОР 2.8.**

На **Факултетот за музичка уметност,** нема Комисија за настава и Одбор за соработка и доверба со јавноста. Процесот на ревизија на студиските програми на **Факултетот за драмски уметности**, особено во аналитичкиот дел, не е детално разработен/документиран што резултира во ограничена систематичност, односно потреба за негово подобрување во следниот период. Исто така, некои промени во наставните програми или воведување на нови студиски програми не може да се направат затоа што Факултетот не може да обезбеди финансии за соодветни просторни, технолошки услови и нов наставен кадар.

**ИНДИКАТОР 2.8.**

**Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ**) нема усвоено систематски начин на следење на статистичките податоци кои се однесуваат на: број на предмети кои се реализираат, број на студенти, просечни оценки и причини за напуштањето на студиите. Во споредба со останатите единици на УКИМ, Институтот има значително помал број на студенти и голем дел од предметните програми кои се достапни на Институтот (особено изборните) воопшто не се реализираат во изминатиот временски период;

## Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа. Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата. |

| | |
|---|---|
| студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

На секоја од единиците на УКИМ постојат јасно дефинирани надлежности наведени во статутот на единицата. Механизмите кои обезбедуваат процес на изведување на програмите на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во процесот на учење на единиците е обезбеден преку повеќе акти и документи – кои доследно се спроведуваат во практика. Во статутите на единиците (Прилог 3.1 од А.1 до А.33), како и во Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Прилог 1.1.В), јасно се дефинирани сите надлежности на засегнатите страни во доменот на изведувањето на наставата, кои според статутот во рамките на својата дејност, меѓу другото: остваруваат наставно-образовна, научноистражувачка и применувачка дејност; соработуваат при подготвувањето на студиските програми и програмите за истражувачка работа; даваат предлози и мислења на актите на единицата и на другите акти со кои се регулира наставно-образовниот процес; ги разгледуваат прашањата и проблемите што настануваат при реализирањето на студиските програми и ја насочуваат и усогласуваат високообразовната, научноистражувачката и применувачката работа; развиваат научни дисциплини, врз кои се темелат студиските програми и научните дисциплини со сродни или интердисциплинарни поврзани области; се грижат за пренесување на научноистражувачките достигнувања и новите знаења во наставно-образовниот процес и за нивно вклучување во студиските програми во трите циклуси на студии; развиваат современи педагошки методи; предлагаат мерки за унапредување на наставната, научноистражувачката и применувачката работа.

Воедно, на секоја од единиците на УКИМ постои јасно дефиниран систем на оценување кој е дефиниран во Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Прилог 1.3.А), како и во Правилата за студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – за секоја единица соодветно (Прилог 3.1.Б) Студентите редовно се информирани за правилата на студирање, студиските и предметните програми, начинот на оценување, испитните сесии и слично, преку информации поставени на веб-страниците на единиците, каде што детално се посочени и елаборирани правилата и стандардите со кои се утврдува квалитетот на наставата – меѓутоа и начините за учество на студентите во процесот на учење и наставата. Наведените механизми и начини на мотивирање на студентите активно да учествуваат во процесот на учење, одговара на природата на дисциплината – практична задача, проект, домашна работа, истражувачки есеј, презентации, семинарски, портфолија итн.

За трет циклус студии, механизмите за мотивирањето и информирањето на студентите за земање активно учество во процесот на учење и нивното оценување се дефинирани во Правилникот за условите за студирање на студиските програми на трет циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Прилог 1.3.Б), а се спроведуваат во процесот на интеракција на студентите и наставниците кои изведуваат настава на трет циклус студии.

**Прилози**

**Прилог 3.1.А** Статути на единиците на УКИМ кои се приложени како придружна документација во рамките на овој индикатор

**3.1.А.1 –** Статут на Архитектонскиот факултет во Скопје

**3.1.А.2 -** Статут на Градежниот факултет во Скопје

**3.1.А.3 –** Статут на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје

**3.1.А.4 –** Статут на Машинскиот факултет во Скопје

**3.1.А.5 –** Статут на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје

**3.1.А.6 –** Статут на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје

**3.1.А.7 –** Статут на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје

**3.1.А.8 –** Статут на Економскиот факултет во Скопје

**3.1.А.9 –** Статут на Филозофскиот факултет во Скопје

**3.1.А.10 –** Статут на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје

**3.1.А.11 –** Статут на Природно-математичкиот факултет во Скопје

**3.1.А.12 –** Статут на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје

**3.1.А.13 –** Статут на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје

**3.1.А.14 –** Статут на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" во Скопје

**3.1.А.15 –** Статут на Медицинскиот факултет во Скопје

**3.1.А.16 –** Статут на Стоматолошкиот факултет во Скопје

**3.1.А.17 –** Статут на Фармацевтскиот факултет во Скопје

**3.1.А.18 –** Статут на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје

**3.1.А.19 –** Статут на Факултетот за музичка уметност во Скопје

**3.1.А.20 –** Статут на Факултетот за драмски уметности во Скопје

**3.1.А.21 –** Статут на Факултетот за ликовни уметности во Скопје

**3.1.А.22 –** Статут на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје

**3.1.А.23 –** Статут на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје

**3.1.А.24 –** Статут на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје

**3.1.А.25 –** Статут на Институтот за национална историја во Скопје

**3.1.А.26 –** Статут на Институтот за македонски јазик во Скопје

**3.1.А.27 –** Статут на Институтот за македонска литература во Скопје

**3.1.А.28 –** Статут на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје

**3.1.А.29 –** Статут на Економскиот институт во Скопје

**3.1.А.30 –** Статут на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје

**3.1.А.31 –** Статут на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје

**3.1.А.32 –** Статут на Земјоделскиот институт во Скопје

**3.1.А.33 –** Статут на Институтот за фолклор во Скопје

**Прилог 3.1.Б** Одлуки за правила за студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за секоја од единиците на УКИМ може да се најдат во Прилог 4.1.А .

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде што е тоа возможно, како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно.<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми.<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (член 25, и останатите членови 26 – 31), се наведени и детално се елаборирани начините преку кои може да се изведува наставата (иако не се ограничува само на нив): предавања, вежби, консултации, семинарски работи, домашни задачи, проекти, теренска настава, курсеви и сл. Се остава флексибилност и за вклучување (лице во лице или виртуелно) на предавачи и гости од други високообразовни институции и институции во наставата. Дополнително, и во Правилата на студирање на прв и втор циклус студии (членови 32 – 51), јасно се наведени начините и механизмите, односно што може да биде предмет на оценување – колоквиуми, вежби, практична работа, презентација, теренска настава, проектна работа и многу други работи предвидени во предметната програма.
Деталните начини, пристапите и флексибилноста во учењето/наставата согласно со потребите на студентите се дефинирани во елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно. Тука јасно и детално за секоја студиска програма, меѓутоа и за секоја научна дисциплина посебно – елаборирани се пристапите во наставата. Се разбира, секој од овие механизми одговара на природата на студиската програма – практична задача, проект, домашна работа, истражувачки есеј, подготовка на литература, изведување на презентации, посебни вежби, определени курсеви итн.

Во соодветните статути на единиците на УКИМ, дополнително се утврдени надлежностите на единиците во доменот на изведувањето на наставата: ги разгледуваат прашањата и проблемите што настануваат при реализирањето на студиските програми; се грижат за пренесување на научноистражувачките достигнувања и новите знаења во наставно-образовниот процес и за нивно вклучување во студиските програми во трите циклуси на студии; развиваат современи педагошки методи; предлагаат мерки за унапредување на наставната, научноистражувачката и применувачката работа. Секоја студиска програма развива посебен пристап кон наставата, најсоодветен на содржините и програмата која треба да им ја пренесат на студентите, вклучувајќи и посебни и иновативни пристапи кон наставата.
Најголем дел од единиците користат и иновативни пристапи во наставата кои се стимулираат и поттикнуваат и од менаџментот на единиците – гости предавачи од практиката и другите научноистражувачки институции/организации во земјата и во странство, практични посети на терен и теренски предавања, виртуелни гостувања/предавања, студии на случај во наставата, користење на модерна технологија (видеа, електронски алатки, бази на податоци) во наставата, организирање на посебни курсеви на дополнителни теми и области од интерес за студентите, организирање на проектни активности од интерес на студентите и општеството итн.
Иако на сите единици на УКИМ, во овој контекст, постојат примери за иновативни пристапи во наставата, поради

ограничениот простор, во продолжение за илустрација се преземени кратки сегменти од извештаите на дел од единиците:

- На **Факултетот за физичко образование, спорт и здравје,** иновативноста во наставата се обезбедува преку: *Hudl Technique* – апликација која овозможува видеоанализа на движењата, со забавување на снимките и додавање на разни графики за анализа на техниката; *MyRun* – апликација за трчање која користи сензори за да ја следи техниката на трчање и да дава препораки за подобрување на формата и брзината; *Coach's Eye* – апликација која овозможува видеоанализа и повратни информации во реално време, со користење на забавување на видео и анализа на движењата; *Kinovea* – бесплатна програма која нуди основни алатки за анализа на движењата, со можност за мерење на агли и споредба на видеа; *MySwimPro* – апликација која овозможува следење на правилното изведување на техниката во пливањето; Carv – паметни сензори поставени на скијачките чевли за да ги следи аглите, притисокот и позициите на телото. Апликацијата дава повратни информации во реално време за подобрување на техниката и оптимизирање на скијачките движења; *HomeCourt* – апликација специјализирана за кошарка и користи вештачка интелигенција за да анализира и подобри техники, особено при шутирање и дриблинг. HomeCourt користи камера и вештачка интелигенција за детално автоматско следење на движењето, позицијата, аглите и висината на скоковите, брзината на движењата, прецизност на шутевите и детални насоки за корекција на техниката.
- На **Природно-математичкиот факултет** постои современа лабораториска опрема која во целост е ставена во функција на потребите на запишаните студенти. Во практичните вежби по астрономија и астрофизика, се користи програмскиот јазик Pyton, а на предметите на наставната насока, студентите можат да изработуваат виртуелни експерименти од сите области на физиката со користење на симулациите на PhET од Универзитетот во Колорадо, САД. Исто така, активно се користи компјутерската технологија, односно постојано инвестирање во имплементација на програмските пакети и компјутерските јазици како geogebra 2D и 3D, Matematica, Matlab, Visual Basic, како и R, како компјутерски јазик и софтвер за статистички пресметки и графика. На студиската програма Нутриционизам, воведена е техника на *обратна училница* (Flipped Learning), која засега се покажа како исклучително интересна за студентите. Се користи генетски анализатор за DNA-секвенционирање и секвенционатор од новата генерација (NGS) за потребите на студиите по молекуларна биологија кои се единствени во државата, со што лабораторијата е опремена за најсложени геномски анализи.
- **Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ)** има 20 лаборатории опремени со современа опрема кои овозможуваат изведување на лабораториски вежби, истражувања и проекти. Како пример може да се земе воведување нова опрема за тестирање (како што се: Xillinx, Basys 3 FPGAи Booleanразвојни плочки, каде што студентите можат практично да креираат хардверски решенија спремни за производство). Дополнително, се користат компајлери вградени во порталот за размена на материјали, преку кои студентите можат да ги проверат софтверските решенија. Во некои од предметите, покрај стандардната лабораториска опрема, се користат и виртуелни мерни околини ELVIS од производителот National Instruments, кои овозможуваат имплементација на виртуелни мерни инструменти кои работат со реални кола, компоненти и сигнали. Во предметот VLSI-дизајн со PLD и FPGA-компоненти се користат развојни платформи базирани на XilinxSpartan фамилијата, кои им овозможуваат на студентите лесно, со помош на програмски код, да испробуваат и да менуваат дизајни на хардверски склопови.
- На **Архитектонскиот факултет,** поради специфичниот карактер на наставата, континуирано се следи развојот на различни графички софтвери (Autocad, Archicad, BIM, 3DMax, Sketchup, Photoshop итн.) кои се користат за графичко претставување и визуелизација на проектите. Дополнително, сè повеќе студенти користат и современи технологии и алатки, особено во изработката на архитектонски модели (со употреба на CNC-машини за сечење, 3D-печатачи итн.). За таа цел, Архитектонскиот факултет има опремено лабораторија за 3D-печатење и лабораторија со опрема за компјутерска нумеричка контрола (CNC) за обработка на плочест материјал (метал, пластика, дрво, композит итн.).
- На **Филолошкиот факултет „Блаже Конески“** се користат низа иновативни пристапи во наставата, како на пример: употреба на Wordwall и ALMA.tv (https://www.almaedizioni.it/alma-tv/),содржини од youtube.com и Oggi in aula од Casa delle lingue edizioni (cdl-edizioni.com), Nuovo Espresso од Alma edizioni (www.almaedizioni.it), подкаст од Loecher (loescher.it), Matdid (matdid.it) за италијанистика; *пишување на рефлексивен есеј*;*употреба на техники од уметноста*, како што се актерски сцени и игри, преобмислувања на книжевни дела или случки од наставата, пишување авторски дела, создавање слики, скулптури, видеа и други уметнички перформанси; *пишување на интерпретативни есеи*, применувајќи концепти од теориската литература; *изработка на наставно видео* Reinventing the AXB task, во кое се разработуваат задачи за перцептивна обука за подобрување на изговорот на англискиот јазик при што се користат онлајн речници, интернетски апликации и јазични корпуси итн.
- На **Филозофскиот факултет,** иновативноста во наставата се обезбедува преку повеќе различни пристапи. Меѓу нив се, на пример: *дебатирање in utramque partem* или водење „судски спор“ на дадена филозофска тема/проблем/дело; *користење мисловни експерименти* (Бродот на Тезеј, Кинеска соба, Прстенот на Гиг, Проблемот на трамвајот, Томсоновиот виолинист, „Оние кои си заминуваат од Омелас“ од У. Ле Гвин, „Случајот на пештерските истражувачи“ на Л. Фулер, Спасување на најважната книга на светот); *Користење на апликациите Poll Everywhere за концептуално мапирање* на одредена дисциплина преку едукативни игри, квизови и бура на идеи; *виртуелни музеи, локалитети, реконструкции и 3Д-испечатени модели* во наставата по археологија, подготовка и *спроведување на психолошки*

*експерименти*; *изработка на маркетинг-стратегии; развивање на медиумска култура*; *инклузивна пракса; дефектолошка пракса* итн.

- На **Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ),** освен модерно опремените училници и лаборатории со капацитет од повеќе од 250 компјутери за изведување на предавања, вежби и практична настава, се користи и онлајн платформа (https://courses.finki.ukim.mk) за реализација на наставата со висок капацитет која овозможува не само видеопренос во живо на голем број учесници, туку и интеракција преку виртуелни табли и училници и интегрирани прашалници во реално време. Оваа платформа овозможува испраќање на соопштенија кои ги засегаат сите студенти, поставување на форуми за дискусии на теми важни за студентите, како и учество во анкети, како што е изборот на најдобар студент, пријавување за следење подготвителна настава и слично, со што значително се олеснува комуникацијата и се подобрува инклузивноста. Дополнително, се објавуваат огласи за пракси и вработувања, што овозможува студентите да останат информирани за можности за професионален развој. Во наставата редовно се вклучени и гостински традиционални или виртуелни предавања од експерти од земјата и од странство.
- На **Факултетот за ветеринарна медицина,** согласно со еден од принципите на ЕАЕVE, „никогаш прв пат на живо животно“, развиена е Лабораторија за клинички вештини, во која постојат голем број модели на животни преку кои можат да се симулираат различни клинички состојби кај животните и клинички операции, што им овозможува на студентите да стекнат клинички вештини и искуство пред да ги применат во пракса.
- На **Факултетот за драмски уметности** се реализираат предиспитни настапи во средни училишта и други простори, настап на античкиот македонски театар во Стоби и Скупи, како и видеоснимки од настапите и испитите кои се достапни за јавноста. Се применува и интердисциплинарен метод – создавање на тимови кои претставуваат свој проект, со претставници од различни катедри – режија, камера, монтажа и продукција. На тој начин, на студените им се овозможува да се запознаат со професионалци од областа, како и запознавање со телата на финансирање на филмски проекти.
- На **Правниот факултет „Јустинијан Први“**, на пример, наставата на предметот Казнено право на студиската програма Правни студии е интегрирана со работата на Центарот за правна клиничка едукација по казнено право. Имплементацијата на овој предмет, покрај стандардните предавања, вклучува и модел на практична настава во која студентите се директно вклучени во нудење на правна помош на вистински случаи на судски спорови. Во овој процес на иновативна клиничка едукација, студентите работат заедно со истакнати адвокати и стручњаци од практиката преку кои се стекнуваат со примарни искуства од реалниот живот и предизвиците на правната професија. Уште еден пример е користењето на напредни модели на симулации (role playing) на предметите Политички систем (студиска програма: Правни студии) и Современи политички системи (студиски програми: Политички студии и Односи со јавноста), каде што студентите имаат можност да спроведат симулација на елементи на политичкиот систем на Обединетото Кралство и на политичкиот систем на Соединетите Американски Држави.

**Прилози**

Сите елаборати за студиските програми на прв, втор и трет циклус студии, за секоја единица на Универзитетот. Елаборатите се наоѓаат во извештаите за самоеваулација на единиците во Стандард 2, индикатор 2.2.

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study), приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости.<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Наставата на единиците на УКИМ се темели, во голем степен, врз интерактивно учење, учење ориентирано кон студентот и врз развојот на неговите вештини и компетенции. За секоја посебна студиска програма се елаборирани целите, компетенциите и вештините кои треба да ги обезбеди, како и начините на кои се реализираат целите на програмата.
Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, наведени се и детално се елаборирани начините преку кои може да се изведува наставата, меѓу кои се вбројуваат: предавања, вежби, консултации, семинарски работи, домашни задачи, проекти, теренска настава, курсеви и сл. Се остава флексибилност и за физичко или онлајн вклучување на предавачи и гости од други високообразовни институции и институции во наставата на Факултетот.
Понатаму, во Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии, јасно се наведени начините и механизмите, односно што сè може да биде предмет на оценување – тестови (колоквиуми), вежби, практична работа, презентација, теренска настава, проектна работа, изложби и други работи предвидени во предметната програма. Сите овие можности се користат од страна на единиците на УКИМ, и тоа од секоја посебна студиска програма согласно со нејзините специфики – каде што се става посебен фокус на интерактивноста и интердисциплинарноста на пристапите – студиите на случај се користат во секоја од студиските програми.
Деталните пристапи кои се користат во наставата каде што може да се види интердисциплинарноста и активното учество на студентите, како и фокусот во обезбедување знаења и вештини, презентирани се во елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно.
Меѓу примерите на можности за изведување на наставата и пристапи на учење, можат да се набројат: теренска работа, практична задача, проект, домашна работа, истражувачки есеј, подготовка на литература, изведување на презентации, посебни вежби, определени курсеви, гости предавачи од практиката и другите научноистражувачки институции/организации во земјата и во странство, практични посети на терен и теренски предавања, виртуелни гостувања предавања, студии на случај во наставата, користење на модерна технологија во наставата, организирање на посебни курсеви на дополнителни теми и области од интерес за студентите, организирање на проектни активности од интерес на студентите и општеството, посета на соодветни компании работа на конкретни проблеми/предизвици итн.
Како илустрација на добар пример може да се наведе извадок од Извештајот на **Правниот факултет „Јустинијан Први“,** каде што предметот Дипломатско и конзуларно право, студентите го слушаат како задолжителен предмет во рамки на студиската програма од втор циклус – Меѓународно јавно право, меѓународно приватно право, меѓународни односи и право на ЕУ. Во имплементацијата на предметот се користат студии на случај при разработка и елаборација на обврските на државите по однос на дипломатско-конзуларните претставништва. Во рамки на овој предмет, студентите разработуваат случаи, како, на пример, случајот на дипломатските и конзуларните службеници на САД во Техеран (United States Diplomatic and Consular Staff in Tehran – United States of America v. Iran) пред Меѓународниот суд на правдата или случајот на политички азил на Жулијан Асанж во Амбасадата на Република Еквадор во Лондон, Обединетото Кралство. Уште еден добар пример за следење на наставата и постапување по слабости е адаптирањето на новиот курикулум на студиската програма Новинарство, кое во учебната 2023/2024 година се спроведе во рамките на проектот „Empowering Future Journalists: Advancing Media Education and Fostering Innovation in North Macedonia“, кој е поддржан од Амбасадата на САД во Северна Македонија, а во партнерство со Walter Cronkite School of Journalism and Mass Communication од Државниот универзитет во Аризона (Arizona State University).

**Прилози**
Сите елаборати за студиските програми на прв, втор и трет циклус студии, за секоја единица на Универзитетот.
Елаборатите се наоѓаат во извештаите за самоеваулација на единиците во Стандард 2, индикатор 2.2.

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми, со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Во акредитираните елаборати за сите студиски програми единиците на УКИМ, кои ги содржат деталните предметни програми (силабуси), наведени се е и методите за оценување и испитување на студентите. Кај најголемиот дел од предметите се применува сложен систем за евалуација на студентската работа кој, покрај стандардните алатки за проверка на знаењето, вклучува индивидуална научноистражувачка работа што се реализира континуирано во текот на семестарот. Оценувањето и испитувањето во повеќето предмети се базираат на комбинација од најмалку два метода за вреднување, како што се: тестови, индивидуални или групни, проектни задачи, учество на часовите, самостојни семинарски задачи, презентации, лабораториски вежби, есеи, портфолија и слично. За илустрација, на Факултетот за музичка уметност, оценувањето и испитувањето на студентите по студиската програма за инструмент, камерна музика, облигат пијано се изведуваат комисиски. Воедно, во текот на семестарот, за да пристапи секој студент кон испитот по инструмент, има задолжителна обврска да реализира продукција по инструментот каде што мора да изведе нова програма која не смее да биде повторена на испитот по истиот инструмент (ова е пример за индикаторот 3.6.).
За извештајниот период, секоја од единиците има направена анализа на начините на оценување за сите предмети на прв

| |
|---|
| и втор циклус во учебната 2023/2024 година, како и преглед на методите на оценување и испитување на студентите (во %) на ниво на установа. Подеталните статистички податоци се прикажани во поединечните извештаи за самоевалуација на секоја од единиците, кон кои може да се пристапи на линковите подолу. |
| **Прилози**<br>Сите елаборати за студиските програми на прв, втор и трет циклус студии, за секоја единица на Универзитетот. Елаборатите се наоѓаат во извештаите за самоеваулација на единиците во Стандард 2, индикатор 2.2. |

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб-страница или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

| |
|---|
| Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (член 40 до член 56), како и во Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии (членови 21 – 30), јасно се наведени и детално се елаборирани предметот на оценување (колоквиуми, вежби, практична задача, семинарски трудови, есеи, проекти итн.), процесот на пријавување и изведување на испитот, испитните рокови, јавноста на испитот, изведувањето на оценки по испитите, поднесувањето на приговори и постапувањето по нив, комисиско полагање, завршно оценување, а наведени се и обврските на засегнатите страни во целиот процес на оценување. Целата оваа рамка на оценување/вреднување е доследно почитувана од вработените единиците, и тоа во секоја посебна студиска програма согласно со нејзините специфики.<br>Според објавените податоци за студиските програми на прв, втор и трет циклус, на веб-страницата на секоја единица посебно, кои одговараат на елаборатите на студиските програми, за секој предмет е истакнат начин (метод) на оценување, каде што е прикажано колкав процент од поените според кои се формира оценката по предметот се добиваат од: тестови, семинарска работа/проект, активност и учење и завршен испит. Даден е критериум за формирање на оценката според добиените поени и дефинирани се условите за добивање на потпис и полагање на завршен испит. Дополнително, за студиите на прв циклус, даден е детален опис за начинот на полагање на испитот во кој описно е објаснето како се одвива целиот процес на полагање и оценување. |
| **Прилози**<br>Сите елаборати за студиските програми на прв, втор и трет циклус студии, за секоја единица на Универзитетот. Елаборатите се наоѓаат во извештаите за самоеваулација на единиците во Стандард 2, индикатор 2.2. |

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба, се поврзани со совети за понатамошниот процес на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е приспособен на целите на предметите. Онаму каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оценки постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година, за последните пет години (доколку е применливо).<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето.<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето.<br>Примери на предмети каде што оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

| |
|---|
| Постои детална регулатива (акти) кои ја регулираат областа, а достапни се и информации, детални објаснувања за методите на оценување, вреднување и различните пристапи/алатки кои се користат за секоја студиска програма.<br>Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со сите процедури. Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (член 40 до член 56), како и во Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии (членови 32 – 51), јасно се наведени и детално се елаборирани предметот на оценување (колоквиуми, вежби, практична задача, семинарски трудови, есеи, проекти итн.), процесот на пријавување и изведување на испитот, испитните рокови, јавноста на испитот, изведувањето на оценки по испитите, поднесувањето на приговори и постапувањето по нив, комисиско полагање, завршно оценување, а наведени се и обврските на засегнатите страни во целиот процес на оценување. Целата оваа рамка на оценување/вреднување е доследно почитувана од сите единици на УКИМ, и тоа во секоја посебна студиска програма согласно со нејзините специфики. За илустрација, на **Факултетот за музичка уметност**, оценувањето и испитувањето на студентите по студиската програма за инструмент, камерна музика, облигат пијано се изведува комисиски. Воедно, во текот на семестарот за да пристапи секој студент кон испитот по инструмент, има задолжителна обврска да реализира продукција по инструментот каде мора да изведе нова програма која не смее да биде повторена на испитот по истиот инструмент.<br>Деталните начини/пристапи во оценувањето (по секоја студиска програма) се презентирани во елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно. Тука јасно и детално за секоја студиска програма, меѓутоа и за секоја научна дисциплина посебно – се елаборирани пристапите во оценување на студентите, како и нивната приспособеност согласно со целите на секој посебен предмет.<br>Студентите редовно се известуваат за нивните резултати по завршување на испитот согласно со Правилата за студирање |

| |
|---|
| член 34. Резултатите се достапни на огласна табла, а задолжително се евидентираат и во електронскиот систем на факултетите iKnow. |
| **Прилози**<br>Сите елаборати за студиските програми на прв, втор и трет циклус студии, за секоја единица на Универзитетот.<br>Елаборатите се наоѓаат во извештаите за самоевaулација на единиците во Стандард 2, индикатор 2.2. |

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба, вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата.<br>Приказ на поднесени жалби на студенти, вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години, со процент на позитивно и негативно решени жалби.<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

| |
|---|
| Системот и процедурите за поднесување на жалби, пријави за корупција и други видови поплаки ги следат строго поставените процедури и постапки за жалби и пријавување корупција дефинирани во Законот за заштита на укажувачите (Службен весник на Република Македонија бр. 196/2015 и бр. 35/18) (Прилог 3.7.А), Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор (Прилог 3.7.Б), а посебно во деталната Процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите која е објавена на веб-страницата на секоја единица на УКИМ (Прилози од 3.7.В.1 до 3.7.В.33). Во оваа процедура е пропишана целата постапка за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање на мерки за обезбедување и заштита на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачите и на пријави од укажувачи со примена на прописи за заштита на лични податоци.<br>По доставување на секоја пријава и по завршување на секоја постапка, овластеното лице составува извештај за исходот од постапката, како и за преземените/предложените мерки за отстранување на противправните дејствија по пријавата и на штетните последици по укажувачот, настанати во врска со внатрешното пријавување. Извештајот се заверува и се архивира исто како и пријавата за постапката. Овластеното лице е задолжено да изготвува полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи и нив ги доставува до Државната комисија за спречување на корупција.<br>Секоја од единиците, во согласност со регулативата, има јавно поставено и овластено лице за прием на пријави од укажувачи. |
| **Прилози**<br>**Прилог 3.7.А** Закон за заштита на укажувачи (Службен весник на Република Македонија бр. 196/2015 и бр. 35/18)<br>**Прилог 3.7.Б** Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор<br>**Прилог 3.7.В** Веб-страници на УКИМ и на единиците на УКИМ |

**ДЕТЕКТИРАНИ СЛАБИ СТРАНИ ОД СТРАНА НА НЕКОИ ОД ЕДИНИЦИТЕ ВО ОДНОС НА СТАНДАРД 3**

**ИНДИКАТОР 3.1.**

Недостатокот на материјални средства за изведување на теренска настава е главен предизвик во наставно-образовниот процес на **Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“**.

## Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето.;<br>Линк до веб-страница на објавата. |

Единиците на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје соодветно ги спроведуваат однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето.
Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 417/2019 година) јасно ги утврдува сите релевантни аспекти за условите, критериумите, правата и постапките за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус (постдипломски студии), како и на интегрираните студии од првиот и вториот циклус на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 1.3.А).
Со одлуките на одделните единици на Универзитетот за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 4.1.А), подетално се образложени и уредени: услови за запишување и заверување семестар, активирање изборни предмети, изведување настава, проверка на знаење според европскиот кредит-трансфер систем, напредување за време на студиите, изработка на дипломски и магистерски труд, премин од една на друга студиска програма и премин од други факултети и универзитети, завршување на студиите, признавање на испитите и другите образовни активности положени на различни образовни установи, вид на исправи кои му се издаваат на студентот врз основа на евиденцијата определена во Законот за високото образование, заштита на правата на студентите, органи надлежни за водење на постапките и одлучување, дисциплинска одговорност и права и должности на студентите во дисциплинската постапка и други права и должности на студентите. Со цел да се овозможи напредување на студентите на прв циклус студии, на **Природно-математичкиот факултет** е донесена Одлука за утврдување на условите и постапката за стекнување со статус на особено успешен студент и условите за напредување на студентот (Прилог 4.1.Ѓ)
Докторските студии се организирани од Школата за докторски студии на УКИМ, во согласност со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530, 31 декември 2020). На веб-страницата на УКИМ може да се најдат повеќе детали за организацијата на студиите, вклучувајќи го Правилникот за студирање на трет циклус студии (Прилог 1.3.Б), структурата на студиските програми на трет циклус студии (Прилог 4.1.Е) и водичот за студирање (Прилог 4.1.Ж), со кои се регулираат организацијата, постапката, координацијата и реализацијата на докторските студии, потоа условите и начинот на запишување на студентите, структурата на студиите, постапката на пријавување, изработка и одбрана на докторскиот труд, како и називот на научниот степен доктор на науки.
Единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги почитуваат сите позитивни законски прописи кои се однесуваат на студирањето и издавањето на диплома, додаток на диплома и уверение за завршена студиска програма, почнувајќи од Законот за високото образование сè до правилниците кои ја регулираат оваа материја. Информациите за сите фази од студирањето се објавуваат навремено на веб-страниците на единиците на УКИМ (Прилог 2.7.А), а податоците се ажурираат согласно со последните измени во законските и подзаконските акти и потребите на студентите.
Сите прописи се јавно достапни на линковите дадени во прилозите.

**Прилози**

**Прилог 4.1.А** Одлуки на одделните единици на Универзитетот за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Прилог 4.1.А.1** Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје

**Прилог 4.1.А.2** Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Градежен факултет - Скопје

**Прилог 4.1.А.3** Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје

**Прилог 4.1.А.4** Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет - Скопје

**Прилог 4.1.А.5** Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет - Скопје

**Прилог 4.1.А.6** Одлука за правила на студирање на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, Универзитетски гласник бр. 539, 17 март 2021 год.

**Прилог 4.1.А.7** Одлука за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје

**Прилог 4.1.А.8** Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје

**Прилог 4.1.А.9** Одлука за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје – Стоматолошки факултет – Скопје

(Универзитетски гласник бр.557/21)
**Прилог 4.1.А.10** Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Технолошко-металуршки факултет – Скопје
**Прилог 4.1.А.11** Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветерина медицина – Скопје
**Прилог 4.1.А.12** Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје
**Прилог 4.1.А.13** Одлука за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за драмски уметности – Скопје
**Прилог 4.1.А.14** Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информацисики технологии - Скопје
**Прилог 4.1.А.15** Одлука за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
**Прилог 4.1.А.16** Одлука на ФИНКИ за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии
**Прилог 4.1.А.17** Одлука за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ликовни уметности - Скопје
**Прилог 4.1.А.18** Одлука за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за музичка уметност - Скопје
**Прилог 4.1.А.19** Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за физичко образование, спорт и здравје – Скопје
**Прилог 4.1.А.20** Одлука за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје
**Прилог 4.1.А.21** Одлука за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Фармацевтски факултет – Скопје
**Прилог 4.1.А.22** ОДЛУКА ЗА ПРАВИЛА НА СТУДИРАЊЕ на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Скопје
**Прилог 4.1.А.23** Одлука за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филолошки факултет „„Блаже Конески“ – Скопје
**Прилог 4.1.А.24** Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт - Скопје
**Прилог 4.1.А.25** Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Земјоделски институт
**Прилог 4.1.А.26** Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија
**Прилог 4.1.А.27** Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје
**Прилог 4.1.А.28** Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за сточарство - Скопје
**Прилог 4.1.Б** Одлука за висината на надоместоците за извршени образовни, административни и други услуги што ги плаќаат студентите на УКИМ ХЕФ
**Прилог 4.1.В** Одлука за утврдување на рок за завршување на студиите на втор циклус студии на ПМФ
**Прилог 4.1.Г** Одлука за утврдување на цената на еден ЕКТС-кредит за втор циклус студии на ПМФ
**Прилог 4.1.Д** Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на цената на еден ЕКТС кредит за втор циклус студии на ПМФ
**Прилог 4.1.Ѓ** Одлука за запишување од 36 до 40 ЕКТС-кредити на Природно-математички факултет - Скопје
**Прилог 4.1.Е** Структура на студиските програми на трет циклус студии
**Прилог 4.1.Ж** Водич за студирање за трет циклус студии

| | |
|---|---|
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот.<br>Доказ дека системот е функционален. |

Студиите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се остваруваат според правилата за студирање засновани на европскиот кредит-трансфер систем на пренос и акумулација на кредити – ЕКТС. Студентот

потребниот број кредити го остварува преку континуирано или завршно оценување на сите активности предвидени со предметната програма.
Следењето и водењето на евиденција на напредокот на студентите се врши согласно со дефинираната рамка во Законот за високото образование (Прилог 1.1.А), Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 1.3.А) и одлуките за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на одделните единици на Универзитетот (Прилог 4.1.А).
Согласно со Законот за високото образование (член 159), даден во Прилог 1.1.А, на високообразовните установи се водат:

- матична книга на запишани студенти,
- главна книга на дипломирани студенти, и
- досие на секој студент.

Формата и начинот на водењето (во материјална и електронска) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование. Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломираните студенти се документи од трајна вредност. Во согласност со наведените прописи, се води студентско досие во хартиена и електронска форма, каде што јасно може да се видат сите активности поврзани со напредокот на студентот низ студирањето.
Воспоставениот електронски систем на евиденција – iKnow-системот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, овозможува евиденција на напредокот на студентите, како и следење на нивните активности низ процесот на студирање (Прилог 4.2.А). Секој вработен како дел од наставниот кадар и од Одделението за студентски прашања, по безбедносна автентикација, може да пристапи до информации за своите активности и напредокот на студентите согласно со привилегиите кои му се доделени, обезбедувајќи соодветна заштита и безбедност на податоците. Пристап до личното досие на iknow.ukim.edu.mk има и секој регистриран студент, и може да го следи својот личен напредок. Системот е функционален и безбеден, со барање за редовна промена на лозинките на секои 30 дена за сите корисници.
Платформата за учење е-курсеви при **Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ)** им овозможува на студентите да ги следат активностите во врска со реализација на курсевите на додипломски и магистерски студии, како и информациите од општ карактер. Платформата за учење обезбедува интерактивно учење и следење на напредокот на студентите преку дигитални ресурси, задачи и испити (Прилог 4.2.Б).
**Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ)** ја користи платформата courses за електронско учење (Прилог 4.2.В). Овие алатки овозможуваат детално следење на активностите на студентите, вклучувајќи упис на предмети, присуство, активности во текот на студиите и резултати од испити.
Напредокот на студентот **Стоматолошкиот факултет** го следи и преку ILEARN-системот (информации поврзани конкретно со испитните сесии, распоред за полагање, објава на резултати и сл.), избор на одговорен наставник за секој предмет во текот на семестарот/ годината и следење на резултатите од компјутерското полагање на испитите во Компјутерскиот центар на Факултетот (Прилог 4.2.Г).
Во рамки на процесите за дигитализација на **Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС)**, развиена е и интерната алатка е-студент која овозможува увид во состојбата и процесот на студирање на студентите од втор и трет циклус студии. Врз основа на прегледите кои ги генерира, може да послужи и како „data-provider” за носење на системски решенија поврзани со процесот на едукација на ИЗИИС. Системот има повеќе креирани функционалности. Како надополнување на е-студент, од страна на службите на ИЗИИС, се креира е-архива која обезбедува систематизација и архивирање на документацијата во електронска форма за секој студент одделно (Прилог 4.2.Д) – Влезен прозорец и прозорец за прегледи од интерната алатка е-студент).

**Прилози**
**Прилог 4.2.А** Електронскиот систем за евиденција на напредокот на студентите Iknow
**Прилог 4.2.Б** Платформата за учење е-курсеви на ФЕИТ
**Прилог 4.2.В** Платформата за учење е-курсеви на ФИНКИ
**Прилог 4.2.Г** Е-учење – Стоматолошки факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
**Прилог 4.2.Д** Влезен прозорец и прозорец за прегледи од интерната алатка е-студент – ИЗИИС






| | |
|---|---|
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето.<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење, вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |

Постапката за признавање на периодите на студирање и претходно учење, вклучувајќи го формалното и неформалното образование на студентите за време на студиите е уредена со Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и бр. 58/2024) (Прилог 1.1.А) и одлуките за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на одделните единици на Универзитетот. (Прилог 4.1.А). Во нив попрецизно се регулирани: условното напредување на студентите, мирувањето на обврските на студентот, измената на студиската програма, продолжувањето на студиите по прекинување, преминот од едни на други студиски програми, преминот од друга единица на Универзитетот или од други универзитети од земјата и од странство, признавањето на испитите и другите образовни активности реализирани на различни образовни установи, паралелното студирање, интердисциплинарното и индивидуалното студирање.

Така, на пример, студентите на **Филозофскиот факултет,** кои не успеале да ги завршат студиите во предвидените рокови, имаат право да ги завршат започнатите студии со поднесување барање за продолжување на студии и еквиваленција на положени предмети. За таа цел, Наставно-научниот совет донесува Одлука за еквиваленција на студиски програми (Прилог 4.3.А). Студентот ги продолжува студиите по студиската програма која се применува.

Најчест облик на признавање е признавањето на кредити од положени испити и други активности при премин од една студиска програма на друга или од претходна во постојна програма за студенти кои од одредени причини не ги завршиле навремено студиите. За предмети на прв циклус студии од претходна и постојна програма кои имаат ист назив и број на кредити се донесува административна одлука за признавање во Одделението за студентски прашања. По барање на студентот, Одделението за студентски прашања ја доставува поднесената документација (индекс, уверение, програма) до колегиумот или советот на студиската програма, каде што предметниот наставник одлучува за признавање на предметот и се врши еквиваленција (Прилог 4.3.Б). Во однос на признавање на формалното учење на трет циклус студии, постојат повеќе случаи на признавање кои во најголем дел се по барање за признавање на докторандите кои имале завршени двогодишни магистерски студии. Согласно со барањето, Советот на студиската програма за докторски студии има донесено одлуки за признавање на предвидените испити од прва година на докторските студии.

Во рамките на студиите од втор циклус, во академската 2021/2022 година, по барање од Министерството за образование, **Факултетот за драмски уметности** го прифати преминувањето на студентите запишани на Јавната научна установа „Институт за филм – Филмска академија“ – Охрид (ЈНУ ИФФА) и продолжувањето на студиите на тие студенти на ФДУ, заради реализација на студиската програма на студентите, односно за заокружување на започнатите студии на студентите кои веќе биле запишани и студирале на студиските програми на ЈНУ ИФФА, на соодветните студиски програми од втор циклус (3+2) на ФДУ. Заклучно со 2023/2024, од преземените студенти, еден кандидат ја одбрани магистерската теза, додека деветмина ја имаат пријавено и одобрено темата од ННУС и работат на магистерската под менторски надзор.

Информациите за определени образовни активности, како и реализирана мобилност, се евидентира во студентското досие (во материјална и електронска форма), кое според Законот за високото образование (Прилог 1.1.А), Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 1.3.А) и одлуките за правила на студирање на прв и втор

циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на одделните единици на Универзитетот (Прилог 4.1.А) се води за секој студент. Во студентското досие се евидентираат сите образовни активности и мобилност.
Постојат посебни процедури и евиденција на пријавите и реализираната мобилност на студентите, посебно оние што се однесуваат на **ЕРАЗМУС + програмата**. Во рамки на оваа програма, УКИМ секоја година распишува конкурс за доделување стипендии за студенти за студиски престој на високообразовните институции во ЕУ, со кои УКИМ има потпишано билатерални договори. Како значајна платформа за академска мобилност, програмата им овозможува на студентите и наставниот кадар да стекнат нови искуства, да ги продлабочат своите знаења и да изградат меѓународни академски врски.
На објавениот конкурс ЕРАЗМУС+ Акција 1: Индивидуална мобилност за студенти и наставен кадар за академската 2023/2024 година, од вкупно 66 пријавени студенти од единиците на УКИМ, 62 студенти биле номинирани, а 53 студенти успешно реализирале мобилност на европски универзитети во текот на летниот семестар. Од вкупниот број на селектирани студенти од страна на партнерските универзитети, 42 се студенти на прв циклус студии, 9 на втор циклус студии, а 2 се студенти на трет циклус студии. Од нив, 6 се студенти од Економскиот факултет, 24 студенти од Медицинскиот факултет, 2 студента од Правниот факултет „Јустинијан Први“, 5 студенти од Факултетот за информациски науки и компјутерско инженерство, 1 студент од Факултетот за електротехника и информациски технологии, 2 студента од Факултетот за ликовни уметности, 5 студенти од Фармацевтскиот факултет, 1 студент од Филозофскиот факултет, 5 студенти од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и 2 студента од Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (Прилог 4.3.В).
По завршувањето на периодот на мобилност, одделните единици на УКИМ на различен начин ги признаваат реализираните активности. Така, на **Економскиот факултет** постои Комисија за признавање на испити, која донесува предлог-заклучок за нивно признавање, а кое го потврдува деканот со издавање на решение (Прилог 4.3.Г). Испитите на студентот му се признаваат со износот на ЕКТС-кредити на предметот во рамките на матичниот факултет. Студентите кои остваруваат мобилност во рамки на Факултетот се под директна надлежност на Одделението за меѓународна соработка на УКИМ, а добиваат поддршка од Канцеларијата за меѓународна соработка на Факултетот.
Од друга страна, Наставно-научната комисија на **Факултетот за електротехника и информациски технологии,** заедно со предметните наставници, ги проверува можностите и врши еквиваленција за предметите чии наставни програми се соодветни, додека на **Факултетот за ликовни уметности** функционира Комисија за еквиваленција, односно пренос на оценки, составена од наставен кадар.
Во изминатиот период, од страна на Универзитетот, **Архитектонскиот факултет** добива едно место за студентска размена во рамките на Erasmus+ програмата, за кое секогаш постои интерес помеѓу студентите. По завршената мобилност, Наставно-научната комисија на Факултетот, заедно со предметните наставници, ги проверува можностите и врши еквиваленција за предметите чии наставни програми се соодветни.
Во академската 2023/2024 година, тројца студенти на **Филозофскиот факултет** реализирале мобилност во рамки на ЕРАЗМУС + програмата, при што на двајца им се признати 28, односно 25 кредити, соодветно (Прилог 4.3.А).
Во периодот од 2020 до 2024 година, вкупно 20 студенти реализирале мобилност поддржани од различни инструменти на програмата, од кои на шестмина им е признато формалното образование стекнато со мобилноста.
Во периодот од 2020 до 2024 година, тројца студенти на **Природно-математичкиот факултет** реализирале студиски престој преку Erasmus + програмата (Прилог 4.3.Д). Во изработката на решенијата за еквиваленција на предмети и кредити, Телото за меѓународна мобилност на Факултетот соработува со координаторите на студиските програми.
Во учебната 2023/2024 година, тројца студенти на прв циклус студии на **Факултетот за земјоделски науки и храна** имаат реализирано мобилност во рамките на **CEEPUS-програмата** (формално образование) и практиканство (неформално образование) на Faculty of Agriculture and Life Sciences, Универзитет во Марибор, Словенија и Факултет за агробиотехнички науки „Јосип Јурај Штросмаер“, Универзитет во Осиек, Хрватска. Студентска мобилност во рамките на CEEPUS е остварена од студент на втор циклус студии на **Институтот за македонски јазик**, кој престојувал на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, студиска програма: Компаративна книжевност и литературна теорија.
Студентите на **Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство,** кои имаат реализирано активности од неформално образование, можат да доставаат барање за признавање на нивното образование до Деканатската управа на Факултетот. По добиено позитивно мислење од Деканатската управа на Факултетот, одлука за признавање на неформалното образование се носи на Наставно-научниот совет на Факултетот. На студентите може да им бидат признаени најмногу 6 ЕКТС-кредити во текот на студирањето (Прилог 4.1.А.14, член 53.). (Прилогот 4.3.И) содржи листа на студенти на кои им се признати неформалното и формалното учење, курсеви организирани од меѓународната организација BEST, предмети кои се слушани преку програмата Erasmus за размена на студенти, курсеви и работилници организирани преку проекти (пр. EUROCC) итн.
На **Факултетот за електротехника и информациски технологии** е активен и Центарот за доживотно учење, кој нуди дополнително неформално образование како на своите студенти, така и на сите заинтересирани. Листа на

расположливите академии, курсеви и летни школи е објавена на веб-страницата на Центарот за доживотно учење (Прилог 4.3.Ѓ).
**Архитектонскиот факултет** има за цел и да го поттикне интересот на студентите за воннаставни активности, а во форма на акредитирани летни школи за архитектура и архитектонски работилници во нашата земја и во странство, валоризирајќи ги со 2 ЕКТС-кредита (на пр., Меѓународната летна школа за архитектура во организација на Архитектонскиот факултет при УКИМ). Информациите за летните школи и работилниците редовно се објавуваат на веб-страницата на Архитектонскиот факултет (Прилог 4.3.Е).
**ИЗИИС** континуирано го поддржува процесот на неформално и доживотно учење и води своја интерна евиденција (Прилог 4.3.Ж). Институтот дава можност за неформално/практично образование на студентите во делот на научноистражувачката работа преку нивно вклучување во реализација на проекти, експериментални истражувања, како и можност за објавување на научни/стручни трудови (самостојно или во коавторство со професорите).
Со оглед на спецификите на уметничките оддели на **Факултетот за драмски уметности**, студентите земаат учество на најразлични манифестации и фестивали во земјата и во странство и работат на професионални филмски, телевизиски и театарски продукции. Од позначајните настапи и учества во тековната учебна година се издвојуваат:
● Мартина Даниловска, Христијан Ристески и Мина Јелушиќ – студенти од класата Драмски актери 2021 – 2025, Ева Стојчевска, Ирена Димеска и Иво Јездиќ, студенти од класата Драмски актери 2022 – 2026, во април – мај 2024 беа ангажирани во снимањето на долгометражниот игран филм „17“ (реж. Косара Митиќ, Скопје филм студио);
● студентката Тина Величковиќ, со филмот „Тага“, беше во конкуренција за главна награда на фестивалот Камео во Чачак, Србија, а со филмот „Прогестерор(н)” освои втора награда за режија на „Лесковачки интернационални фестивал филмске режије“;
● учество на 9 студенти на 48. издание на Млад отворен театар (МОТ) со претставата „Вилицата на Ибен Бајерс“, во режија на Борис Василески, селектирана за наградата „Биш”;
● организација на филмскиот фестивал Меѓународна студентска филмска платформа „Хај-Фај“ од Факултетското студентско собрание на Факултетот за драмски уметности во Скопје, со околу 100 учесници од академиите од повеќе држави, меѓу кои од Србија, Косово, Словенија, Бугарија, Црна Гора и Босна и Херцеговина;
● учество на 3 студенти на Интернационален театарски фестивал „ИНТЕФ“ во Шабац, Србија, со претставата „Прошетка низ шумата“, во режија на Кристијан Атанасов, добитник на наградата „Најдобра машка улога во студентска селекција“ од стручното жири.
Факултетот за драмски уметности беше домаќини на 3 студент(к)и од Академијата за уметности при Универзитетот „Фонтис“ од Холадија, од 12 до 14.12.2023, кога се одржа тридневна работилница „Уметноста на создавањето театар со изведување музика во живо“ („The art of theater making with live music“), наменета за студент(к)и по театарска режија, актерска игра и музичка композиција.
Од учебната 2018/2019 година не постои законска обврска за задолжителна практична настава, но и по престанокот на таа одредба, единиците на Универзитетот преку склучени договори им даваат поддршка на студентите во обезбедување на практичното образование. Листата на компании со кои соработуваат единиците на Универзитетот постојано се проширува (Прилог 4.3.З),
Во рамки на студиските програми: Интегрирани студии од прв и втор циклус и Прв циклус студии – додипломски **студии по архитектура,** предвидена е задолжителна пракса – практика, во траење од десет работни дена, која се вреднува со 2 ЕКТС. Праксата се остварува во лиценцирана проектантска или проектантско-градежна фирма во земјата. Целта е студентите да се запознаат со начинот на функционирање на проектантска фирма – биро, законските одредби според кои работат, како и со начините и методите за развивање на проектната документација согласно со Законот за градење, или со начинот на функционирање на градежна фирма, организација и функционирање на градилиште, документација за градење и фазите во текот на градбата согласно со Законот за градење.

**Прилози**
**Прилог 4.3.А** Список на студенти на Филозофски факултет со признаено формално учење, 2023-2024
**Прилог 4.3.Б** Пример за еквиваленција на Филозофски факултет на прв циклус, 2023
**Прилог 4.3.В** Информации за Erasmus+ на УКИМ
**Прилог 4.3.Г** Процедури за мобилност (Економски факултет)
**Прилог 4.3.Д** Листа на студенти на Природно-математичкиот факултет кои користеле мобилност
**Прилог 4.3.Ѓ** Центарот за доживотно учење на ФЕИТ
**Прилог 4.3.Е** Летна школа на Архитектонски факултет - Скопје
**Прилог 4.3.Ж** Листа на студенти на ИЗИИС на кои им се признати неформалното и формалното учење, вклучувајќи и за време на мобилност
**Прилог 4.3.З** Листа на компании со кои ФЕИТ има соработка
**Прилог 4.3.Ѕ** Листа на студенти на Филолошки факултет „Блаже Конески“ кои користеле мобилност

| | |
|---|---|
| **Прилог 4.3.И** Листа на студенти на кои им се признати неформалното и формалото учење на ФЕИТ | |
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома. |
| По завршувањето на студиите, студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје добиваат документација која ја објаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии.<br>Во Законот за високото образование, Оддел 5, член 155 (Службен весник на Република Македонија бр. 82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/21 и бр. 58/24) (Прилог 1.1.А), јасно се дефинирани рамката и содржината на дипломата, уверението и додатокот на дипломата, додека во посебен Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи (Прилог 4.4.А), објавен во Службен весник бр. 102/2018, детално се утврдени формата и содржината на секој посебен документ кој се издава по завршување на студиите.<br>Во согласност со законите, по завршувањето на студиите, студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги добиваат трите документи: диплома, уверение и додаток на дипломата. Додатокот на дипломата го опфаќа деталниот опис на студиската програма, стекнатите квалификации и компетенции, како и постигнатите резултати од учењето. Во согласност со Правилникот, додатокот на дипломата, покрај основните податоци за студиската програма, содржи и податоци за активностите на студентот што не се дел од студиската програма, односно не носат ЕКТС-кредити, како што се: информации за меѓународна мобилност, летни школи, учество на научни собири, учество во истражувачки проекти итн.<br>Документацијата е јасна, разбирлива и сеопфатна, и обезбедува целосен преглед на образовниот и професионалниот статус на студентот, согласно со наводите во елаборатите за секоја студиска програма. | |
| **Прилози**<br>**Прилог 4.4.А** Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи | |

**ДЕТЕКТИРАНИ СЛАБИ СТРАНИ ОД СТРАНА НА НЕКОИ ОД ЕДИНИЦИТЕ ВО ОДНОС НА СТАНДАРД 4**

**ИНДИКАТОР 4.3.**

Детектирани слаби страни во врска со мобилноста на студентите каде што бројот на студенти на УКИМ кои реализирале мобилност на европски универзитети во текот на летниот семестар изнесува 53, од кои 42 студенти на прв циклус, 9 на втор циклус и 2 студента на трет циклус студии. Една од целите е да се зголеми интересот за мобилност кај студентите.
Исто така, постои нерамномерна распределба на мобилноста кај студентите од различни факултети. Во оваа насока, најголема е мобилноста на Медицинскиот факултет, Економскиот факултет и Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Идна цел е да се поттикне поголемо учество од помалку застапените подрачја.

Коментар во врска со начинот на признавање на мобилноста на студентите каде што се чини дека секоја од единиците има различни механизми за признавање на мобилноста на студентите од прв и втор циклус студии. Идна цел е да се донесат единствени регулативи на ниво на УКИМ, во насока на формирање на соодветни комисии (тела) на единиците и признавање на испитите според единствени критериуми. Ова се однесува и за неформалното образование (пракса).

## Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[2] | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass-формат (со информации за последните пет години, информации за профилот, вклучувајќи завршени циклуси студии и стекнато звање, податоци за остварена |

[2] Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| | |
|---|---|
| програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите, како и на предвидените наставни предмети. | научноистражувачка работа и резултати).<br>Одлуки за избор во звање.<br>Преглед на предмети што кадарот ги предавал во изминатите пет години на сите циклуси студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

Единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се залагаат за највисоки стандарди во процесот на ангажирање на наставниот кадар. Во рамките на наставниот процес се вклучени наставници кои ги исполнуваат сите потребни критериуми и соодветни квалификации за да ги задоволат потребите на сложениот наставно-образовен процес на сите три циклуси студии. Сите наставници имаат звање – доктор на науки од соодветната научна област.

Во учебната 2023/2024, наставниот кадар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ го сочинуваат:

| **Единици на УКИМ** | **Ред. проф.** | **Вонр. проф.** | **Доц.** | **Насл. звање** | **Научно звање** | **Ас.** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Архитектонски факултет | 15 | 6 | 3 | | | 13 | 37 |
| Градежен факултет | 27 | 12 | 8 | | | 11 | 58 |
| Економски факултет | 36 | 9 | 2 | | | 12 | 59 |
| Машински факултет | 39 | 11 | 7 | | | 16 | 73 |
| Медицински факултет | 119 | 93 | 68 | | 65 | 275 | 620 |
| Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ | 30 | 4 | 1 | | | 2 | 37 |
| Правен факултет „Јустинијан Први“ | 52 | 14 | 1 | | | 4 | 71 |
| Природно-математички факултет | 87 | 14 | 10 | | | 25 | 136 |
| Стоматолошки факултет | 41 | 8 | 1 | | 13 | 11 | 74 |
| Технолошко-металуршки факултет | 32 | 11 | 1 | | | 12 | 56 |
| Факултет за ветеринарна медицина | 20 | 13 | 4 | | 6 | 4 | 47 |
| Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер (ФДТМЕ) | 12 | | 1 | | | 1 | 14 |
| Факултет за драмски уметности | 16 | 11 | 3 | | | 4 | 34 |
| Факултет за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) | 42 | 18 | 8 | | | 14 | 82 |
| Факултет за земјоделски науки и храна (ФЗНХ) | 52 | 10 | 1 | 1 | | 4 | 68 |
| Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) | 37 | 16 | 7 | | | 7 | 67 |
| Факултет за ликовни уметности | 12 | 2 | 4 | | | 1 | 19 |
| Факултет за музичка уметност | 28 | 9 | 1 | | | | 38 |
| Факултет за физичко образование, спорт и здравје (ФФОСЗ) | 22 | 3 | 7 | | | 3 | 35 |
| Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ | 16 | 2 | 1 | | | 7 | 26 |
| Фармацевтски факултет | 22 | 9 | 5 | 1 | | 11 | 48 |
| Филозофски факултет | 90 | 8 | 3 | | | 5 | 106 |
| Филолошки факултет „Блаже Конески“ | 62 | 22 | 4 | | 14 | 3 | 105 |
| Економски институт | 15 | 1 | 1 | | | 2 | 19 |
| Земјоделски институт | 13 | 1 | | | 3 | | 17 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС) | 10 | 5 | 3 | | | 13 | 31 |
| Институт за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ) | 14 | 2 | 3 | | | 2 | 21 |
| Институт за сточарство и рибарство | 7 | 1 | | | | 1 | 9 |
| Институт за македонски јазик | 20 | | 2 | | | 11 | 33 |
| Институт за македонска литература | 11 | 2 | 3 | | | 4 | 20 |
| Институт за национална историја | 26 | 8 | 2 | | | 6 | 42 |
| Институт за фолклор | 7 | 3 | 2 | | | | 12 |
| **ВКУПНО** | 1032 | 328 | 167 | 2 | 101 | 484 | 2114 |

Во академската 2023/24 година, заклучно со 30.9.2024 година, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје беа потврдени 82 избора на редовни професори и 4 избори на научни советници.

Како позитивен пример за успешна кадровска политика може да се издвои **Медицинскиот факултет**, каде што континуирано се вработуваат нови членови на наставниот кадар со тенденција да се спречи намалување на бројот на лица ангажирани во наставата поради регуларниот процес на пензионирање на дел од кадарот.

Анализата на бројот на различни категории наставници во извештајниот период покажа дека во учебната 2019/2020 година, на ниво на целиот факултет, наставата ја реализирале вкупно 328 наставници (од кои 151 редовен професор и научен советник, 56 вонредни професори и виши научни соработници, 121 доцент и научен соработник) и 236 асистенти. Во учебната 2020/2021 година, наставата ја реализирале вкупно 358 наставници (од кои 156 редовни професори, 95 вонредни професори и 107 доценти) и 247 асистенти.

Понатаму, во 2021/2022 година, вкупниот број на наставници изнесувал 356 (135 редовни професори и научни советници, 102 вонредни професори и виши научни соработници, 119 доценти и научни соработници) и 265 асистенти. Во учебната 2022/2023 година, наставата ја реализирале вкупно 651 лице, од кои 370 наставници (125 редовни професори, 77 вонредни професори, 79 доценти и 11 научни советници, 22 виши научни соработници, 37 научни соработници, 8 насловни вонредни професори, 11 насловни доценти) и 281 асистент. Во тековната 2023/2024 година, наставниот кадар брои вкупно 620 лица: 119 редовни професори, 93 вонредни професори, 68 доценти, 7 научни советници, 24 виши научни соработници, 34 научни соработници и 275 асистенти.

Во извештајниот период 2023 – 2024, на Факултетот му беа одобрени 31 согласност за вработување на наставен и соработнички кадар и 8 согласности за даватели на јавни услуги (здравствени работници и соработници), административен и помошно-технички персонал. Сите овие вработувања се реализирани во целост. Со ова е овозможено дополнително проширување на кадровскиот потенцијал.

За жал, голем дел од единиците на УКИМ се соочуваат со недостиг на наставно-научен и ненаставен кадар. Така, **Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер (ФДТМЕ)** располага со мал број на наставен (13) и соработнички (1) кадар, во однос на бројот на активни студенти кој годишно изнесува околу 500. На **Архитектонскиот факултет** се направени напори во кадровската политика за да се одговори на долгогодишниот предизвик на намалување на наставниот кадар поради тековните пензионирања. И покрај направените напори и значителното подобрување на кадровската состојба (13 асистенти), Факултетот сè уште има недостаток на кадар, што јасно се гледа и преку усвоените ангажмани и бројот на реализирани часови дадени во индикаторот 5.3.

Во рамките на активностите за организиран пристап во решавањето на кадровската политика на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и со цел континуирано обезбедување квалитет во високообразовниот процес, создавање нов научен подмладок, како и замена на испразнетите места по разни основи, Универзитетот, и во овој извештаен период, го актуализираше прашањето за вработување на нов кадар, наставно-научен и административен.

Континуирано, преку Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, до Министерството за образование и наука, беа проследувани барања за добивање согласности за вработување на неопределено време на вкупно 256 лица, од кои за 136 лица од наставен и за 120 лица од ненаставен кадар. При тоа, беа добиени вкупно 58 согласности за нови вработувања за наставен и ненаставен кадар, од кои: 6 согласности за наставно-научен кадар, 1 согласност за научен кадар, 37 согласности за соработници (асистенти), 6 за стручни соработници (лаборанти и др.), 7 согласности за ненаставен кадар за стручно-административните служби и 1 согласност за помошно-технички лица. Во тек се постапки за добивање согласност за 39 лица од наставен кадар и 28 лице од ненаставен кадар. Поднесени се барања за ангажирање со договор за дело на 216 лица од наставен и за 62 лица од ненаставен кадар. Број на лица за кои е добиена согласност со договор за дело е за 155 лица од наставен и за

53 лица ненаставен кадар. Број на лица за кои е побарана согласност за вработување со 5-часовно работно време е 42 и број на лица за кои е добиена согласност за вработување со 5-часовно работно време 16.

Со оглед на недостиг на наставно-научен и ненаставен кадар, Универзитетот и понатаму ќе продолжи со проследување на барањата на единиците до надлежните министерства за одобрување на нови вработувања, сè со цел подобрување на кадровската структура на Универзитетот, што е во насока на поквалитетно извршување на високообразовната и научноистражувачката дејност.
На веб-страниците на одделните единици на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на лесен и достапен начин можат да се најдат основните податоци за наставниот кадар, односно податоци за наставно-научното звање на наставникот, институтот на кој е член, предметите кои ги предава, приемното време, контакт-информации и други релевантни податоци. Во Прилог 5.1.А се изложени биографиите на наставниот кадар, во кои се наведени степените на образование, работното искуство, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на наставниците и соработниците. Одлуките за избор во звања на наставниците и соработниците се наведени во Прилог 5.1.Б.
Во Прилог 5.1.В се прикажани листи на предмети, кои поединечни наставници и соработници ги предавале на сите циклуси студии во зимскиот и летниот семестар на одделните единици на УКИМ. Квалификациите на наставниот кадар, вклучен во изведувањето на студиските програми, се соодветни на профилот и концептот на студиите, како и на предвидените наставни предмети. Како проблем на некои единици на УКИМ е оптовареноста на наставниот кадар поради недостаток на кадар.

**Прилози**
**Прилог 5.1.А** Сите Биографии на наставниот кадар на сите единици на УКИМ во Еуропасс формат**.** Биографиите се наоѓаат во извештаите за самоеваулација на единиците во Стандард 5, индикатор 5.1.
**Прилог 5.1.Б** Сите Одлуки за избор во звање на единиците на УКИМ**.** Одлуките се наоѓаат во извештаите за самоеваулација на единиците во Стандард 5, индикатор 5.1.
**Прилог 5.1.В** Сите Листи на предмети по наставник на секоја од единиците на УКИМ**.** Листите се наоѓаат во Извештаите за самоеваулација на единиците во Стандард 5, индикатор 5.1.

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии, односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно со чл. 2, т. 21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години, прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2, т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице, како и вкупниот број трудови за високообразовната установа.<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

**5.2.1. Приказ на научноистражувачките публикации на УКИМ за 2023 година на WoS**
Според анализата на научноистражувачките публикации на УКИМ во базата на WoS на ClarivateAnalysis, за 2023 година, публикувани се вкупно 529 трудови (сл. 1), од автори афилирани на УКИМ. Компаративно, бројот на публикации на УКИМ, во оваа индексациска база, за претходните години е: 530 за 2022, 543 за 2021, 534 за 2020 и 560 за 2019 година, што укажува на стагнирачки тренд (прикажан на сл. 2).




Од структурата на овие 529 трудови по шесте научноистражувачки подрачја (прикажана на сл. 3) се согледува дека во 2023 година најпродуктивни биле биотехнолошките, па медицинските, природните и инженерските науки, по што следуваат општествените и хуманистичките науки со уметностите.




**Слика 3.** Преглед на публикациите афилирани кон УКИМ во базата на WoS за 2023 година, селектирани по научноистражувачките подрачја

Продлабочените анализи на ClarivateAnalysis ја даваат структурата на публикации по научните области, дефинирани во базата на WoS, кои соодветствуваат на третото ниво од Фраскатиевата класификација. Според анализата на научната актива на УКИМ на WoS, по научни области, првите места, како и претходните години, ги држат инженерските науки, компјутерските науки, природно-математичките науки со акцент на хемија, математика и биологија, медицинските науки, ветеринарните науки и фармацевтските науки, што укажува на стабилен раст на научната актива во овие научни области и потреба од мерки за поттикнување на другите научни области, кои ги покрива УКИМ.
За истакнување е фактот дека и покрај стагнирачкиот тренд на публикување индексирано во базата на WoS (сл. 2), се зголемува бројот на научни публикации со афилијација кон УКИМ публикувани во научни списанија кои припаѓаат на Q1 и Q2-групите на WoS, групи кои ги опфаќаат најдобрите списанија од 1 до 25 % и соодветно од 25 до 50 %.

**5.2.2. Приказ на научноистражувачките публикации на УКИМ за 2023 година на SCOPUS**
Според анализата на научната актива на УКИМ во базата на SCOPUS на Elsevier, во 2023 година се публикувани вкупно 789 научни трудови (сл. 4), со тренд на континуирано зголемување во однос на претходните години.







**Слика 4.** Број на публикации со преглед по научни области. **Слика 5.** Број на SCOPUS-публикации во последните 5 години, афилирани кон УКИМ во базата на SCOPUS за 2023

На сл. 4, видливи се научните подрачја според интензитетот на публикување за авторите со афилијација на УКИМ, што укажува на фактот дека доминантни се инженерските науки, медицинските науки и природно-математичките науки. Компаративната анализа на бројот на публикации на УКИМ, во индексациска база на SCOPUS за претходните години изнесува: 755 за 2022, 694 за 2021, 703 за 2020 и 713 за 2019, што укажува на континуиран растечки тренд (прикажан на сл. 5).
Според извештајот за УКИМ, генериран со посредство на SciVal аналитичката алатка на SCOPUS, која ги анализира индикаторите на кои се базира сервисот за универзитетски рангирања THE (ThimesHigherEducation), за истакнување се следниве елементи: 229 публикации, афилирани на УКИМ, припаѓаат на 10 % најцитирани трудови во светот, или околу 11,8 % од вкупниот број публикувани трудови за периодот 2020 – 2023. Трудовите на научниците од УКИМ доминираат и покриваат огромен дел од опфатот за државата.
За периодот 2020 – 2023, вкупно 349 трудови афилирани на УКИМ, или 18,4 % од научниот опфат на УКИМ за наведениот период, се публикувани во врвните топ 10 % научни списанија во светот, што покрива над 90 % од

| |
|---|
| опфатот на држава.<br>Севкупно, се заклучува дека е потребно донесување мерки за подобрување на квалитетното публикување и зголемување на научната актива на УКИМ во базата на WoS.<br><br>Табелите со бројот на објавени публикации во изминатите 5 учебни години се прикажани во Прилог 5.2.А. Во Прилог 5.2.Б е прикажана листата на трудови на наставниците и соработниците на одделните единици на УКИМ, изложена по учебни години, по азбучен ред од презимето на вработеното лице. |
| **Прилози**<br>**Прилог 5.2.А** Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации за сите единици на УКИМ. Бројот на објавени трудови во референтни научни публикации се наоѓа во извештаите за самоевaулација на единиците во Стандард 5, индикатор 5.2.<br>**Прилог 5.2.Б** Листа на објавени трудови во референтни научни публикации за сите единици на УКИМ. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации се наоѓа во извештаите за самоевaулација на единиците во Стандард 5, индикатор 5.2 |

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира во согласност со законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси студии (прв, втор и трет циклус студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената на член 161, став 9 и став 10 од ЗВО.*[3]<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси студии во последните пет години.<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси студии во последните пет години (доколку е применливо).<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

Во академската 2023/2024 година, наставниот кадар на Универзитетот „Св, Кирил и Методиј“ во Скопје реализираше настава на 201 студиска програма на прв циклус и 293 студиски програми на едногодишни и двегодишни магистерски студии и специјалистички студии, како и на студии од трет циклус (докторски студии). Соработниците, избрани во звање – асистент, се вклучени во изведување на наставата од прв циклус студии. Оптоварувањето на наставниот и соработничкиот кадар е во согласност со уредбите на Законот за високото образование – ЗВО (Прилог 1.1.А), член 161, став 9 и став 10, така што при усвојување на распределбата на предметите се внимава наставниците и соработниците да не се ангажирани на повеќе од 4 предмети во текот на еден семестар, во рамки на студиите од прв, односно втор циклус. Дополнително, се води сметка да не се надмине бројот на менторства на кандидати запишани на втор циклус студии (12 во една учебна година, по наставник, согласно со член 135, став 15 од ЗВО), односно бројот на менторства на кандидати запишани на трет циклус студии (3 истовремено, по наставник, согласно со член 136, став 16 од ЗВО).

Во Прилог 5.3.А е изложен преглед на предметите и вкупниот број на часови кои наставниот и соработничкиот кадар на единиците на УКИМ ги предава на сите три циклуси студии. Бројот на часови на кадарот може да варира, особено во делот на наставата од прв циклус студии, имајќи предвид дека поединечните наставници /соработници покриваат различен дел од наставата по наведените предмети, зависно од фондот на предвидени часови за предавања, аудиториски и лабораториски вежби. Реалниот број часови кои наставниците/соработниците ги одржуваат значително варира во зависност од бројот на студенти кои се запишани на предметот.
Во делот на предметите од втор циклус студии, поради малиот број запишани студенти, реализацијата на наставниот процес вообичаено се изведува менторски. Слична ситуација, за менторски реализирана настава, се евидентира и кај предметите од трет циклус студии.
Во Прилог 5.3.Б се прикажани одлуките за распоред на работи и работни задачи во последните 5 години, во форма на извештаи за обезбеденост на наставата или одлуки за прераспределбата на наставата, донесени на наставно-научните совети на единиците на УКИМ. Извештаите за обезбеденост се однесуваат само на прв и втор циклус студии. Во Прилог 5.3.В се изложени извештаи за реализирана настава на прв циклус студии на единиците на УКИМ. Во Прилог 5.3.Г е доставен доказ – установата има најмалку 10 лица избрани во наставно-научни звања вработени со полно работно време (М1/М2 за дел од вработените наставници) или одлуките за избор во звање (Прилог 5.1.Б).

**Прилози**

[3] Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус студии, на еден или на повеќе универзитети, и најмногу четири наставни предмети на втор циклус студии, на еден или на повеќе универзитети.

**Прилог 5.3.А** Листа на предмети и број на одржани часови на наставниот кадар за сите единици на УКИМ. Листата на предмети и бројот на одржани часови се наоѓаат во извештаите за самоеваулација на единиците во Стандард 5, индикатор 5.3.

**Прилог 5.3.Б** Одлуки за прераспределба на наставата за сите единици на УКИМ. Одлуките се наоѓаат во извештаите за самоеваулација на единиците во Стандард 5, индикатор 5.3.

**Прилог 5.3.В** Извештаи за реализирана настава за сите единици на УКИМ. Извештаите се наоѓаат во извештаите за самоеваулација на единиците во Стандард 5, индикатор 5.3.

**Прилог 5.3.Г** Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време (М1/М2 за дел од вработените наставници - доказ)**.** Доказите се наоѓаат во извештаите за самоеваулација на единиците во Стандард 5, индикатор 5.3.

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

На единиците на УКИМ се воведени транспарентни и јасни процеси на вработување што се во согласност со законските нормативи, кои овозможуваат еднакви можности за сите кандидати.

Во процесот на вработување нови лица на единиците на УКИМ во целост се следат законските нормативи, кои произлегуваат од Законот за високото образование – ЗВО (Сл. весник на Р Македонија 82/2018), (Прилог 1.1.А). Вработувањето на лица започнува со утврдување потреба од ангажирање наставно-научен или соработнички кадар на факултетот или институтот, согласно со Правилникот за систематизација на работните места на единицата во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – (Прилог 5.4.А). По добивањето согласност за вработување на нови лица од ресорните министерства, следува распишување јавен конкурс, од страна на наставно-научниот совет, во дневниот печат. Во конкурсот се наведуваат: наставно-научното звање за кое се избира лицето, согласно со меѓународната Фраскатиева класификација на научноистражувачките подрачја, полиња и области (Прилог 5.4.Б), видот и времетраењето на работниот однос, општите и посебните услови за избор и потребната документација за апликација на конкурсот. Рокот за аплицирање на конкурсот е 8 дена од објавата во дневниот печат. По истекот на предвидениот рок, наставно-научниот совет на факултетот формира рецензентска комисија која треба да ја оцени подобноста на пријавениот/те кандидат/и за избор во наставно-научното или соработничкото звање. За оценка на подобноста на кандидатот/кандидатите, согласно со критериумите за избор, се користат начелата наведени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во Универзитетски гласник број 411, од 5.11.2018 (Прилог 5.4.В). Рецензијата/ референтот за кандидатот/кандидатите кои се пријавиле на конкурсот се објавува во Билтенот на Универзитетот и се усвојува на наредниот наставно-научен совет. Наставно-научниот совет, врз база на усвоената рецензија/реферат, носи одлука за избор на пријавениот/те кандидат/и во наставно-научните или соработничките звања, наведени во конкурсот. Дополнително, изборот на редовни професори го потврдува не само наставно-научниот совет, туку и Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

Во Прилог 5.4.Г на овој извештај е доставен табеларен преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на единиците на УКИМ (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години), како и линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар.

**Прилози**

**Прилог 5.4.А** Правилник за систематизација на работни места на единиците на УКИМ. Правилниците се наоѓаат во извештаите за самоеваулација на единиците во Стандард 5, индикатор 5.4.

**Прилог 5.4.Б** Фраскатиева класификација

**Прилог 5.4.В** Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/18)

**Прилог 5.4.Г** Преглед на лица избрани во звања за секоја од единиците на УКИМ. Прегледот се наоѓа во извештаите за самоеваулација на единиците во Стандард 5, индикатор 5.4.

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови, како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар.<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид опрема во установата.<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање).<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата.<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Во поглед на условите за работа се применува Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (Сл. весник на РСМ, бр. 245 од 16.11.2022).

Со Правилникот се уредуваат стандардите и нормативите кои треба да се исполнат за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност. Целта на Правилникот е да се обезбеди квалитет во високото образование во државата. Согласно со одредбите од споменатите државни акти, единиците на УКИМ ги исполнуваат просторните услови, просторот е во функција на дејноста за која се основани и е во согласност со специфичностите на студиските програми што ги реализираат.

Податоците за условите со кои располага кадарот на УКИМ за реализација на образовниот процес, научноистражувачката работа и апликативната и уметничка дејност, се достапни во извештајот за самоевалуација на секоја од единиците на УКИМ (Прилог 5.5.А). Структурата на работниот простор е соодветна за реализација на наставно-образовниот процес и наставно-научната работа и ги исполнува урбанистичките, техничко-технолошките, безбедносните и санитарните стандарди.

Во амфитеатрите и предавалните на единиците на УКИМ се реализираат најголемиот дел од часовите за предавања и аудиториски вежби во сите наставни години на студиските програми од прв и втор циклус. Овие простории се опремени со класични табли, видеопроектори и паноа за презентација на материјали во дигитален формат. Дополнително, во дел од предавалните, поставени се и паметни табли.

За изведување на практична и теоретска настава за сите студиски програми, како и за научноистражувачка работа, **Медицинскиот факултет** при УКИМ во Скопје користи современо опремени простори на 12 (дванаесетте) институти кои се внатрешни организациони единици на Медицинскиот факултет и 40 наставни бази на Факултетот со кои има склучени спогодби за уредување на меѓусебните односи во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и за уредување на работниот однос на наставниците и соработниците, од кои 27 се јавните здравствени установи – универзитетски клиники во рамки на Клиничкиот центар „Мајка Тереза", Скопје и 13 други наставни бази (ЈЗУ Институт за трудова медицина на РСМ, ЈЗУ Институт за болести на бели дробови кај деца, Козле во Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски" – Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за физикална медицина и рехабилитација „Св. Богородица" – Скопје, Градска општа болница „8-ми Септември" – Скопје, ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на РСМ – Скопје, ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство во Чаир – Скопје, ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ, ЈЗУ Психијатриска болница во Скопје, ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас, ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје, ЈЗУ Здравствен дом – Скопје и ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија), каде што практичната настава редовно и активно се спроведува. **Архитектонскиот факултет** располага и со голема сала за одржување на вежби со површина од 264 м2, со вкупен број од 90 седишта, ателје со површина од 168 м2 со вкупен број од 30 седишта и моделарница со површина од 90 м2, со вкупен број од 40 седишта.

**Факултетот за музичка уметност** има обезбедено соодветни работни услови за наставниот кадар, кој располага со соодветни инструменти, соодветни просторни услови, како и други ресурси релевантни за неговата работа. Факултетот располага со 16 звучно изолирани кабинети за индивидуална настава, опремени со пијана, 10 предавални за групна и колективна настава, опремени со пијана и аудиовизуелна опрема, голема концертна сала опремена со две концертни пијана од врвната светска марка „Безендорфер", чембало, подиум осветлен со висококвалитетни рефлектори, пултови и капацитет од 144 седишта, мала концертна сала наменета за изведување настава и за концертна дејност од камерен тип, опремена со две полуконцертни пијана, марка „Јамаха".

Наставата, особено на предметите од компјутерските насоки, се изведува во училници кои се опремени со компјутери. На **Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство** има специјализирани лаборатории за изведување на посебен тип практична настава, како што се: Лабораторија за пресметување со високи перформанси (капацитет од 10 седишта), Серверска лабораторија (капацитет од 10 седишта), Лабораторија за интелигентна роботика (капацитет од 10 седишта), Лабораторија за систем во чип (капацитет од 10 седишта), Лабораторија за мобилно и сеприсутно семантичко искуство – LaMUSE (20 седишта), FORTINET-лабораторија за информациска безбедност, Лабораторија за екоинформатика (10 седишта), Лабораторија за истражување во облак

(конкретни спецификации за Лабораторијата се достапни во Прилог 5.5.Б). Факултетската лабораторија за автоматска обработка на податоци (ФЛАОП) на **Факултетот за електротехника и информатички технологии** има вкупна површина од 240 $m^2$ и вкупен капацитет од 103 лица (Прилог 5.5.В).

Од друга страна, **Факултетот за драмски уметности** само делумно обезбедува соодветни работни услови за наставниот кадар. Работните простории тековно се одржуваат, но поради дотраеноста на бараките, потребни се постојани реновирања и санација што некогаш создава тешкотии во нормалното функционирање на Факултетот.

Генерално, Факултетот располага со соодветна информатичка опрема, соодветни просторни услови, како и со други ресурси релевантни за неговата работа. Забелешка е дека информатичката опрема и технологијата бргу застаруваат и за да се одржува чекор со технолошкиот напредок и промените, потребно е постојано обновување, за што се потребни финансии кои Факултетот честопати ги нема, па мора да бара донации од други институции и/или општествено одговорни компании. Исто така, Факултетот нема доволно простор за да им обезбеди соодветни кабинети на сите наставници. Приоритет имаат просториите каде што се одвива наставата (предавални, сцена и сценски простори, сали за кино-проекција, лаборатории за монтажа, камера и сл.). Управата постојано се ангажира за подобрување на условите, независно дали со поставување на нови бараки, изградба на траен објект на ФДУ или преселување во постоен објект кој одговара на потребите и спецификите на Факултетот. И **Факултетот за ликовни уметности** спаѓа во групата на факултети кои имаат големи трошоци околу наставата, а работат со мал број на студенти (исполнета квота). Установата нема развиено постапка за подобрување на работните услови на наставниот кадар.

Дополнително, во просторните капацитети на факултетите при УКИМ се вбројуваат и библиотеки. Книжниот фонд на Библиотеката на ФЕИТ го сочинува стручна литература од областа на електротехниката и информациските технологии и тој опфаќа повеќе од 34 419 наслови на монографски публикации (околу 49 172 библиотечни единици) и околу 690 наслови на периодични публикации. Книжниот фонд е достапен за пребарување преку класични библиотечни каталози или онлајн (Прилог 5.5.Г). Библиотеката има воспоставено активна соработка со НУБ „Св. Климент Охридски" – Скопје и во таа смисла постои можност за користење на повеќе домашни и странски бази на податоци. Целосната листа со просторните капацитети на ФЕИТ е наведена во Листата на институтски лаборатории и е достапна и на факултетската веб-страница, додека целокупниот приказ на просторните капацитети може да се види и во рамки на Виртуелен ФЕИТ (Прилог 5.5.Д).

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како одговор на потребите на својата академска заедница, обезбедува пристап до неколку електронски библиотеки, како: EBSCO, CambridgeCoreиElgaronline, сите со публикации од широк опсег на научноистражувачки области, OpenEdition со публикации од општествените и хуманистичките науки, ERS publications со публикации од одделни области на медицинските науки, ASTMCompass со публикации од областите на инженерските науки, како и MSPPortal со публикации од математичките науки. До сите наведени електронски библиотеки, обезбеден е пристап за сите единици на Универзитетот и сите членови на наставно-научниот и соработничкиот кадар и студентите.

Еднаш годишно, на единиците на УКИМ се формира пописна комисија, која има задача да спроведе попис на опремата и инвентарот. Во Прилог 5.5.Ѓ се изнесени извештаите од централните пописни комисии за наведениот период.

Листата на новонабавена опрема е наведена во Прилог 5.5.Е, во форма на поединечни MS Excel документи, за секоја година, во изминатиот 5-годишен период. Целокупната новонабавена опрема веднаш по ставањето во функција се внесува во пописната листа на Факултетот и добива свој инвентарен број.

**Прилози**

**Прилог 5.5.А** Извештаи за самоевалуација на секоја од единиците на УКИМ
**Прилог 5.5.Б** Отворена лабораторија за истражување во облак (ФИНКИ)
**Прилог 5.5.В** Просторни капацитети - ФЕИТ
**Прилог 5.5.Г** Библиотека на ФЕИТ
**Прилог 5.5.Д** Виртуелен ФЕИТ
**Прилог 5.5.Ѓ** Извештаи од попис на единиците на УКИМ. Извештаите од пописите се наоѓаат во извештаите за самоеваулација на единиците во Стандард 5, индикатор 5.5.
**Прилог 5.5.Е** Список на новонабавена опрема на единиците на УКИМ

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма.<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, реализирани во последните пет години, финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма. |

| Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години.<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |
|---|---|

Единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно со донесените акти, водат сметка за наставниот и соработничкиот кадар, преку овозможување стручно и научно усовршување, издвојувајќи средства за научно, стручно и педагошко усовршување на академскиот кадар, како: учество во проекти, учество на научни конференции, семинари, обуки, летни школи, работилници и други облици на стручно усовршување и сл. Наставниот кадар има прилика да учествува на различни обуки кои соодветно го профилираат и го унапредуваат наставно-образовниот процес, преку што се обезбедува соодветна можност да се развиваат педагошките и техничките вештини.

Доделувањето на средствата за претходно наведените активности се врши според јасно утврдени критериуми, дефинирани со Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за соодветната единица.

На **Факултетот за електротехника и информациски технологии,** донесен е Правилник за научно и стручно усовршување на кадарот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр. 378, од 25.9.2017. (Прилог 5.6.А). На соработниците асистенти, запишани на трет циклус – докторски студии, им се одобрува попуст на школарината во вредност од 50 % од средствата што се уплаќаат кон Факултетот (средства за ментор, настава и комисии). Дополнително, на соработниците студенти на трет циклус студии, кои се вработени на ФЕИТ, им се признаваат до 140 бода, за техничко оформување на докторската дисертација. На наставниците и соработниците на ФЕИТ, кои, со прифатен труд, учествуваат на научни и/или стручни собири во земјата, еднаш годишно, им се доделуваат наменски средства во висина од 100 евра, во денарска противвредност, за покривање на котизацијата, патните и дневните трошоци. На наставниците и соработниците на ФЕИТ кои, со прифатен труд, учествуваат на научни и/или стручни собири во странство, еднаш годишно, им се доделуваат наменски средства во висина од 200 евра во денарска противвредност, за покривање на котизацијата, како и средства за покривање на 10 % од вкупните патни и дневни трошоци. Дополнително, трошоците за учество на научни и/или стручни собири, на наставниците и на соработниците, можат да се надоместат и од други средства (проекти, институтски или наменски средства и др.).

На наставниците и на соработниците на ФЕИТ им се одобруваат, еднаш годишно, и наменски средства во висина од 250 евра, во денарска противвредност, заради објавување трудови во научни списанија со фактор на влијание, во кои објавувањето трудови се плаќа.

Заради стручно усовршување на наставниот кадар на **Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство**, Факултетот има пракса (во согласност со Законот за високото образование) да ги поттикнува своите вработени да користат стручно и научно усовршување на реномиран универзитет. Во насока на зајакнување и континуирана работа во научноистражувачката дејност, ФИНКИ одобрува средства во висина од 30 000 денари за покривање на котизации за учество на конференции или објавување статии во списанија со или без импакт-фактор за сите вработени наставници и соработници. Секоја година, Факултетот одделува средства во висина од 100 евра (во денарска противвредност) за покривање на патни и дневни трошоци за сите вработени наставници и соработници кои ќе земат учество на конференцијата ICT Innovations, каде што ФИНКИ е еден од организаторите. Дополнително, трошоците за учество на научни и/или стручни собири за наставниците и соработниците можат да се надоместат и од други средства (проекти, наменски средства и др.). На соработниците асистенти, кои се запишани на трет циклус – докторски студии, им се одобрува попуст на школарината во висина од 100 % од средствата што се уплаќаат кон Факултетот (средства за ментор, настава и комисии). Дополнително, на соработниците демонстратори на ФИНКИ, кои се запишани на втор циклус студии, Факултетот им одобрува попуст на школарина во висина од 100 % од средствата што се уплаќаат за студиската програма.

**Машинскиот факултет** има востановена пракса за поддршка на активностите на наставниот и соработничкиот кадар, поврзани со научноистражувачката работа, меѓународната соработка и интернационализацијата, за прв пат воведена во 2005 година, а подоцна ревидирана во два наврата, со воведување на дополнителни поттикнувачки инструменти, во 2018 и 2024 година. Со последниот ревидиран Правилник од 2024 година, на сила се следните инструменти за поддршка: објавување на научноистражувачки труд во научно списание со фактор на влијание кое е индексирано во базите наWebofScience или Scopus, аплицирање на меѓународен проект на програмите на HorizonEurope, покривање на патни и дневни трошоци за учество со рецензиран научен труд на меѓународни научни собири, покривање на патни и дневни трошоци за учество на собири за вмрежување и иницијативи за Erasmus+ проектни соработки, набавка на софтвер за научноистражувачка работа, покривање на котизации за членства во научни меѓународни организации, реализација на гостувачки предавања по покана во странство.

Во насока на олеснување на процесот на публикација и зголемување на видливоста на **Фармацевтскиот факултет**, донесена е одлука за аплицирање на средства за финансиска поддршка за надомест за публикување

| |
|---|
| на научноистражувачки трудови во списанија со фактор на влијание поголем од 4. Додатна стимулација на младиот соработнички кадар (асистенти/доценти) е постигната со реализација на проектот за избор на „Научен потенцијал на годината“, преку кој тројца асистенти што пријавија најплодна научноистражувачка дејност во тековната година добија соодветни финансиски грантови (Одлука бр. 02-102/7 од 13.2.2024 година). Деканатската управа реализира уште еден значаен проект за вработените на Факултетот со цел стимулација на научноистражувачката дејност. Имено, во тек е конкурс за избор на „Научник на годината на УКИМ – Фармацевтски факултет“, со што професор од Факултетот со најплодна научноистражувачка работа во 2023 година ќе биде награден со парична награда (Одлука бр. 02-102/6 од 13.2.2024 година).<br>**Технолошко-металуршкиот факултет** континуирано се залага за унапредување на сите процеси, како и креирање на можности за обука и едукација на наставниот кадар. Во рамките на политиката на Факултетот, насочена кон стимулирање и интензивирање на научноистражувачката дејност, беше донесена Одлука за доделување на средства во износ од 200 евра во денарска противвредност на сите наставници и асистенти, за учество на научни собири и трошоци за објавување на резултати од реализираните истражувања (Прилог 5.6.А), а сумата во 2024 година е зголемена на 250 евра. Дополнително, Факултетот ги користи сите можности кои ги дава МОН за финансирање на научноистражувачка дејност по објавени отворени конкурси од МОН за финансирање на научноистражувачки трудови со импакт-фактор (бруто 30.000 денари) и финансирање на учество на конференции (надомест во зависност од земја во која се учествува).<br>Напредувањето во звања на наставниот кадар не е возможно без професионален развој на наставниот кадар. Но за жал, некои единици на УКИМ, како **Факултетот за ликовни уметности,** немаат финансиски средства за да им помагаат на наставниците и секој индивидуално ги покрива трошоците за професионално напредување (уметнички истражувања, изложби (самостојни и групни), учества на симпозиуми и сл.). На поголем дел од факултетите, активностите кои се насочени кон унапредување на наставниот и соработничкиот кадар се реализираат во услови на мошне ограничени финансиски средства за оваа намена, па оттаму континуирано се вложуваат напори да се обезбедат дополнителни средства од различни извори.<br>Во Прилог 5.6.Б. е наведена листа на обуки/тренинзи на наставниот кадар на УКИМ во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, реализирани во последните 5 години. |
| **Прилози**<br>**Прилог 5.6.А** Правилник за научно и стручно усовршување на ФЕИТ<br>**Прилог 5.6.Б** Листа на обуки и тренинзи на наставниот кадар на единиците на УКИМ. Листите се наоѓаат во извештаите за самоеваулација на единиците во Стандард 5, индикатор 5.6. |

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг-наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и од странство, во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг-наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и од странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период), за последните пет години.<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и од странство, во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass-формат). |

Во согласност со Законот за високото образование, по покана од наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот, наставници од акредитирани високообразовни установи, признати научници и истакнати уметници од земјата и од странство, можат како гости, без распишување на конкурс, да извршуваат високообразовна и научноистражувачка, односно уметничка дејност за определено време. Условите под кои може да се врши дејноста се утврдуваат со договор склучен помеѓу единицата и визитинг-наставникот. По тој основ, Универзитетот донесе одлуки за 27 одобренија за изведување на високообразовна дејност на нашиот универзитет, од страна на 27 визитинг-наставници, кои доаѓаат од:

- Универзитетот во Бостон, Соединети Американски Држави;
- Универзитетот „Солент“ во Саутхептон, Велика Британија;
- Техничкиот универзитет во Минхен, Сојузна Република Германија;
- Техничкиот универзитет во Дрезден, Сојузна Република Германија;
- Универзитетот „TU Berlin“ во Берлин, Сојузна Република Германија;
- Универзитетот во Истанбул, Република Турција;
- Institute of Apicultural Research, Chinese Academy of Agricultural Sciences;
- Универзитетот во Љубљана, Република Словенија;
- Универзитетот во Загреб, Република Хрватска;
- Универзитет „Јосип Јурај Штросмаер“ во Осиек, Република Хрватска;
- Универзитетот во Белград, Република Србија;

● Универзитетот во Софија, Република Бугарија,
● Универзитетот во Тирана, Република Албанија.

Реномирани професори од наведените високообразовни институции учествуваа на предавањата како гости предавачи во рамките на дојдовна мобилност и како наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата. Дел од визитинг-наставници и странски експерти кои оствариле престој на **Медицинскиот факултет** во зимскиот семестар 2023/2024 година се:

● проф. д-р Корај Ачарли, од Memorial Sisli Hospital, Истанбул, Турција;
● проф. д-р Радоје Симиќ, детски хирург од Институтот за здравствена заштита на мајка и дете, Медицински факултет – Белград, Србија;
● проф. д-р Миодраг Аќимовиќ, уролог од Клиниката за Урологија, Клинички центар, Медицински факултет – Белград, Србија;
● проф. Натали Рош, специјалист по пластична и реконструктивна хирургија од Медицинскиот факултет, Универзитет во Гент, Белгија;
● проф. д-р Оскар Азман, специјалист по пластична и реконструктивна хирургија од Медицинскиот Универзитет во Виена;
● проф. д-р Фридрих Хербст, абдоминален хирург од Медицинскиот факултет, Универзитет „Зигмунд Фројд", Виена;
● почесен професор на Медицинскиот факултет, УКИМ во Скопје, проф. д-р Булент Унал, специјалист по општа и трансплантациона хирургија од Медицинскиот факултет при Универзитетот „Ајдин" во Истанбул, Турција.

Во извештајниот период, на **Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер** е ангажиран еден визитинг-наставник, проф. д-р Игор Џинчиќ од Шумарскиот факултет при Универзитетот во Белград, Република Србија, кој според Шангајската листа е рангиран на 301. – 400. место. Професорот Игор Џинчиќ е ангажиран за одржување на наставата по предметот Технологија на мебел и финални производи, со неделен фонд од 4 часа настава, на студиските програми Дизајн на мебел и ентериер и Инженерство на мебел и дрво, во зимскиот семестар во учебната 2023/2024 година.

Во периодот од 2019 до 2023 година, **Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство** има значајна соработка со визитинг-наставници од истакнати универзитети и истражувачки институции во светот:

● д-р Александар Јевремовиќ, афилиран на Универзитетот СИНГИДУНУМ, Белград, Србија; соработува со вонр. проф . д-р Петре Ламески и проф. д-р Иван Чорбев, на интернационалниот проект CASPER;
● д-р Андреј Ристески, афилиран на Carnegie Mellon University, САД; соработува со вонр. проф. д-р Ефтим Здравевски од ФИНКИ, на предметот Складишта на податоци и нивна обработка. Тема на неговото предавање беше „Од алхемија до наука: математички основи на длабокото учење", одржано во март 2023 година;
● д-р Ѓорѓи Стрезоски, истражувач на University of Amsterdam, Холандија; соработува со проф. д-р Ивица Димитровски од ФИНКИ, на предметот „Дигитално процесирање на слика". Тема на неговото предавање беше „MATTE: Multi-taskmulti-scaleattention", одржано во мај 2023 година.
● д-р Ирена Воденска, афилирана на MET College, Boston University, САД; соработува со проф. д-р Димитар Трајанов и доц. д-р Костадин Мишев од ФИНКИ, на предметот Вовед во наука на податоци. Предавањето беше одржано на 27.2.2022. Се бележи континуирана соработка и во менторирање на студентски проекти;
● д-р Никола Стиков, афилиран на École Polytechnique, University of Montréal, Канада; соработува со проф. д-р Владимир Трајковиќ, на предметите Истражувачки методологии (трет циклус студии) и Медиуми и комуникации. Предавањата ги опфатија повеќе теми поврзани со овие предмети и беа изведувани во периодот од 2020 до 2022 година.
● д-р Одеј Као, афилиран на Technical University - Berlin, Германија; соработува со проф. д-р Ѓорѓи Маџаров од ФИНКИ, на проектите GlobalSouth 2023 и GlobalSouth 2024 и на предметот „MiningMassiveDatasets" (втор циклус студии). Неговото предавање на тема „Resource Management and Anomaly Detection for Predictable IT Operation" беше одржано во април 2024 година;
● д-р Томе Ефтимов, афилиран на University of Ljubljana, Faculty of Computer and Information Science, Словенија; соработува со вонр. проф. д-р Ристе Стојанов и доц. д-р Илинка Иваноска, на предметот AutoML (втор циклус студии). Тема на предавањето беше „AutoML state of the art and challenges", кое беше одржано во април 2024 година.

Во учебната 2023/2024 година, на **Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем"** се ангажирани 2 визитинг-наставника:

● д-р Улрих Пицарка (Dr. Ulrich Pietzarka, Dipl.-Forstwissenschaftler) е вклучен како визитинг-наставник на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" во учебната 2023/2024 година, во летниот семестар во периодот од 3 заклучно до 8 јули 2024 година, на предметот Урбана дендрологија, на студиската програма Пејзажно дизајнирање, кој е и слободен изборен предмет на универзитетската листа на УКИМ

(обем на ангажман: 3 дена/8 часа). Визитинг-наставникот д-р Улрих Пицарка е кустос на Техничкиот универзитет во Дрезден (Technische Universität Dresden, Fakultät Umweltwissenschaften, Forstbotanischer Garten Tharandt – Sächsische Landesarboretum), СР Германија, кој во 2023 г. е рангиран на 201. – 300. место според Шангајската листа (Academic Ranking of World Universities);

● проф. д-р Џенгиз Јуџедаг (Cengiz Yücedağ) е реномиран експерт по Урбана дендрологија и Пејзажна архитектура, професор на Универзитетот „Мехмет Акиф Ерсој“ во Бурдур (Burdur Mehmet Akif Ersoy Üniversitesi), Република Турција, поканет преку ERASMUS+ програмата за мобилност на наставно-научен кадар да одржи обука во периодот 26 – 30 август 2024 година (обем на ангажман: 3 дена/8 часа).

Во учебната 2023/2024 година, на **Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје** е ангажиран еден визитинг-наставник:

● проф. д-р Ен Донохју (AnneDonohue), визитинг-наставник на предметот Известување во новинарството – практикум (изборен предмет), со 26,5 часа на прв циклус студии по новинарство, според студиската програма од 2018/2019 година, преку Фулбрајтовата програма на САД.

Размената со академски кадар од други академски центри од земјата и од странство е на релативно ниско ниво и е далеку под потребите. Главно, на единиците на УКИМ биле ангажирани истакнати стручњаци од практиката вработени во успешни претпријатија во државата кои со своите компетенции ја збогатуваат и ја пополнуваат наставата.

Листата на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми е дадена во прилозите наведени подолу (Прилог 5.7.А). Лицата вклучени во наставно-образовните процеси за извештајниот период се наведени во точка 9.5. Во Прилог 5.7.Б се дадени и нивните биографии во Europass-формат.

**Прилози**

**Прилог 5.7.А** - Листа на визитинг-наставници од странство и стручњаци од практиката за единиците на УКИМ. Листите се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците во Стандард 5, индикатор 5.7.

**Прилог 5.7.Б** - Биографиите на ангажираните визитинг-наставници во Europass-формат за единиците на УКИМ. Биографиите се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците во Стандард 5, индикатор 5.7.

| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
|---|---|

Со цел поттикнување на научната работа, УКИМ публикува 45 научни списанија, од кои половината во електронска форма, со уредувачки политики кои ги следат принципите на отворена наука и се базираат на златниот модел за отворен пристап, што значи бесплатно објавување за авторите или нивните институции, односно пристап до научните трудови без плаќање на трошоци. Универзитетскиот електронскиот портал за публикување на меѓународните научни списанија, Journals УКИМ, кој е развиен на Универзитетот, базиран е на дигиталниот стандард за отворени списанија. Во тековната година се поставени 15 списанија кои досега немале електронско издаваштво, со повеќе од 3 000 статии, кои на овој начин добиваат отворен пристап. Во следната фаза, порталот ќе прерасне во база на сите списанија на УКИМ, со современи функционалности, од каде што ќе може да се пристапува кон поединечните научни списанија, секое со потплатформа за управување со публикациите.

Во моментот, две научни списанија со фактор на влијание (Impact Factor) на единиците на УКИМ, каде што Универзитетот е коиздавач заедно со други институции, се индексирани во базата на Web of Science на Clarivate Analytics. Тоа се следниве списанија (Web of Science Master Journal List – Search Macedonia, 20.9.2024):

1. **MACEDONIAN JOURNAL OF CHEMISTRY AND CHEMICAL ENGINEERING**, издавач е SOCIETY OF CHEMISTS TECHNOLOGISTS MADECONIA, ARHIMEDOVA 5, SKOPJE, Macedonia, а коиздавач е УКИМ;
2. **MACEDONIAN VETERINARY REVIEW**, кое е официјално списание на Факултетот за ветринарна медицина при УКИМ, кое се издава преку издавачката куќа Sciendo, подружница на Walter de Gruyter GmbH, а коиздавач е УКИМ.

Од вкупно 45 научни списанија кои ги издаваат единиците на Универзитетот, вкупно 3 се реферецирани во индексациската база SCOPUS на Elsevier и 4 во базата на EBSCO.

Научноистражувачката работа на наставниот кадар на единиците на УКИМ, покрај во делот на публикација на трудови во меѓународни списанија и учество на меѓународни академски собири, се согледува и во делот на апликација и водење меѓународни, билатерални и национални проекти. Унапредување на истражувачките и педагошките капацитети на наставно-научниот кадар на УКИМ се поттикнува и преку мобилност и работилници.

*Проекти*

Во делот на работата на проекти, покрај наставниот кадар, вклучени се и студентите.

На **Технолошко-металуршкиот факултет,** во учебните 2022/2023 и 2023/2024 години се реализираат три проекти по програмата НАТО-наука за мир и безбедност и Хоризонт 2020: Conductive Composite Based Flexibleand Wearable

Chemical Sensors (CONSENS) NATO project SPS No.G6011, раководител: д-р Јадранка Блажевска Гилев, 2023-2026 Nano coatings for multi-protective textiles used for military clothing (MULProTex-G5905), раководител: д-р Игор Јорданов, 2021-2024 Portable Chargers for Soldiers for Soldiers, раководител: д-р Александра Бужаровска, 2020-2023 Al-rich industrial residues for mineral binders in ESEE region, EIT RawMaterials, Horizon 2020, раководител: д-р Емилија Фиданчески, 2019-2022. Освен тоа, беа реализирани и три билатерални проекти за кои завршните извештаи се поднесени во 2023 година: Fabrication methods of highly-effective nano sensors for biosensing application, д-р Анита Грозданов, МОН/Австрија Optimization and processing of nanobiosensor for biosensing application, д-р Анита Грозданов, МОН/Австрија Fundamental researchon High-PerformanceTextile, д-р Игор Јорданов, ТМФ/ Texas A&M University. Исто така, во моментот, активни се и повеќе мрежни проекти преку COST-програмата и ИАЕА и 5 национални проекти (Прилог 5.8.А). Во сите проекти кои се изведуваат на Факултетот се поддржува вклучувањето на студенти од сите циклуси на студии во научноистражувачката работа, што е детално образложено во точка 6.4. (Прилог 5.8.Б).

Тековно, во учебната 2023/2024, на **Факултетот за електротехника и информациски технологии** се имплементирани 8 меѓународни проекти, прикажани на веб-страницата на Факултетот (Прилог 5.8.В). Во учебната 2022/2023 година, на ФЕИТ биле водени 12 меѓународни проекти, а биле поднесени апликации за 18 меѓународни проекти од програмите HorizonEurope, LIFE, Erasmus + итн. Во истата учебна година се комплетираше и реализацијата на 3 проекти од програмата на Министерството за образование и наука за финансирање научноистражувачки проекти од посебен и јавен интерес за 2021 година, во насока на поддршка и развој на лабораториски ресурси. Реализацијата на овие проекти е од особена важност за наставниот процес, бидејќи набавената лабораториска опрема и развиените методи се достапни и за студентите, согласно со донесените политики за пристап до научноистражувачката инфраструктура во Лабораторијата за електрични мерења (Прилог 5.8.Г) и Лабораторијата за радијациона физика (Прилог 5.8.Д), при ФЕИТ. Во учебната 2021/2022 година, на ФЕИТ биле водени 15 меѓународни проекти, а дополнително биле поднесени апликации за 10 меѓународни проекти. Во учебната 2020/2021 година, на ФЕИТ биле водени 13 меѓународни проекти, а биле поднесени апликации во рамките на 8 проектни линии. Започнувајќи од учебната 2020/2021 година, согласно со Правилникот за користење средства од интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за научноистражувачки проекти (Прилог 5.8.Ѓ), годишно, на ФЕИТ, се финансира по еден научноистражувачки проект од страна на УКИМ. Едногодишните проекти на ФЕИТ, кои се финансирани од УКИМ, по учебни години, се наведени на веб-страницата на УКИМ (Прилог 5.8.Е). Дополнително, Деканатската управа донесе препорака, секоја година, два дополнителни едногодишни проекта да бидат финансирани од ФЕИТ. Во учебната 2019/2020 година, на Факултетот биле водени 11 меѓународни проекти, а биле поднесени апликации за 24 нови проекти. Оваа учебна година се добиени 3 билатерални проекти со НР Кина.

Наставниот кадар на **Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство** учествува во голем број меѓународни проекти, од кои најзначајни се проектите во рамките на следниве програми: Horizon Europe, Horizon 2020, FP7, NATO SPS, Erasmus+, Tempus, COST, EUROWEB, како и големиот број билатерални и мултирателарни проекти. Листата со сите проекти е дадена во Прилог 5.8.Ж.

На **Машинскиот факултет**, во учебните 2022/2023 и 2023/2024, активно се реализираат повеќе меѓународни проекти, и тоа: 1 проект од програмата Horizon Europe, 2 проекта од третиот пилар на Horizon Europe, раководен од EIT, 1 проект од INTERREG-програмата, 3 проекти од ERASMUS+ програмата, 2 проекта на INTERADRION-програмата, 2 билатерални проекта МК/Австрија. Истовремено, наставно-научниот кадар учествува во менаџмент-комитети на 6 COST-акции и раководи партнерска институција во 18 активни CEEPUS-проектни мрежи. Во наведениот период, наставно-научниот кадар на Факултетот има поднесено 15 проектни апликации на повеќе повици на Horizon Europe, Erasmus+, COST, EIT Manufacturing и INTERREG. Информации за активните проекти се прикажани на веб-страницата на Факултетот.

*Мобилност*

Во последните пет години, **Технолошко-металуршкиот факултет** настојува да создаде што повеќе можности за своите вработени и студентите преку нивно активно вклучување во меѓународни активности преку мобилност во рамки на: COST-соработки (13 мобилности), Еразмус + договорите (2 мобилности) и воспоставените мрежи на соработка со сродни високообразовни и научни установи (5 мобилности). Детален преглед е даден во табела 9.4.Г (Прилог 5.8.З).

Во рамките на Erasmus + програмата, **Факултетот за електротехника и информациски технологии** преку УКИМ континуирано потпишува договори со други факултети, односно универзитети, од регионот и Европа. Во оваа учебна година, 7 наставници, односно соработници од ФЕИТ реализираа меѓународна мобилност (Прилог 5.8.Ѕ). Истата учебна година, 12 студенти на втор циклус студии од SRH-универзитетот во Берлин престојуваа на ФЕИТ. Конкурсите за меѓународна мобилност, во рамки на Erasmus + програмата, се објавуваат на веб-страницата на Факултетот (Прилог 5.8.И).

*Конференции и работилници*

Во делот на конференциите и работилниците кои се организирани или се поддржани од **ФЕИТ**, би можеле да се издвојат:

- International Conference on Systems, Signals and Image Processing, IWSSIP 2023 (27 – 29.6.2023 – Охрид);
- Македонска Работилница од теорија на графови и применета математика ( 2021-онлајн, 2022, 2023, 2024 – Охрид);
- VIII меѓународен симпозиум за применета електромагнетика, SAEM 2022 (јуни 2022 – Струга);
- Летен симпозиум за електроника и процесирање на сигнали 2022, ЛЕОС 2022 (24 – 25.6.2022 – Крушево);

Во организација на ФЕИТ, во соработка со студентите и нивните организации, се и следните конференции, натпревари и работилници: Студентска конференција за енергетска ефикасност и одржлив развој (СКЕЕОР), Робомак, Science@FEIT (Прилог 5.8.Ј).

Од 2016 година, Факултетот е издавач на Списанието за електротехника и информациски технологии (англ. Journal of Electrical Engineering and Information Technologies), кое излегува 2 пати годишно (Прилог 5.8.К). Во ова списание, своите први публикации, кои произлегуваат од спроведените истражувања, ги реализираат голем број студенти запишани на втор и трет циклус студии на ФЕИТ.

**Машинскиот факултет** е издавач на научното списание „Машинско инженерство“, со 39-годишен континуитет, кое се издава два пати годишно, со меѓународен уредувачки одбор и политика на двојни независни рецензии. Во 2023 година, за списанието се изработи нов електронски портал, согласно со политиките за отворен пристап (Прилог 5.8.Л.).

**Природно-математичкиот факултет** редовно организира и учествува во бројни научни конференции, семинари и работилници, каде што студентите и наставниците ги презентираат своите научни трудови. Оваа активност не само што ја збогатува наставата, туку и овозможува континуирано усовршување преку нови научни сознанија. Синергијата помеѓу науката и наставата создава основа за квалитетно образование, кое ги подготвува студентите да станат активни учесници во научната заедница. Во рамките на овој дел, на Институтот за математика досега се одржале:

- 7 семинари за математика и нејзините примени, со 11 објавени книги со научно-популарни трудови од овие семинари, како и трудови за наставата по математика (Прилог 5.8.Љ);
- 4 меѓународни конференции за образованието по математика, физика и сродни науки;
- Манифестација за популаризација на природните науки и математиката – Ноември – месец на науката, чиј домаќин е еден од институтите на ПМФ, кои се одржуваат во ноември. Организатори на овогодишните денови на наука 2024 се Институтот за математика и Сојузот на математичари.

Сите овие активности, како и печатени книги можат да се видат на веб-страницата на Институтот за математика.

Институтот за хемија при **Природно-математичкиот факултет,** заедно со **Технолошко-металуршкиот факултет** и Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија (Прилог 5.8.М), во тековната година го организира 27. Конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија, на кој учествуваа повеќе од 250 учесници од земјата и од странство. Овие конгреси се одржуваат на секои 2 години, континуирано, повеќе од 50 години.

**Прилози**

**Прилог 5.8.А** Национални и меѓународни проекти на ТМФ
**Прилог 5.8.Б** Вклученост на студенти во научноистражувачката работа на ТМФ
**Прилог 5.8.В** Тековни меѓународни проекти на ФЕИТ
**Прилог 5.8.Г** Пристапна политика - Лабораторија за електрични мерења
**Прилог 5.8.Д** Пристапна политика - Лабораторија за радијациона физика
**Прилог 5.8.Ѓ** Правилник за користење средства за НИП
**Прилог 5.8.Е** Линк до веб-страница на УКИМ (НИП)
**Прилог 5.8.Ж** Листа со учество на меѓународни проекти на ФИНКИ
**Прилог 5.8.З** Мобилност на ТМФ
**Прилог 5.8.Ѕ** Мобилност на кадарот на ФЕИТ
**Прилог 5.8.И** Конкурси за Erasmus на ФЕИТ
**Прилог 5.8.Ј** Студентски конференции на ФЕИТ
**Прилог 5.8.К** Journal of Electrical Engineering and Information Technologies
**Прилог 5.8 Л** Mechanical Engineering
**Прилог 5.8.Љ** Информации за седумте семинари за математика и нејзините примени
**Прилог 5.8.М** 27th Congress of the Society of Chemists and Technologists of Macedonia (SCTM)

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Новите технологии во наставниот процес се особено застапени во практичната настава на **Медицинскиот факултет**. Во текот на часовите по практична настава, на студентите им е овозможено да се запознаат со најсовремена лабораториска опрема за биохемиски, функционални и други медицински иследувања.

На базичните медицински предмети се воведени модели за учење (анатомија и физиологија) каде што студентите може да вежбаат основни медицински вештини (техники на венепункција на медицински фантом, аускултација на срцеви тонови на медицинска кукла со можност за слушање на нормални резултати и наод кај најчести кардиолошки заболувања, регистрација на биоелектрични феномени со Биопак-апаратот и др.). Вежбите на експериментални животни се заменети со користење на компјутерски симулациони програми, кои за секоја наставна единица имаат воведен теоретски дел, главен експериментален дел за изведување на вежбата и квиз за проверка на знаењето.

Во наставата на Катедрата за педијатрија се користи медицинска кукла која симулира прематурно новороденче, при што студентите и специјализантите може да вежбаат третмани во ургентни педијатриски состојби (на пр., интубација или поставување на умбиликален катетер). Во наставата се користи вештачки модел на бели дробови, кој овозможува следење на размена на гасови и аускултација кај различни респираторни заболувања. На медицински кукли студентите може да вежбаат апликација на парентерална исхрана. За потребите за совладување на сложената техника на интубација кај бебиња, набавена е проѕирна глава, на која студентот може да го следи движењето на тубусот низ горните респираторни патишта. Еден од примерите за иновативни техники во медицината е јакнење на капацитетите на хирурзите во микрохирургијата преку совладување на клиничките вештини низ работилници и лаборатории со вежбање на кадавери (лешеви) пред да се премине на работа со вистински пациенти.

Методи за дијагностика на оралното здравје: состојба на забите (интраорални скенери за земање на дигитални отпечатоци; мобилни дигитални РТГ-апарати, 3Д-снимање и дијагностика), состојба на меките ткива и дијагноза на заболувања со помош на испитување на плунка (pH-метар, спектрофотометар, аналитичка вага, халитометрија – анализа на халитоза со помош на халитометар), метод за спроведување на озонска терапија со помош на апарат за озонирана вода), апарат за дејонизирање на водата, современа технологија за изведување на ендодонтски третман – обработка на коренските канални системи со помош на ендодонтски микроскоп), метод за лабораториско стареење на материјалите со користење на термобања при изведување на in-vitro студии, дигитализирање при изработка на протетички реставрации и екстраорално скенирање на работни модели и примена на диоден мекоткивен ласер класа 4, примена на центрифуга за II генерација тромбоцитно-збогатена плазма се дел од иновативните методи во наставата на **Стоматолошкиот факултет**. Како иновативна метода во практичните вежби од оваа учебна година е вклучена и работата со ендодонтски микроскоп при ендодонтска обработка на канали, како и работа со binocular loupes ( бинокуларни леќи ), работа со уред за тридимензионална оптурација на коренски канали со течна гутаперка и уред за топла вертикална кондензација на гутаперка штифтови, за што е набавена и соодветна апаратура.

Со цел примена на иновативни и интерактивни пристапи во наставата, Катедрата за преведување и толкување при **Филолошкиот факултет „Блаже Конески“** стана дел од академската програма на компаниите RWS Trados, Wordfast LLC и Phrase (Memsource), кои овозможуваат лиценци за нашите студенти со цел користење на софтверски апликации и технологии за компјутерски потпомогнато преведување, управување терминологија, изработка и размена на дигитални поимници, локализација на софтвер, машинско преведување и целосно управување преведувачки проекти. Во рамки на наставата по конференциско толкување на Мастерот по конференциско толкување, почнувајќи од 2020 година, воведено е користење на дигиталната платформа Zoom со опцијата за конференциско толкување, со што се постигна модернизирање на наставата, овозможување на држењето на наставата и одржувањето на испитите онлајн, како и организирање виртуелна педагошка асистенција од SCIC. Воедно, се користат и дигиталните ресурси, како што се: Speech Repository и Knowledge Centre of Interpretation, како помагала во наставата.

Во голем број на предмети на политичките студии на **Правниот факултет „Јустинијан Први“** се вклучени вежби со симулации на преговори и институционални и практични примери на функционирање на политичките институции и процеси. На студиските програми Новинарство и Односи со јавноста функционира Центар за иновации во медиумите, кој опфаќа и целосно функционално радио-телевизиско студио преку кое студентите имаат прилика да продуцираат конкретни содржини директно поврзани со целите на соодветните студиски програми. Студиото е целосно опремено и подготвено за употреба. Се очекува преку овој вид на практична настава, студентите да развијат вештини за примена на стекнатото знаење во праксата.

**Факултетот за музичка уметност** сè повеќе ја внесува новата технологија во однос на наставните програми, како и новите методи кои се употребуваат конкретно во музичките и танцовите дисциплини. Конкретно, во музичките дисциплини се користат следниве методи;

- неурофидбек метода: преку моторни активности, се влијае на мемориските и креативните процеси во мозокот и со тоа се подобрува самата изведба, техниката, подготвеноста на изведувачот и психофизичката состојба;
- перцептивно – тактилна метода во изучување на балетска педагогија; применување на различни пристапи за

изучувањето на танците, во зависност од возраста и степенот на обука.
Методата е преземена од поразвиените центри, во кој е докажано дека дала мошне продуктивни резултати.
И покрај недоволните финансиски средства со кои располага **Факултетот за ликовни уметности**, сепак преку Турската агенција за соработка и координација – **ТИКА** е обезбедена донација за опремување на современа компјутерска лабораторија за потребите на предметите поврзани со дигиталните технологии, графичкиот дизајн, дигиталната фотографија и видео- и аудиоуметноста, со што видно се подобри квалитетот во наставата.
Студентите на **Факултетот за физичко образование, спорт и здравје** активно ги користат можностите на аналитичко-дијагностичката лабораторија за учење, соработка и остварување на своите идеи. Активностите кои се реализираат во лабораторијата се:

- процена на моторичките способности
- процена на функционалните способности
- процена на морфолошките карактеристики
- анализа на телесниот состав
- процена на спортскиот талент
- процена на нивото на спортската (физичка) форма
- мониторирање на развојот на моторичките способности
- мониторирање на развојот на спортската техника
- мониторирање на ефикасноста на тренажниот процес.

Во тек на наставно-образовниот процес на **Архитектонскиот факултет** се применуваат современи технологии за изработка на макети и графичка визуелизација на проектите, со што се обезбедени:
- Лабораторија за 3D-печатење. Оваа метода предвидува конструкција на тродимензионален модел од CAD-цртежи или дигитален 3D-приказ. Процесот на изработка вклучува систем преку кој материјалот се депонира, се спојува или се зацврстува под компјутерска контрола, преку додавање на материјалот обично слој по слој.
- Лабораторија со опрема за компјутерска нумеричка контрола (CNC), односно автоматска контрола при обработка на плочест материјал. CNC-процесот се користи за трансформација на парче материјал (метал, пластика, дрво, керамика, камен или композит) во одредена форма, со следење на кодирани упатства преку оператор кој директно ја контролира обработката.
**Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер** ги користи и можностите за користење на едукативни лиценци од компанијата Autodesk, за сите наставници и студенти. Овие едукативни лиценци овозможуваат користење на целосно функционални верзии на програмските пакети на Autodesk, како што се: Autocad, 3DS Max, Autodesk Inventor, кои студентите активно ги користат за реализација на задачи и проекти во наставата.
Во Лабораторијата за ГИС при **Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“**, за потребите на наставата и на науката, се разработуваат современи компјутерски апликативни програми од областа на шумарството и озеленувањето на животната средина, се прават истражувања со далечинска детекција (remotesensing) и сателитски снимки и се осознаваат можностите на LiDAR-технологијата и дроновите.
**Факултетот за земјоделски науки и храна** организира и реализира континуирани обуки и тренинзи за вработените во насока на унапредување на постојните и воведување на нови методи за настава. Различни платформи се користат за споделување на информации, презентации, материјали и видеа, во насока на олеснување на совладувањето на предметната материја за студентите. Во рамките на одредени предметни програми се користат иновативни техники, алатки и софтвери, како што се: Socraticmethod, Blendedlearning, Mentimeter, Flippedclassroom и др. за иновативни начини на учење, Qualtrics, z-Tree, Structure, DARwin, R за моделирање, анализирање и презентација на податоците и др. Во мај 2023 година, Факултетот основа и Центар за унапредување на квалитетот на учењето и наставата во рамките на проектот Еразмус+ со наслов: Од дигитална технологија до образовна алатка: Унапредување на квалитетот на активното учење во земјоделските научни дисциплини во услови на онлајн и хибридна средина.
Од 2022 година на **Технолошко-металуршкиот факултет** работи Лабораторија за дигитална фабрикација и производство (ФабЛаб Скопје). Во неа, под менторство на академски професори и стручни лица од реалниот сектор, млади на возраст од 15 до 29 години развиваат и тестираат иновативни идеи до создавање продукт-прототип. Клучната цел на оваа лабораторија е да се зајакне иновативната инфраструктура во земјава и да се подобрат вештините и знаењата на младите средношколци и студенти. Во првата година, InnoFabLab им овозможи на педесетина креативни средношколци и студенти да се вклучат во работа на конкретни проекти кои резултираат со развој на продукт прототипи: greenlazybags, крекери од лушпи од домати, иновативен аеродинамичен објект, еколошки бекатон плочки од оризови лушпи и паметна брава. Преку оваа едукативно-практична програма на развој на производ, учесниците навлегоа подлабоко во светот на техниката и технологијата и се стекнаа со искуство и стручни вештини.

Освен технички и иновациски вештини, учесниците во работата на ИНО ФАБ ЛАБ добија и обука за основни бизнис и претприемнички вештини кои ќе им бидат од клучно значење за следната фаза од нивниот кариерен развој и за зголемување на шансите за комерцијален успех на иновациите кои ги развиваат во оваа лабораторија.
Институтите при природно-математичкиот факултет постојано воведуваат иновации. Од неодамна на Институтот за физика функционираат лаборатории за електрично карактеризирање на материјали, холографија, биофизика и др. За предметите по астрономија се користи програмскиот јазик Python, а студентите од наставна физика користат виртуелни експерименти преку симулации од PhET.Сеизмолошката опсерваторија континуирано го следи развојот на научните истражувања во областа на сеизмологијата воведувајќи нови современи методи за обработка на сеизмолошки податоци и изработка на оригинален софтвер за проблеми поврзани со сеизмолошката служба и научноистражувачката работа.
На **ФЕИТ**, повеќе од 15 години, се користи moodle-платформата e-kursevi.feit.ukim.edu.mk, како помошна алатка за реализација на наставниот процес (Прилог 5.9.А). Moodle-платформата се применува и на **ФИНКИ** од неговото основање (courses.finki.ukim.mk) (Прилог 5.9.Б). Преку оваа платформа се реализира најголемиот дел од комуникацијата помеѓу наставниците и соработниците од една, и студентите од друга страна, во рамки на поединечните предмети на различни циклуси студии на ФЕИТ. Moodle-платформата примарно се користи за испраќање известувања поврзани со наставниот процес до студентите, организација на часовите за лабораториски вежби, испраќање дополнителни електронски материјали за учење и објавување резултати од колоквиуми и испити. За време на ковид-19-пандемијата, оваа интернет-алатка служеше и како основен медиум за спроведување на наставниот процес, бидејќи во неа беше интегрирана и ZOOM-платформата за видеоконференции, преку која беше реализирана онлајн наставата на двата факултета. Во овој период беа детално разработени и вклучени во наставата дополнителните можности на Moodle-платформата за учење на далечина, како што се: опциите за реализација на тестови/квизови за проверка на знаењето кај студентите, опциите за прикачување семинарски работи или друг вид документи од самостојна работа итн. Иако, по наведениот период, Факултетот повторно е ориентиран кон целосно физичка настава, можностите на платформата за далечинско учење продолжуваат да се искористуваат во целост и континуирано да се дополнуваат и усовршуваат.
Во март 2023 година официјално беше пуштена во употреба Лабораторијата за производство ФЕИТ ФабЛаб. Оваа лабораторија треба да им овозможи на студентите работа на реални проекти преку дигитализација на производните процеси. Покрај за студентите, оваа лабораторија е отворена и за приватниот сектор во рамките на реализацијата на сопствени развојни и истражувачки програми. Приказ на ФЕИТ ФабЛаб, преку виртуелна ФЕИТ-платформата, е изложен во (Прилог 5.5.Д).

**Прилози**
**Прилог 5.9.А** Платформа e-kursevi на ФЕИТ
**Прилог 5.9.Б** Платформа Moodle

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран индикаторот.<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5 % од објавените публикации во последните пет години). |

На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и неговите составни единици се води сметка за задржување на академскиот интегритет на наставно-научниот кадар, и во целост се отфрлаат сите дејствија кои укажуваат на постоење плагијаризам, фалсификување и фабрикување на резултатите од научноистражувачката работа. Горенаведеното е во согласност со Етичкиот кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во Универзитетски гласник број 549 од 10.05.2021 (Прилог 5.10.А). Борбата против плагијаторството, фалсификувањето и фабрикувањето резултати од научноистражувачката работа е особено изразено во делот на фазата на изработка и поднесување магистерски или докторски трудови. Имено, менторот е задолжен за проверка на изработениот труд на кандидатот, во однос на степенот на плагијаризам кој тој го поседува. Истото се реализира преку веб-алатката plagijati.mon.gov.mk на Министерството за образование и наука на РС Македонија (Прилог 5.10.Б). Доколку се детектира дека поднесениот труд претставува делумен или комплетен плагијат на некое претходно истражување, на кандидатот не му се одобрува негова одбрана, а понатамошното санкционирање е спроведено во согласност со актите на Универзитетот и Факултетот.

За следење и санкционирање на прекршителите на етичките принципи во рамките на наставно-образовниот процес, на единиците на УКИМ се формира дисциплинска комисија од редот на наставниот и соработничкиот кадар, како и претставници од редот на студентите. Мандатот на наставниците/соработниците во оваа факултетска комисија е 4 години, додека на студентите е 1 година, и кај едните и кај другите без право на повторен избор. Во Прилог 5.10.В се наведени одлуките за избор на членови на дисциплинската комисија на единиците на УКИМ. Во Прилог 5.10.Г се наведени решенија за изрекување дисциплински мерки на поединечни студенти.

**Прилози**

**Прилог 5.10.А** Етички кодекс на УКИМ
**Прилог 5.10.Б** Веб-страница за проверување на плагијати изработена од страна на Министерството за образоавние и наука – Скопје
**Прилог 5.10.В** Одлуки за формирање дисциплински комисии на единиците на УКИМ. Одлуките се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците во Стандард 5, индикатор 5.10.
**Прилог 5.10.Г** Решенија за дисциплински мерки на единиците на УКИМ. Решенијата се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците во Стандард 5, индикатор 5.10.

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научноистражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Системот за следење на научноистражувачката работа на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е во согласност со Законот за научноистражувачката дејност (Прилог 5.11.А) и може да се прикаже преку две основни перспективи. Првиот метод за следење на научноистражувачката работа произлегува од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 5.4.В), согласно со Законот за високото образование (Прилог 1.1.А). Овој начин на следење на научноистражувачката работа претставува утврдување неколкугодишен пресек на работата на наставниците и соработниците, вработени на факултетот, во насока на постигнување на законските услови за избор или реизбор во соодветните звања. Вториот метод на следење е базиран на годишна анализа на постигнувањата на вработените на одделните единици на УКИМ согласно со законското барање за поднесување годишен извештај за работата на деканот (Прилог 5.9.В) и статутот на единиците на УКИМ (Прилог 3.1.А).
Тековно, наставниот кадар ги документира сите активности поврзани со научноистражувачка работа која опфаќа: трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има фактор на влијание, трудови што подлежат на рецензија и се индексирани во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SC Imago Journal Rank итн., трудови во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови статии, публикации во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД. Овие активности се достапни и за пошироката публика преку Репозиториумот на научни и уметнички трудови на УКИМ, кој претставува дигитална архива на збирки записи за научниот и уметничкиот опус на Универзитетот, кој истовремено овозможува отворен и контролиран пристап до достапните содржини, нивно пребарување и понатамошна обработка. Главна цел на репозиториумот на УКИМ е трајно да се складираат мета-податоците за трудовите на стандардизиран начин, кој овозможува обработка, размена и пребарување, како и подигнување на нивото на видливост на УКИМ. Дополнително, научните трудови се видливи и преку глобалните онлајн платформи, како што се: GoogleScholar, ResearchGate, ORCID, Academia и други. Овие платформи (Прилог 5.11.Б) служат како складиште на академските придонеси на заедницата, помагајќи да се подобри видливоста и да се поттикне соработката во глобалната академска заедница. Сите детални информации за научноистражувачката работа во која учествува наставниот и соработничкиот кадар на единиците на УКИМ се дадени во Прилог 5.11.В.

**Прилози**
**Прилог 5.11.А** Закон за научноистражувачката дејност
**Прилог 5.11.Б** Ризница на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Прилог 5.11.В** Линк до листа на публикации и проекти на единиците на УКИМ

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели, како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики.<br>Релевантни извештаи или препораки. |

Бројни се примерите за кореспондирање на научноистражувачката работа на УКИМ со локалните, регионалните

и/или националните развојни цели, како и социо-економскиот и културниот контекст.
Наставно-научниот кадар на **Факултетот за драмски уметности** континуирано придонесува за напредок на оваа област во работењето на Факултетот, но и како фактор во уметноста во општеството. Во соработка со Амбасадата на САД беше одржана работилница за ТВ-сценарио, предводена од две мошне успешни холивудски сценаристки, при што интерес за учество покрај нашите студенти, покажаа и професионалци и поединци од странство. Факултетот редовно соработува со повеќе институции и здруженија од сродни дејности со кои има склучено меморандуми или договори за соработка: Театар за деца и младинци – Скопје, Здружение за афирмација на театарската и изведувачката дејност „Тим театрос“ – Скопје, Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ – Прилеп, Фондација „Ѓорѓи Марјановиќ“ – Скопје, Македонски народен театар – Скопје (Прилог 5.12.А).
Уметничко-научната и истражувачка работа која ја реализира **Факултетот за музичка уметност** преку наставните и вonнаставните активности е во согласност со развојните цели на Министерството за образование и Министерството за култура и се однесува на следење на стратегиите за развој во овие области. Факултетот за музичка уметност тесно соработува со сродните институции: Македонската филхармонија (Прилог 5.12.Б), Национална опера и балет (Прилог 5.12.В) и Национален џез-оркестар (Прилог 5.12.Г), преку заеднички програми и преку споделување на искуства и препораки.
Учеството и подготовката на проекти од различни области на **Фармацевтскиот факултет** има големо и разнолико влијание врз фармацевтската заедница, како и врз индустријата и стопанствениците.
- Проектот „Пристапи за развој на еколошки прифатливи хроматографски методи во фармацевтски анализи“ овозможи развој на одржливи хроматографски методи што можат да најдат примена во лабораториите за контрола на квалитет на лековите во фармацевтската индустрија, како и во националните лаборатории за вршење контрола на квалитет на лековите. Токму затоа, фармацевтската компанија „Алкалоид“ АД – Скопје, во соработка со Центарот за кариера при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, започна едукативно-апликативен проект наменет за студентите на Фармацевтскиот факултет.
- Проектот „Имплементација на иновациски модели во процесот на развој на нови производи за третман на рани во здравствениот сектор“ може да има значаен придонес кон регионалните и националните развојни цели, особено во областа на здравството и фармацевтската индустрија. Преку развој на нови медицински производи, базирани на природни компоненти, како што се иновативните преврски за третман на хронични рани, проектот не само што промовира примена на природни ресурси, туку и овозможува создавање нови економски можности.
- Проектот „ВетаЛипоФер – додаток во исхрана за профилактички третман на анемија кај животни“ резултира со подготовка на иновативни формулации за перорална администрација на железо кај животни, која ќе биде комерцијализирана и пуштена во промет во РС Македонија.
- Проектот „Развој на вибрационииспектроскопски методи за брзо следење на фитоканабиноиди во коноп и соодветни преработки“ овозможува развој на модели за брзо следење на фитоканабиноиди во процеси на одгледување и екстракција, што помага во воведување на нови процесни аналитички техники во производството на канабис за медицински цели.
-Проектот именуван како „’Зелени‘ аналитички пристапи во проценка на квалитетот на препарати и хербална суровина од *Silybummarianum* L.“ овозможува предложување и воведување на брзи, зелени екстрактивни техники за бел млечен трн, што е одличен начин за оптимизирање на процесот на проценка на биоактивните компоненти, како што е силимаринскиот комплекс. Овие техники би можеле да овозможат побрза и поефикасна анализа во споредба со традиционалните фармакопејски методи, што ќе го олесни процесот на проверка на квалитетот на суровините и ќе придонесе за поголема еколошка одржливост со користење на зелени технологии.
Во март 2024 година, **Архитектонскиот факултет** е изработувач на седум студии и Стратегија за одржлив развој за потребите за изработка на ГУП на Град Битола.
Архитектонскиот факултет, низ користењето на современите научни методи и инклузивниот пристап во изработката на студиите и стратегијата, овозможува анализа и подобро разбирање на состојбите и процесите кои го обликуваат развојот на Битола и истовремено низ научни факти и сознанија нуди иновативни решенија за иднината на градот. Стратегијата за одржлив развој, која претставува сублимат на сите изработени студии, ја дава визијата за развој на град Битола и нејзините жители во следниот период.
Богатата научноистражувачка работа на **Природно-математичкиот факултет** соодветствува и влијае на локалните и националните развојни цели во голем дел од областите.
-Во културата, научноистражувачката и архивската работа на Институтот за етнологија и антропологија ја следи Националната стратегија за заштита и користење на културното наследство (2021 – 2025) (Прилог 5.12.Д). Според тоа, сите теренски материјали произлезени од истражувачката работа на студентите и вработените се архивираат во Дигиталниот архив на етнолошки и антрополошки ресурси и се заштитуваат. Истовремено, тие се стават на располагање и на идните истражувачи за, преку различните проекти, културното наследство да се промовира и понатаму. Пример за ова се 4-те објавени томови на „Етнографски извори за Македонија“(Прилог 5.12.Ѓ), тековен проект започнат во 2019 година. Тоа се изданија во кои се содржани материјали кои се однесуваат на Македонија

во рамки на проектот „Етнографски атлас на СФРЈ“.
-На Институтот за хемија, дел од научноистражувачката работа е посветена на создавање на електрохемиски сензор за детекција на експлозиви добиени од водород пероксид (Прилог 5.12.Е), кој кореспондира со националната цел на државата за антитероризам, посебно по влегувањето на државата во НАТО. Дополнително, преку проектот „Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија'', дониран од кралството Норвешка, а поттикнат од планот за ремедијација на Министерството за животна средина и просторно планирање преку фирмата „Полиеко“, се става во функција нова аналитичка опрема во акредитираната Лабораторија за хроматографски анализи на ПМФ, која ќе се користи за независен мониторинг и контрола на ефектите на чистењето на линданот во ОХИС (Прилог 5.12.Ж).
-На Институтот за физика има научни истражувања кои го проучуваат квалитетот на воздухот во Р Македонија, преку проценка на атмосферско таложење на потенцијално токсични елементи со примена на техника на биомониторинг на мов (Прилог 5.12.З). Исто така, се следи загаденоста на почвата преку проучување на дистрибуција на некои природни и вештачки радионуклиди во почвата од градот Битола и неговата околина (Прилог 5.12.Ѕ). Научни истражувања поврзани со заштитата на животната средина и заштита на населението од природни непогоди има и од областа на метеорологијата и сеизмологијата.
-Голем дел од истражувачкиот фокус на неколку катедри на Институтот за биологија и Институтот за географија е насочен кон истражување на природните вредности на неколку заштитени подрачја во Македонија. Поконкретно, професори и соработници од двата института неодамна беа вклучени во изработката на Студијата за валоризација на природните вредности на Шар Планина, клучна за прогласување на ова подрачје за национален парк во земјата, како и Студијата за ревалоризација на природните вредности на НП „Маврово”. Освен тоа, дел од истражувањата на овој институт се насочени и кон проучување на биолошката разновидност во насока на оценување на влијанието кои разни градежни проекти го имаат врз животната средина (Прилог 5.12.И).
Научноистражувачката работа на **Факултетот за земјоделски науки и храна** е во насока на унапредување на знаењата и вештините од различни области на земјоделството и производството на храна и таа кореспондира со националните развојни цели, и е во функција на социо-економскиот и културниот раст во општеството. Резултатите и најдобрите практики се споделуваат со пошироката јавност и се во функција на подобрување на целокупниот земјоделско-прехранбен сектор во државата, како можности за вработување во земјоделскиот сектор – состојба и препораки за примарните производители, агробизнис-секторот и младите од Пелагонискиот Регион – Пчеларски ден – знаење и дружење, пред повеќе од 160 гости, меѓу кои делегација од Амбасадата на Народна Република Кина во Македонија, претставници на владини институции, компании, граѓански здруженија и одгледувачи на пчели од Македонија и регионот и др.
Проектите што се раководат од наставниците на **ФЕИТ**, заедно со публикуваните трудови, се во корелација со Стратегијата за паметна специјализација на Република Северна Македонија 2024 – 2027 (Прилог 5.12.Ј), и тоа во 3 од 4 приоритетни вертикални области за постигнување на нејзината визија: информациски и комуникациски технологии (ИКТ), електро-машинска индустрија – индустрија 4.0 и одржливи материјали и паметни згради. Научноистражувачкиот придонес на кадарот на ФЕИТ е во корелација и со 1 од 2 хоризонтални области на делување, предвидени со паметната специјализација, а тоа е областа енергија за иднината. Треба да се напомене дека заложбите на ФЕИТ за постигнување на визијата за паметна специјализација се согледуваат и во работењето на Центарот за трансфер на технологија и иновации (ИННОФЕИТ), преку воспоставената соработка на Факултетот со стопанството (Прилог 5.12.К).
Во насока на сообразност со националните развојни цели, научноистражувачката работа на наставниците и соработниците на ФЕИТ е во корелација и со Националната развојна стратегија (НРС), (Прилог 5.12.Л), поконкретно во наведените области: одржлива, иновативна и конкурентна економија, сигурно, безбедно и отпорно општество, и зелена трансформација.

**Прилози**
**Прилог 5.12.А** Меморандуми за соработка на ФДУ
**Прилог 5.12.Б** Настан во Македонската филхармонија
**Прилог 5.12.В** Настан во Национална опера и балет
**Прилог 5.12.Г** Настан со Национален џез-оркестар
**Прилог 5.12.Д** Националната стратегија за заштита и користење на културното наследство
**Прилог 5.12.Ѓ** Етнографски извори за Македонија
**Прилог 5.12.Е** Детекција на гасовит водород пероксид
**Прилог 5.12.Ж** План за ремедијација на локација од ОХИС
**Прилог 5.12.З** Атмосферско таложење на потенцијално токсични елементи во Р. Македонија
**Прилог 5.12.Ѕ** Дистрибуција на некои природни и вештачки радионуклиди во почвата од градот Битола и неговата околина
**Прилог 5.12.И** Извештај: Оценка на влијанието од изградбата на автопатот Тетово-Гостивар врз диверзитетот на

| |
|---|
| акватичните безрбетници<br>**Прилог 5.12.Ј** Стратегија за паметна специјализација на МОН<br>**Прилог 5.12.К** ИНОФЕИТ<br>**Прилог 5.12.Л** Национална развојна стратегија |

**ДЕТЕКТИРАНИ СЛАБИ СТРАНИ ОД СТРАНА НА НЕКОИ ОД ЕДИНИЦИТЕ ВО ОДНОС НА СТАНДАРД 5**

**ИНДИКАТОР 5.1.**
Коментар во врска со бројот на вработени на единиците каде што бројот на редовните професори далеку го надминува бројот на вонредни професори и доценти, што посочува на голем јаз во вработувањата од десетина години. Видлив е напорот на УКИМ да обезбеди нови вработувања на научен подмладок. Идна цел е да се обезбедат услови за континуирано вработување на стручен кадар за секое испразнето место и со обезбедување на нови вработувања да се намали преоптовареноста на наставниот кадар на некои од единиците на УКИМ.

**ИНДИКАТОР 5.2.**
Коментар во врска со научната активност каде што постои стагнација во објавувањето на трудови во базата на WoS, како и разлики во научната актива меѓу одделните единици на УКИМ. Оттука, потребно е донесување мерки за подобрување на квалитетното публикување и зголемување на научната актива на УКИМ, што подразбира обезбедување на подобри услови и вложувања во развојот на научноистражувачката работа, обезбедување на национални проекти и поголема поддршка од страна на МОН. Некои од единиците имаат послаба научна активност во објавување на трудови во реномирани списанија со фактор на влијание.

**ИНДИКАТОР 5.6.**
Коментар во врска со немањето правилници за поттикнување на кадарот за научноистражувачка работа, каде што на голем број единици на УКИМ не постојат регулативи за наградување на кадарот, со што би се поттикнала научноистражувачката работа, печатењето во врвни списанија, учеството на конференции и сл.

Коментар во врска со обезбедувањето сопствени средства за професионален развој на кадарот, каде што напредувањето во звања на наставниот кадар не е возможно без професионален развој на наставниот кадар. На поголем дел од единиците, активностите кои се насочени кон унапредување на наставниот и соработничкиот кадар се реализираат во услови на мошне ограничени финансиски средства за оваа намена, па оттаму треба да се воспостават механизми за континуирано обезбедување на дополнителни средства од различни извори.

**ИНДИКАТОР 5.7.**
Коментар за ангажирање на визитинг-наставници и стручњаци од практиката, каде што размената со академски кадар од други академски центри од земјата и од странство е на релативно ниско ниво и е далеку под потребите. Идни насоки: да се стимулираат единиците на УКИМ за поголема соработка со стопанството за ангажирање истакнати стручњаци од практиката, вработени кои со своите компетенции ќе ја збогатуваат и пополнуваат наставата. Препорака: единиците да го зголемат учеството во меѓународни проекти, со што ќе се овозможи размена на академски кадар.

## Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата, односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на | Финансиски план од претходните пет години.<br>Финансиски извештаи од претходните пет години.<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи, кој се издвојува за научноистражувачка работа). |

| научноистражувачка дејност, кој сеопфатен и ефикасен. | |
|---|---|

Согласно со Законот за високото образование, средствата за финансирање на УКИМ се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од други извори определени со закон каде што појдовна основа се годишните финансиски планови кои содржат: број на студенти за запишување со партиципација и школарина, пресметки за реалните трошоци за реализација на секоја студиска програма согласно со нејзините специфики, тековните трошоци за работењето, како и трошоците за инвестиции и развој.

Во таа насока, финансискиот план на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје претставува еден вид проекција помеѓу приходите и расходите на Универзитетот, а се донесува согласно со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија. Финансискиот план ги содржи годишните финансиски планови на приходите и расходите за сметките по програми, потпрограми, ставки и сметки на Универзитетот, единиците и организационите единици на Универзитетот.

Во финансискиот план се содржани следните сметки: 603 – буџетски средства; 631 – сметки за закупнини; 788 – средства од самофинансирање и 785 – средства од меѓународни проекти. Согласно со член 6 од Законот, буџетските корисници од централната власт можат да ги користат средствата од Буџетот само доколку во рок од 25 дена од донесувањето на Буџетот на РСМ, до Трезорот при Министерството за финансии доставaт годишен финансиски план по квартали за користење на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки.

Сите буџетски корисници од централната власт, според член 6 од Законот, можат да ги користат средствата од Буџетот само доколку во рок од 25 дена од донесувањето на Буџетот на РСМ, до Трезорот при Министерството за финансии доставaт годишен финансиски план по квартали за користење на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки. Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје е должен кон секоја единица во рок од 5 дена да достави извадок од годишниот финансиски план по сметки, програми, потпрограми и ставки, во кој се содржани одобрените средства за одделните единици. Врз основа на доспеаниот извадок, единиците изготвуваат свој финансиски план, кој го доставуваат до Министерството за финансии во рок од 25 дена од донесување на Буџетот. Понатамошното планирање на средствата во финансискиот план на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје е извршено во согласност со одобрените средства по ставки и потставки во Буџетот на РСМ. Универзитетот и составните единици се должни да извршат проектирање на приходите и раходите за следните пет години, согласно со законската процедура, земајќи ја притоа предвид искористеноста на финансиските планови. Врз основа на поднесениот предлог-финансиски план на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје и единиците, проекциите за распределба на средства по сметки за 2024 год. се следни:

- на сметката 603 – буџетски средства, одобрени се буџетски средства во износ од 2,253,765,00 денари, односно 71,9 % од проектираните приходи кои изнесуваат 3,135,200,00 денари;
- на сметката 631 – сметки за закупнини, одобрени се буџетски средства во износ од 14,400.00 денари, или 83,7 % во однос на проектираните приходи кои изнесуваат 12,052,00 денари;
- на сметката 788 – средства од самофинансирање, одобрени се буџетски средства во износ од 1,386,200.00 денари, односно 46,0 % од проектираните приходи кои изнесуваат 3,016,000.00 денари;
- на сметката 785 – донаторски сметки, одобрени се буџетски средства во износ од 93,690.000.00 денари, односно 39,3 % од проектираните приходи кои изнесуваат 238,490.000.00 денари.

Од вкупно проектирани приходи 6.404.090.000,00 ден., за сите сметки на Универзитетот за 2024 год., одобрени се 3.745.707.000,00 денари, односно 58,5 % од проектираните приходи. Одобрените средства се определуваат од страна на Министерството за образование и наука и Министерството за финансии, кои се доставуваат до Универзитетот, кој потоа ги прераспределува до единиците во својот состав. Сите единици на Универзитетот располагаат со приходите согласно со намената на финансиските планови, во согласност со законските прописи.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како и неговите составни единици, обезбедените буџетски средства ги користат за покривање на платите и придонесите на вработените, покривање на трошоци за комунални услуги и парно греење, како и за научни проекти, додека самофинансирачките средства кои ги остваруваат единиците во најголем дел се користат за реализација на наставно-образовната, применувачката и научноистражувачката дејност, потоа тековно одржување, реконструкции, опремување, усовршување на кадарот итн.

Во однос на капиталните инвестиции и останатите трошоци, се истакнува и **Факултетот за ветеринарна медицина**, кој од сопствените приходи издвојува преку 80 % за покривање на тековните трошоци.

Во однос на приходите во 2023 година може да се издвојат: **Медицинскиот факултет,** со износ од 1.031.262.387,00 денари, од кои 25,73 % се приходи од настава и образование, 43,34,% приходи од здравствена дејност и 25,73 % се средства добиени од Министерство за образование и наука; **Природно-математичкиот факултет,** со остварен приход од 284.020.526,00 денари, од кои 74,89 % се од Министерствотот за образование и наука и 25,11 % од сопствени приходи; **Градежниот факултет,** со износ од 185.694,877.00 денари (сопствени: 116.130.506.00 ден.), со зголемување за 50 % во однос на претходната 2022 година, потоа **Економскиот факултет,** со 172.469.668,00

денари, од кои 53,62 % се од сопствените приходи од самофинансирачки активности, **Факултетот за електротехника и информациски технологии** во 2023 година има остварено вкупен приход од 158.167.207,00 денари, **Фармацевтскиот факултет,** со вкупни приходи во 2023/2024 год. од 120.256.000,00 денари, од кои 50,22 % се од средства добиени од МОН.

Во согласност со Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за периодот од 2020 до 2023 година (пречистен текст) (број 02-100/7-1 од 22.1.2021 година) и Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за периодот од 2024 до 2026 година (број 02-1019/28 од 22.11.2023 година) (Прилог 6.1.А), реализирани се повеќе активности. Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како и претходните години, ја продолжи политиката на развој и стимулација на научноистражувачката дејност. За таа цел, доделени се вкупно 3.600.000,00 денари денари за научноистражувачките проекти на единиците на Универзитетот (24 проекти по 150.000, 00 денари). Со Одлука на Универзитетскиот сенат, за најдобрите научници за 2022 година доделени се средства во износ од 334.590,00 денари. За организирање научни собири, печатење списанија и други активности поврзани со науката, потрошени се средства во износ од 1.980.670,00 денари, додека, пак, за издавачка дејност на Универзитетот потрошени се вкупно 2.042.400.000,00 денари. Во период од 2023 до 2024 година, на ниво на Универзитетот за капитални инвестиции (набавка на опрема) на единиците реализирани се вкупно 36.000.000,00 денари од буџетски средства, од кои најголем дел (1.200.000,00 денари) се вложени на **Факултетот за ликовни уметности** (од вкупно 4.500.000,00 ден). Во однос на градежните работи, реконструкција и адаптација на објектите на единиците од издвоените буџетски средства (31.500.000,00 денари), најголем износ е одвоен за **Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство** (10.000.000,00 денари).

Дел од активностите за научноистражувачката дејност, како и ресурсите за настава на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се финансирани од средства обезбедени од страна на Министерството за образование и наука, додека, пак, научноистражувачката дејност во најголем дел е финансирана од сопствените средства, како на факултетите, така и на институтите, во согласност со соодветните акти на единиците (Одлука за научноистражувачка дејност на самите единици, Одлука за плати и надоместоци). **Архитектонскиот факултет,** за објавување на научни трудови во 2023 година, има издвоено вкупно 216.000,00 денари за вкупно 18 труда. **Градежниот факултет,** за научноистражувачката дејност во 2023 година, издвоил 1,4 % од вкупните приходи и 2,3 % од сопствените приходи, додека **Економскиот факултет** издвоил 11,7 % од сопствените приходи за развој на наставната и научноистражувачката дејност, како и мобилноста. **Машинскиот факултет**, исто така, согласно со актите на единицата (Правилник за финансиска поддршка на активностите поврзани со научноистражувачката работа и меѓународната соработка за развој на науката и образованието на Машинскиот факултет во Скопје) (Прилог 6.1.Б), секоја година финансира еден научноистражувачки проект во вредност од 180.000,00 за период од 3 години (2023 – 2025 год.).

**Медицинскиот факултет** издвоил 5.580.000,00 денари од сопствени средства за финансирање на научноистражувачките проекти, каде што е предвидено финансирање на клинички и лабораториски истражувања, трошоци за реагенси, опрема и сл. За разлика од претходно наведените единици каде што најголем дел од средствата за научноистражувачката работа се издвоени од сопствени средства, **Природно-математичкиот факултет** за научноистражувачката работа издвоил вкупно 32.126.121,00 денари, односно 89,71 % од Буџетот на РСМ. Како и голем дел од единиците, **Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство** секоја година одвојува по 30.000,00 денари по вработен за објавување на научноистражувачки трудови. Покрај тоа, Факултетот распишува и интерен оглас за финансирање на научноистражувачки проекти.

Меѓутоа, треба да се има предвид дека дел од единиците на Универзитетот, заради специфичноста на студиските програми, не ги задоволуваат комплетно потребите на единицата од добиените буџетски средства. Како пример може да се наведе **Факултетот за ликовни уметности**. Исто така, ограничен буџет и развој на научноистражувачката компонента се согледува и на **Факултетот за драмски уметности**, каде што во изминатите три години, единствени проекти кои се сработени се поддржани од Универзитетот, и тоа: 2020/2021, со износ од 250.000,00 денари, додека во 2021/2022 и 2022/2023, износот на средства изнесува 150.000,00 денари. **Институтот за македонска литература,** за студентите од трет циклус, на годишно ниво издвојува 220 евра од школарината за делумно покривање на трошоците за еднонеделен студиски престој во странство, и тоа на научни или високообразовни установи и институции од областа на културата.

Проблемот кој се јавува со нецелосно реализирани планови на буџетските средства на крајот на годината е поради отсуство на финансиска автономија на Универзитетот, при што единиците го наведуваат задоцнетото одобрување и многу често неодобрување на бараните планови за користење на финансиските средства од сметките на самофинансирачките активности и донации кои се под контрола на државата. За напомена е и финансискиот упад во автономијата на Универзитетот преку плановите (август – октомври 2023 година), кога без најава Министерството за финансии ги одзема финансиските планови на Универзитетот и единиците не беа во можност да функционираат од финансиски аспект, што особено се одрази на преземените обврски кои не можеа функционално да се исполнуваат.

| | |
|---|---|
| **Прилози**<br>**Прилог 6.1.А** Програма за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот од 2024 до 2026 година<br>**Прилог 6.1.Б** Правилник за финансиска поддршка на активностите поврзани со научноистражувачката работа и меѓународната соработка за развој на науката и образованието на Машинскиот факултет во Скопје<br>**Прилог 6.1.В** Завршни сметки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2023)<br>**Прилог 6.1.Г** Финансиски план на единиците на УКИМ | |
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар, вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби, имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби).<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите.<br>Попис на библиотечен фонд на установата, како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма).<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина.<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби.<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во рамките на својот состав опфаќа 28 единици, и тоа: 23 факултети и 5 научни институти. Наставно-образовната, научноистражувачката и апликативната дејност во рамките на наведените единици на УКИМ се изведува во амфитеатри, предавални, вежбални, училници, акредитирани и/или неакредититрани лаборатории, клиники, болници, теренски услови и сл. Вкупната површина на објекти со кои располагаат единиците на Универзитетот надминува 300.000 м$^2$. Како добар пример на приказ на просторните капацитети со кои располагаат единиците на УКИМ, може да се наведе **Факултетот за електротехника и информациски технологии**, преку платформата Виртуелен ФЕИТ, која овозможува детален приказ на сите простории, предавални, лаборатории и сл. (Прилог 5.5.Д). Во насока на достапност на просторните капацитети, **Факултетот за физичко образование, спорт и здравје** се соочува со ограничени просторни услови заради работата на Спортската академија и заедничко користење на просториите со Спортската гимназија „Методиј Митевски Брицо“.

Вкупната површина на единиците на Универзитетот поединечно, пописот на функционална информатичка опрема достапна за студентите, информатичките ресурси и сл. се приложени во елаборатите на студиските програми (Прилог 6.2.А). Особено треба да се истакне дека УКИМ, како и дел од факултетите, имаат непречен бесплатен безжичен пристап на интернет преку EduROAM-мрежата кој го користат студентите и наставниот кадар, преку лична електронска факултетска адреса и лозинка. Во иднина, неопходно е вмрежување на сите единици на УКИМ во EduROAM-мрежата.

Во однос на информатичките ресурси за учење од далечина, од 2019 година, **Машинскиот факултет** ја обезбедува платформата Microsoft 365 plan for Education, со набавени лиценци за студенти и вработени, а воедно обезбедува и лиценци на софтверот SolidWorks EDU Edition. На Фармацевтскиот факултет, за одржување на испити, се користи елкетронската платформа Exam.net, до која студентите имаат бесплатен пристап и за која на веб-страницата на Факултетот е прикачено соодветно упатство (Прилог 6.2.Б).

На **ФЕИТ**, за потребите на наставата, интегрирани се бројни алатки за настава на далечина, и тоа: алатки за конференциска врска (ZOOM, BigBlueButton и Jitsi), виртуелна соработка (Collaborative document), виртуелни лаборатории (Geogebra, Virtual programming laboratory и EJSApp remote laboratories) и други помошни алатки (Mindmaps, SCORM и IMS content package).

Заради специфичноста за изведување на практичната настава, **Факултетот за ветеринарна медицина** поседува збирка на колекции од хистолошки, паразитолошки, цитолошки, како и патохистолошки препарати, кои во поголем дел се дигитализирани, како и бројни пластинирани препарати за изучување на анатомската градба на различни органски системи, кај различни видови животни. Од 2020 година, Факултетот ја воспостави Просторијата за работа со анимални модели, каде што студентите за прв пат пред почетокот за работа со пациенти и живи животни имаат можност да ги практицираат клиничките техники на анималните модели.

Библиотеките, како составен дел на единиците на УКИМ, имаат богат и разновиден книжен фонд. Сите библиотеки во рамките на единиците се достапни секој работен ден во периодот 08 – 16 часот или подолго. Покрај факултетските библиотеки, придружна членка на Универзитетот е и Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски – Скопје, која е достапна за сите студенти. Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје особено внимание посветува на непречената достапност до голем број бази на списанија, како, на пример, EBSCO, HIMARI, CambridgeCore и многу други до кои единиците имаат пристап. Како позитивен пример за онлајн достапен каталог на стручна литература е Архитектонскиот факултет (Прилог 6.2.В). Библиотеките на **Економскиот** и

**Филозофскиот факултет,** како и **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања** се членки на COBISS-платформата, која претставува организациски модел на поврзување на библиотеките во национален библиотечно-информациски систем. Преку претплата на Google Workspace Business Standard, на Економскиот факултет е овозможена непречена организација и снимање на онлајн или хибридни настани и поголема посетеност на надворешни лица при организација на конференции, работилници, вебинари и сл. Факултетот за електротехника и информациски технологии и Машинскиот факултет користат заедничка библиотека, и книжниот фонд е исто така достапен за корисниците и студентите преку библиотечните каталози, како и онлајн. Фармацевтскиот факултет, исто така, им овозможува на студентите преку користење на е-библиотеката да дојдат до дополнителни изданија на Фармацевтскиот факултет (Прилог 6.2.Г).

Поголем дел од единиците имаат ограничен пристап за лица со посебни потреби. На **Архитектонскиот факултет,** од 2022 година, на 92,2 % од вкупната површина наменета за настава и самостојна работа на студенти за лицата со посебни потреби е овозможен пристап до скоро сите простории на Факултетот. Пристапноста за лицата со посебни потреби е овозможена со 1 лифт и 3 скалишни платформи со кои се пристигнува на сите нивоа и меѓунивоа на Факултетот. Исто така, на секое ниво од објектот е обезбеден тоалет за лица со посебни потреби. На **Економскиот факултет,** во рамките на проектот од Министерството за образование и наука, со цел поголема инклузивност и вклучување на лицата со физички хендикеп, во 2022 година се поставени еден вертикален лифт, две косодвижечки рампи, сигнализација за лицата со попреченост, приспособени санитарни чворови за лицата со посебни потреби, како и достапност до просториите во зградата на Факултетот. **Факултетот за драмски уметности** и **Филозофскиот факултет,** исто така, располагаат со рампи и тоалети кои овозможуваат пристап на лицата со посебни потреби. Пристап за лицата со хендикеп има и на ФЕИТ, со 3 пристапни рампи и лифт со кои се овозможува пристап до главната зграда и приземјето на Факултетот, но недостасуваат пристапни рампи до лабораториите кои се на горниот кат. За лицата со дислексија, ФЕИТ ги приспособува и испитите со соодветен фонт, и воедно на веб-страницата има поставено посебни е-курсеви. Како надополнување на добар пример за инклузивност, на ФЕИТ во тек е проектот ИнДиБиб, чија цел е создавање на Инклузивна дигитална библиотека на електронски изданија на учебници и учебни помагала на ниво на Универзитетот. Работната верзија на оваа платформа е поставена на http://indibib.feit.ukim.edu.mk/.

За потребите на лицата со посебни потреби, на Филозофскиот факултет се достапни специјализирани опреми, како што се Брајов принтер, 3Д-принтер и како дел од својата традиција преку бројни активности секоја година на 3 декември, Филозофскиот факултет го обележува Меѓународниот ден на лицата со попреченост.

На Стоматолошкиот факултет, заради специфичноста на профилот што се едуцира и побарува целосна психофизичка способност, на студиските програми не се запишуваат лица со посебни потреби.

**Прилози**

**Прилог 6.2.А** Елаборати на сите студиски програми на единиците на УКИМ

**Прилог 6.2.Б** Платформата Exam.net

**Прилог 6.2.В** Каталог на стручна литература на Архитектонскиот факултет

**Прилог 6.2.Г** Е-библиотека на Фармацевтски факултет

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава, како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби.<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби.<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

За вршење на стручните и административните работи на Универзитетот се формира Стручна и административна служба. Стручната и административна служба се организира како интегрирана стручна и административна служба

на Универзитетот, која ја сочинуваат Централната стручна и административна служба – Ректорат и стручните и административни служби на единиците (факултети/институти) во состав на Универзитетот.

Единственото функционирање на Стручната и административна служба на Универзитетот се остварува со меѓусебна соработка на Централната стручна и административна служба – Ректорат и стручните и административни служби на единиците (факултети/институти) и со усогласување на нивната работа.

Интегрираното функционирање на Стручната и административна служба на Универзитетот го обезбедува генералниот секретар на Универзитетот. Генералниот секретар за својата работа е одговорен пред ректорот.

Со службата на единицата раководи секретар, кој за својата работа е одговорен пред деканот, односно директорот на единицата.

Начинот на работа, видовите на работните места, работните задачи со условите, бројот на извршителите и нивните права, обврски и одговорности и другите прашања поврзани со Службата на Универзитетот се утврдуваат со Правилник за внатрешната организација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 6.3.А) и Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 6.3.Б), како и правилници за внатрешната организација на факултетите и институтите и правилници за систематизација на работните места на факултетите и институтите.

Согласно со Законот за високото образование, вработените на Универзитетот се:

1. лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност, односно наставен кадар, и
2. лица вработени во Стручната и административна служба и помошно-техничките лица, односно ненаставен кадар.

Вработените во Стручната и административна служба, во рамките на своите надлежности, се на располагање на студентите од различни студентски групи, преку постојаната достапност за електронска или физичка комуникација, секој работен ден.

Во рамките на секоја единица на Универзитетот, вработените во стручната и административна служба редовно посетуваат обуки за развој на своите компетенции. Како пример, наведена е табела во Прилог 6.3.В. Врз основа на приложените извештаи, јасно се забележува недостатокот на кадар заради пензионирања и неможност за вработување на нови вработени, што негативно се одразува на ефикасноста во извршувањето на работните задачи. Во однос на процесот на нови вработувања, Универзитетот нема потполна кадровска автономија определена во Законот за високото образование. И покрај тоа што единиците и Универзитетот самостојно ги одредуваат видовите на работните места, за секое ново вработување потребна е согласност од ресорните министерства. Еден од најчестите проблеми со кои се соочуваат единиците е ограничениот (минимален) број на лица кои се ангажирани во Одделението за студентски прашања и кај голем дел бројката се сведува на едно лице. И покрај тоа што вработените во Стручната и административна служба на единиците вложуваат максимален напор за навремено и комплетено извршување на своите работни задачи, неопходна е промена во однос на кадровската политика и идните вработувања.

Бројот на ненаставен кадар, односно лица вработени во Стручната и административна служба на единиците во состав на Универзитетот, се дадени во следнава табела:

| **Назив на единицата** | **Вкупен број на вработени во стручната и административна служба и помошно-технички лица** | **Вкупен број на вработени во во стручната и административна служба по договор за дело** |
|---|---|---|
| 1. Архитектонски факултет | 5 | / |
| 2. Градежен факултет | 12 | дополнително ангажирани се 5 лица за одржување на хигиена и ИТ – адиминстративен дел |
| 3. Економски институт | 8 | / |
| 4. Економски факултет | 35 | / |
| 5. Земјоделски институт | 4 | / |
| 6. Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС) | 11 | 8 надворешни соработници |
| 7. Институт за македонска литература | / | / |
| 8. Институт за македонски јазик | 8 | / |

| | | |
|---|---|---|
| 9. Институт за национална историја | 4 | / |
| 10. Институт за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ) | 8 | / |
| 11. Институт за сточарство и рибарство | 5 | / |
| 12. Институт за фолклор | 5 | / |
| 13. Машински факултет | 24 | / |
| 14. Медицински факултет | 123 | / |
| 15. Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ | 16 | / |
| 16. Природно-математички факултет (ПМФ) | 31 | 2 |
| 17. Правен факултет „Јустинијан Први“ | 13 | / |
| 18. Стоматолошки факултет | 6 | / |
| 19. Технолошко-металуршки факултет (ТМФ) | 15 | 10 (ангажирани лица на основ на договор за дело за 2023 и 2024 год.) |
| 20. Фармацевтски факултет | 21 | / |
| 21. Факултет за ветеринарна медицина | 12 | / |
| 22. Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер (ФДТМЕ) | 7 | / |
| 23. Факултет за драмски уметности | 11 | / |
| 24. Факултет за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) | 27 | / |
| 25. Факултет за земјоделски науки и храна | 24 | / |
| 26. Филозофски факултет | 40 | 9 |
| 27. Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство (ФИНКИ) | 23 | / |
| 28. Факултет за ликовни уметности | 8 | / |
| 29. Факултет за музичка уметност | 8 | / |
| 30. Филолошки факултет „Блаже Конески“ | 35 | 6 |
| 31. Факултет за физичко образование, спорт и здравје (ФФОСЗ) | 7 | / |
| 32. Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ | 10 | / |

| | | |
|---|---|---|
| Централна стручна и административна служба – Ректорат | 48 | 8 |

**Прилози**
**Прилог 6.3.А** Правилник за внатрешната организација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Прилог 6.3.Б** Правилник  за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Прилог 6.3.В** Табела за обуки на вработени во Ректоратот

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот).<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси студии. |

Вклученоста на студентите во научноистражувачките проекти е застапена во рамките на сите единици на УКИМ; не само преку изработка на дипломски, магистерски или докторски трудови, туку и преку бројни интерни, национални или меѓународни научноистражувачки проекти.
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во изминатите неколку години, преку постапка која ја спроведува Комисијата за наука, доделува средства за реализација на научноистражувачки проекти финансирани од Универзитетот во кои може да земат учество студентите од прв, втор и/или трет циклус студии (Прилог 6.4.А). Најголем дел од студентите се вклучени во научноистражувачки проекти на единиците на втор или трет циклус, но вредно е и да се напомене дека студентите од сите три циклуси се индиректно вклучени преку пополнување на анкетни прашалници и сл.
Меѓутоа, научноистражувачката работа на студентите не се согледува само преку учество во проекти, туку и преку изработка на трудови, учество на бројни конференции, каде ги презентираат постигнатите резултати. Во академската 2023/2024 год., особено се истакнуваат следните факултети со учество на студентите во научноистражувачките проекти: на **ИЗИИС** биле вклучени 38 студенти од втор и трет циклус, **Економскиот факултет** – 10 студенти од втор и трет циклус, **Архитектонскиот факултет –** 9 студенти од втор и трет циклус, **Градежниот факултет** – 9 студенти од трет циклус и **Економскиот институт** – 3 студенти на трет циклус студии. На **Машинскиот факултет** биле вклучени 0,1 %, 0,29 % и 3,45 % од вкупниот број студенти запишани на прв, втор и трет циклус студии, додека на **Медицинскиот факултет,** и покрај големиот број на студенти, во анализираниот период биле вклучени 84 студенти на трет циклус студии. **Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“** вклучува реализација на интерни проекти, каде што студентите се активно вклучени, меѓутоа бројката е сè уште мала. Од друга страна, пак, на **Природно математичкиот факултет** во 2023/2024 година се реализирани 282 проекти, од кои во 36 земале учество 175 студенти на прв, втор и трет циклус студии, со најголем удел на студентите од прв циклус (71 %). На **Технолошко-металуршкиот факултет**, секоја година се обезбедуваат средства за вклученост на студентите во научноистражувачките проекти, и тоа преку интерниот Конкурс на Универзитетот за културни и спортски активности, во кои менторите од Факултетот задолжително вклучуваат и студенти од прв циклус. На **ФЕИТ,** во учебната 2022/2023 година, реализирани се 13 национални и меѓународни проекти, каде што учество земале 54 студенти, од кои 31 на прв циклус (3 %), 9 студенти на втор циклус и 14 студенти на трет циклус студии. Тенденција на зголемување на бројот на студенти учесници во истражувачки проекти се забележува и на **ФИНКИ**, каде што во 2023/2024 година биле вклучени вкупно 32 студенти.
За разлика од останатите единици, студентите на **Факултетот за драмски уметности,** при изведувањето на наставата, вклучени се во проекти (аудиовизуелни, изведувачки и филмски) кои ги водат или се дел од колективното авторство на професорите, а студентите заземаат соодветен удел во нив. Процентот на студенти кои се вклучени во вакви проекти од прва до четврта година на додипломските студии изнесува 23 %. На **Институтот за земјотресно инженерство и земјотресна технологија,** најголем дел од студентите кои се вклучени во научноистражувачките проекти на Институтот се студентите од трет циклус студии (повеќе од 80 % од студентите).

**Прилози**
**Прилог 6.4.А** Вклучени студенти во научноистражувачки проекти на единиците на УКИМ за академската 2023/2024

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка, вклучувајќи: советник за академски развој, кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата.<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години.<br>Приказ на услуги на центарот за кариера и спроведени активности во последните пет години. |

| | |
|---|---|
| центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид поддршка преку центарот за кариера во последните пет години. |

Специфичните форми на поддршка на студентите на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј се изведуваат преку формираните и достапни центри за кариера на единиците или преку Центарот за кариера на Универзитетот „Св. Кирил и Методи"ј. Центрите за кариера на единиците се формираат согласно со актите на Универзитетот и единицата. Основна цел на центарот е да воспостави постојана врска помеѓу студентите и деловната заедница, да го промовира Универзитетот; да им понуди помош на студентите при преминот од академската средина во професионалното вработување; да им го олесни пристапот на студентите на Универзитетот до работните места, да понуди кариерно советување и насочување на студентите, како и да ја одржи врската помеѓу тековните и веќе дипломираните студенти (алумни-заедницата).

Како една од своите основни активности, **Центарот за кариера** на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје" ја подготви Стратегијата на Центарот за кариера (Прилог 1.3.Е), и воедно во соработка со центрите за кариера на единиците на два пати е организиран традиционален Отворен ден на УКИМ, и тоа: на 1.12.2023 година, во два термина, од 10:00 до 12:00 часот и од 12:00 до 14:00 часот, кога сите заинтересирани средношколци имаа можност да ги посетат факултетите, да се запознаат со просторните капацитети и детално да се запознаат со студиските програми, мобилностите кои ги нудат факултетите, учеството во научноистражувачки проекти, студентските конференции и сл. со физичко присуство на секој од факултетите; додека, пак, вториот настан беше организиран на 12.4.2024 год., на платото пред Универзитетот, каде што, покрај Отворениот ден, беше организиран и Кариерен ден на УКИМ, каде со свои штандови беа присутни сите 23 факултети и 5 институти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", заедно со 32 компании. Покрај Отворениот ден, Центарот за кариера интензивно работи на склучување меморандуми и договори за соработка, проекти и работилници каде што студентите земаат активно учество.

Сѐ со цел подобрување на студентскиот стандард, на неколку единици на Универзитетот, отворени се и канцеларии за ментално здравје на студентите, кои преку едукативни работилници и стручни прирачници нудат сесии со психолози, за подигнување на свеста за менталното здравје и поддршка на младите студенти.

Еден од малкуте примери е Медицинскиот факултет, каде што од 2013 година е формирано советувалиште за поддршка на студенти по медицина, при Кабинетот за психофизиологија на Институтот за медицинска, експериментална и применета физиологија со антропологија (Прилог 6.5.А).

Како дополнителна поддршка на студентите се наведуваат и стипендиите кои се исплаќаат преку фондациите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје", и тоа: Фондација „Атанас Близнакоф" и Фондација „Константин Стојанов", со која се исплаќаат стипендии за студенти кои студираат на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" на Катедрата за француски јазик. Особено може да се истакне активноста на центрите за кариера на Стоматолошкиот факултет, Архитектонскиот факултет, Економскиот факултет, Фармацевтскиот факултет, Факултетот за земјоделски науки и храна, Природно-математичкиот факултет и ФИНКИ, кои, покрај учеството на Отворениот ден на УКИМ, самостојно организираат дополнителни настани, активности и промоции на кариерните можности, како за тековните, така и за идните студенти, а преку потпишани меморандуми за соработка се овозможува студентите да ја изведуваат предвидената пракса во реномирани компании. Центарот за професионална обука и кариера на **Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем"** (ЦЕПРОК), покрај тоа што има задача да ги зацврсти врските помеѓу студентите и Факултетот, овозможува времжување и полесна комуникација помеѓу студентите и потенцијалните работодавачи.

Меѓутоа, за да се зголеми ефективноста на центрите за кариера на единиците, потребно е да се наменат средства за поддршка на работа на центарот, што ќе резултира со бројни работилници, кариерни настани и советувања, вмрежување помеѓу студентите и деловната заедница. Дополнително, неопходно е воведување на систем за следење на бројот на студентите кои ги користат услугите од центрите за кариера на единиците.

**Прилог**

**Прилог 6.5.А** Одлука за формирање на советувалиште за студенти

**Прилог 6.5.Б** Извештај за работа на советувалиштето на Медицинскиот факултет

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на алумни-заедницата. Алумни-заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на алумни-заедницата (доколку е применливо).<br>Број на членови на алумни-заедницата, регистрирани во системот (доколку е применливо).<br>Приказ на активности со алумни-заедницата во последните пет години.<br>Доказ дека системот е функционален. |

Значењето на алумни-заедницата е истакнато на поголем број единици во рамките на УКИМ, што се потврдува со формирање на т.н алумни-асоцијации во кои членуваат дипломирани студенти, магистранди и доктори на науки. Најголем дел од дипломираните студенти на единиците на УКИМ стануваат членови на алумни-асоцијацијата по автоматизам, веднаш по нивното дипломирање. Кај единиците кои немаат формирано посебна алумни-заедница,

водењето на евиденција на дипломираните студенти оди преку центарот за кариера. На поголем дел од веб-страниците на единиците е поставен посебен линк, каде што дипломираните студенти може да доставаат информации за нивниот професионален и кариерен развој по дипломирањето, што воедно не се покажало како добра алатка во однос на одржување на алумни-заедницата. Како пример за функционирање на алумни-заедницата може да се наведе активноста на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на **Правниот факултет „Јустинијан Први“,** кој со креирање на електронска база на податоци за студенти и база на податоци за алумни, во периодот од нивното воспоставување во јануари 2024 до јуни 2024 брои 40 членови на алумни-заедницата. За полесен пристап и регистрација во двете бази, достапни се формулари на веб-страницата на Факултетот (https://kariera.pf.ukim.edu.mk/). Во просториите, пак, на **Медицинскиот факултет**, сместени се вкупно 5 организации, и тоа: 4 студентски (Факултетско студентско собрание, Македонска медицинска студентска асоцијација – ММСА, Европска медицинска студентска асоцијација – Македонија – ЕМСА, Здружение на студенти по медицина – ЗСМ) и 1 организација на дипломирани лекари специјализанти (Здружение на лекари специјализанти – ЗЛС), во кои членуваат студенти и дипломирани доктори по медицина, кои спроведуваат низа активности за подобрување на условите за работа и спроведување на стажот при специјализација. Една од реформите која е постигната со Министерството за здравство е месечниот надомест во износ од 26.000 ден., кој го добива секој невработен приватен специјализант. Од друга страна, пак, Медицинскиот факултет нема формирано Центар за кариера, како и Одбор за поддршка на алумни-заедницата. Во насока на функционалност на алумни-заедницата се истакнува и **Факултетот за електротехника и информациски технологии,** чија асоцијација ФЕИТАА е основана уште во 2009 год. и брои повеќе од 3000 членови. Во 2022 и 2023, алумни-асоцијацијата на ФЕИТ и ФЕИТ по повод 50 години од дипломирањето на студентите од периодот 1970 – 1973 год., го организираа настанот „Златна диплома“ (Прилог 6.6.А). На **Фармацевтскиот факултет** е воспоставен систем на следење на алумни-заедницата, која и покрај тоа што не е на завидно ниво, брои 427 членови.

Одборот за поддршка – алумни на **Економскиот факултет,** како дел од Стратегијата на Факултетот за периодот 2021 – 2026 год., е формиран во 2024 год., со одржана конститутивна седница и брои вкупно 819 членови. На **Технолошко-металуршкиот факултет,** во 2009 година е формирана алумни-заедницата чии цели се поклопуваат со целите на Сојузот на хемичари и технолози на Македонија и Здружението на металурзи на Македонија, кои заеднички организираат средби и настани за алумни-заедницата. На ФИНКИ, пак, основната алатка за следење на алумни-заедницата е Linkedin, која во моментот брои повеќе од 5 300 членови.

Од досегашните активности на алумни-заедницата, посебно се истакнуваат бројните работилници и предавања од страна на еминенти професори, членови на алумни-заедницата не само на матичните факултети, туку и пошироко, на меѓународно ниво. И покрај тоа што алумни-заедницата има особено значење во секојдневното општество, се забележува пропуст кај поголем дел од единиците кои воопшто немаат воспоставено база или електронски систем за водење евиденција на дипломираните студенти. Преку организирање на работилници или годишни средби ќе се овозможи зајакнување на мрежата на алумни-заедниците на единиците на УКИМ, а со тоа ќе се зголеми и интеракцијата помеѓу тековните и поранешните, дипломирани студенти.

**Прилози**

**Прилог 6.6.А** Приказ за соработка со Алумни-заедницата на ФЕИТ

**Прилог 6.6.Б** Број на членови на Алумни-заедницата регистрирани во системот

**Прилог 6.6 В** Приказ на Алумни-заедницата на Економскиот факултет

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител, односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка, како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето.<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели).<br>Одлука за избор на членови на студентско собрание и извештај од последните спроведени избори.<br>Одлука за избор на студентски правобранител, односно негов заменик.<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет), за последните пет години. |

Универзитетското студентско собрание (УСС) претставува тело на Универзитетот, и е активна студентска организација која ги штити интересите на над 22 000 студенти. Согласно со Законот за високото образование (Прилог 1.1.А), во Универзитетското студентско собрание членуваат по 2 делегата од сите факултетски студентски собранија (ФСС) на единиците. Покрај тоа што УСС ги штити интересите на студентите, преку свои претставници учествува и во одлучувањето во органите и телата на Универзитетот и ги претставува студентите во рамки на високото образование како членови на академската заедница.

Од 1 ноември 2023 год., со работа започна четвртиот состав на Универзитетското студентско собрание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје“ (УСС – УКИМ), со нов претседател – Александар Николовски,

студент на втор циклус студии на Економскиот факултет. По конституирањето на составот на новото Универзитетско студентско собрание и изборот на заменик-претседател, студентски правобранител и по 2 делегата од сите факултетски студентски собранија, започнуваат бројни активности, сè со цел вмрежување на студентите од различни универзитети. Покрај основното тело на УСС, студентите активно учествуваат и во останатите тела и комисии на Универзитетот.

Студентскиот правобранител ги застапува правата на студентите утврдени со Законот за високото образование, Правилникот за студирање, Статутот на УКИМ и други акти на Универзитетот и факултетите. До студентскиот правобранител се поднесува барање кога е повредено или загрозено некое од востановените права на студентите. Факултетските студентски собранија на секоја од единиците го избираат својот заменик-студентски правобранител, а студентскиот правобранител на Универзитетот се избира од Сенатот на Универзитетот, со мнозинство гласови на членовите на Сенатот на Универзитетот, по предлог на Универзитетското студентско собрание на претходно објавен конкурс.

Со одбележување на Меѓународниот ден на студентите, на 16 ноември 2023 год., започнуваат низа активности на УСС – УКИМ, како, на пр., хакатони, мултимедијални настани, работилници и сл. На иницијатива на УСС – УКИМ, на 6.3.2024 год., со поддршка и на другите универзитетски студентски собранија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот „Св. Апостол Павле“ во Охрид, Универзитетот на Југоисточна Европа „Мајка Тереза“ во Скопје и на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, донесен е Студентскиот манифест. Овој манифест носи нови дејствија за афирмација на гласот на студентите, студентските предизвици и соочувањето со иднината (Прилог 6.7.А).

Во текот на пролетниот, летниот и есенскиот период, УСС – УКИМ продолжи со својата активност преку организација на работилници и панел-дискусии поврзани со менталното здравје на студентите. Во соработка со меѓународните организации YACO и RISEF, како и други домашни партнери, изминатата година, УСС – УКИМ успешно организираше и поддржа вкупно 5 хакатони, 6 панел-дискусии, студентска конференција, 2 протеста и 4 културни настани во текот на овој период. Тие активно поднесоа и промовираа повеќе од 10 иницијативи, кои имаа за цел унапредување на студентскиот стандард и студентските права. Во согласност со годишната програма на Универзитетското студентско собрание при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и факултетските студентски собранија, реализирани се вкупно 3.100.000,00 денари, согласно со предвидената програма и буџет за работа на УСС (Прилог 6.7.Б).

ФСС претставува составен дел од факултетите на Универзитетот каде што членуваат претставници на студенти од прв, втор и трет циклус студии, кои се залагаат за заштита на правата на студентите, нивно застапување пред органите и телата на Факултетот, како и овозможување на подобра врска и комуникација помеѓу студентите и Факултетот. Начинот на работа, изборот на претставници и нивниот број, составот, надлежноста, називот и седиштето, органите и телата, финансирањето и други прашања се потесно уредени со Статутот на факултетското студентско собрание.

Заради остварување на правата и заштита на интересите на студентите, согласно со актите на УКИМ и единиците, ФСС делегираат свои претставници во деканатската управа и во наставно-научниот совет, преку кои студентите учествуваат во работата на органите и телата на факултетите. ФСС избираат заменик-студентски правобранител, и делегираат по 2 свои претставника во Универзитетското студентско собрание (УСС – УКИМ). Со факултетското студентско собрание претседава претседател заедно со членовите, кои се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година и право за уште еден реизбор. Вкупниот број на членови на студенти на единиците на УКИМ е различен и тој е потесно уреден со статутот на ФСС на соодветните единици. Претседателот на ФСС ги извршува одлуките на собранието, ги застапува студентите и е одговорен за неговата работа. Заменик-студентскиот правобранител се избира по објавен конкурс, со мандат од 2 години, без право на реизбор. На дел од факултетите, студентите немаат избрано свој заменик-студентски правобранител, заради недоволниот интерес.

Студентите, исто така, имаат свои претставници и во дисциплинската комисија на единиците со 1 член и 1 заменик-член, кои се бираат од редот на студентите, како и во Комисијата за самоевалуација, каде што студентите учествуваат со вкупно 2 члена.

ФСС се доста активни и поддржуваат голем број општествени културни и спортски активности. Факултетите, на барање на ФСС на единиците, со одлука на деканатската управа одобруваат и издвојуваат средства за финансирање на предвидените студентски активности во рамките на сопствениот буџет.

Дополнително, факултетите за потребите на функционирање на факултетските студентски собранија на располагање ги ставаат своите просторни капацитети (предавални, амфитеатри и сл.), за реализација на предвидените активности.

Секоја учебна година, УКИМ распишува Интерен конкурс за распределба на средства за културни, спортски активности и други манифестации согласно со Правилникот за распределба на средства за информативни, културни, спортски, студентски сервиси и други активности на УКИМ, на кој може да се пријават факултетските студентски собранија и здруженија на студентите на УКИМ. Максималниот износ на вкупниот буџет по проект за

| | |
|---|---|
| 2024 год. изнесуваше 250.000,00 денари. Корисниците на доделените средства се должни да доставаат извештај со докази за направените трошоци во текот на проектот (Прилог 6.7.В). | |
| **Прилози**<br>**Прилог 6.7.А** Манифест на Универзитетско студентско собрание<br>**Прилог 6.7.Б** Програма и Буџет за работа на УСС за 2023/24 година<br>**Прилог 6.7.В** Список на одобрени проекти согласно Интерниот конкурс за распределба на средства за културни, спортски активности и други манифестации– УКИМ за 2024 година<br>**Прилог 6.7.Г** Одлука за УСС за 2023/24<br>**Прилог 6.8.Д** Статут на УСС | |
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање.<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб-страница. |

Запознавањето на студентите со услугите и можности кои им се на располагање на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје започнува во најголем дел уште на првиот академски час, преку кратки презентации или организирани ориентации се запознаваат со инфраструктурата на единиците каде што се запишани, како и со услугите кои им се на располагање во текот на студиите.

Преку службите за студентски прашања, органите на факултетите и продеканот за настава, на студентите во рамките на единиците им се овозможува дополнително запознавање со услугите и можностите кои им стојат на располагање, правилата за студирање и водич за студенти кои се објавуваат на веб-страниците на единиците, социјалните мрежи и/или преку електронска пошта до студентите. На голем дел од единиците, на веб-страницата постои посебен дел т.н. огласна табла, новости или известувања преку која се дистрибуираат: распореди на часови, континуирани проверки и заврши испити согласно со Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус (додипломски студии) и втор циклус (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилата/одлуките за студирање на единиците на Универзитетот (Прилог 4.1.А). Се објавуваат и настани во однос на организирани предавања, работилници, доделувања на стипендии, можности за практикантство, одбрана на дипломски, магистерски и докторски трудови и сл.

Со цел навремено информирање на студентите од страна на предметните наставници, на факултетите во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се користи и електронската платформа „MS Teams“, која претставува дополнителен начин на комуникација, како и можност за споделување на материјали за учење.

Не помалку важни се и социјалните медиуми на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Facebook/Instagram/Linkedin) и веб-страницата на Универзитетот каде што постојано се споделуваат информации за тековните или претстојните активности во рамките на единиците. Традиционалниот „Отворен ден на УКИМ“ е уште една можност кога матурантите од средните училишта со физичко присуство имаат можност да се запознаат одблиску со студиските програми, можностите за стипендирање во текот на студиите, мобилноста на студентите, активностите и вклученоста на студентите во научноистражувачките проекти, и студентскиот живот, воопшто.

И покрај тоа што на единиците се формираат и се активни факултетските студентски собранија, како надополнување на **Факултетот за електротехника и информациска технологија** постои т.н. Центар за нови студенти (ЦНС), наменет за идните и новите студенти, кои преку достапната електронска адреса може да се обратат со свои прашања во врска со студиите и потесно да се запознаат со студентскиот живот, што претставува уште една можност студентите директно да се запознаат со услугите и можностите кои им ги нудат матичните факултети.

Вредно е да се напомене дека на **Архитектонскиот факултет**, за полесно запознавање на студентите со услугите и можностите кои ги нуди Факултетот, на веб-страницата се објавуваат публикации произлезени од интегративните архитектонски студија. Во рамките на отворените денови на **Институтот за македонски јазик,** кои се организираат еднаш во годината во рамките на Институтот, студентите можат да добијат информации од различен карактер. Исто така, студентите од втор циклус студии може да добијат дополнителни информации во врска со наставниот процес на Институтот, секој работен ден, преку советникот за магистерски и докторски студии. Од друга страна, пак, малиот број на студенти се наведува како предност на дел од единиците при директно споделување на информациите од страна на предметните наставници. **Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство,** преку електронска интерактивна мапа (https://map.finki.ukim.mk/), обезбедува поедноставно ориентирање на бруцошите и останатите студенти со пристап/информации до сите предавални и простории.

| Прилози |
|---|
| **Прилог 6.8.А** Веб-страници на УКИМ и на единиците на УКИМ |

**ДЕТЕКТИРАНИ СЛАБИ СТРАНИ НА ЕДИНИЦИТЕ ВО ОДНОС НА СТАНДАРД 6**

**ИНДИКАТОР 6.1.**
Наспроти останатите единици, заради специфичност на предметната програма, Факултетот за ликовни уметности има големи трошоци во однос на снабдување со потрошни материјали, алати, машини, бои, ангажирање на модели за цртање, сликање, вајање и сл.
Генерален заклучок во однос на финансиите на единиците е дека средствата што се издвојуваат од буџетот се недоволни за нивно финансирање, како и за развој и поддршка на научноистражувачката дејност, поради што голем дел од единиците го надополнуваат недостатокот од сопствената сметка за самофинансирачки активности и донации кои се контролирани од државата преку одобрување на финансиските планови.

**ИНДИКАТОР 6.2.**
Неопходно е модернизирање на оптичката мрежа на поголем дел од единиците, бидејќи голем дел од единиците немаат воспоставено EDUROM, кој е неопходен за непречениот пристап до интернет, не само на вработените лица, туку и на студентите.

**ИНДИКАТОР 6.4.**
На Земјоделскиот институт, заради мал број на студенти на втор и трет циклус студии, бројот на вклучени студенти во научноистражувачки проекти е многу мал, но од друга страна, пак, тие се вклучени истовремено во повеќе проекти. Слична е состојбата и со Институтот за сточарство и рибарство, каде што заради малиот број на студенти запишани на втор и трет циклус, мал е и бројот на студенти кои се вклучени во научноистражувачките проекти.
На Факултетот за музичка уметност, заради специфичноста на студиските програми, студентите земаат учество на бројни концертни активности, исполнувајќи го притоа критериумот за вклученост во научноистражувачки проекти.

**ИНДИКАТОР 6.3.**
Недостаток на персонал во стручно-административните служби се забележува на сите единици на Универзитетот. Во најголем дел, одделението/службата за студентски прашања има 1 вработен, кој често пати ја опслужува и библиотеката. На Економскиот институт, поради пензионирање на соработникот за библиотечно работење и неможност за пополнување на тоа работно место, работата во библиотеката ја врши самостоен референт-администратор. Мал број на кадар се забележува и на Факултетот за музичка уметност, Факултетот за ликовни уметности и на Факултетот за драмски уметности.
Проблемот што се јавува поради пензионирање на лицата вработени во стручно-административните служби и неможноста за вработување на нови лица е застапен кај поголем дел од единиците. Дополнително, имплементацијата на iKnow-системот наметнува потреба од вработување на нови лица со цел негова комплетна имплементација во сите циклуси на студии и следење на процесот на дигитализација.

**ИНДИКАТОР 6.6.**
На Факултетот за драмски уметности не постои евиденција на алумни, но е земено предвид и ќе биде дел од акцискиот план за во иднина да се направи дата база. Исто така, дел од единиците, поради малиот број на студенти, немаат формирано алумни-заедница и не се водат никакви записи за неа. Ова е недостаток кој единиците треба да се стремат да го коригираат.

## Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации.<br>Акт за регулирање (доколку е применливо).<br>Доказ дека системот е функционален. |

| | |
|---|---|
| внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | |

Основниот систем преку кој единиците континуирано ги прибираат, ги анализираат и ги зачувуваат информациите за успешно спроведување на студиските програми е централниот електронски информациски систем за студентска евиденција – iKnow, кој функционира повеќе од 15-тина години и активно се применува од страна на сите единици на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 7.1.А). Преку овој систем, покрај можноста за следење на интересот на кандидатите за запишување на бројните студиски програми кои ги нуди Универзитетот, iKnow-системот воедно служи и за следење на вкупниот број дипломирани и магистрирани студенти, нивниот просечен успех, бројот на испишани студенти и сл. Имајќи ги предвид специфичноста и важноста на iKnow-системот на универзитетските и факултетските студентски/административни служби, Универзитетот посветува особено внимание за негово непречено функционирање со целосна поддршка на тимот на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Како надополнување на електронскиот систем за водење евиденција на студентите, на сите единици дополнително се водат матични книги на запишани и дипломирани студенти на сите три циклуси студии согласно со Законот за високото образование.

Во рамките на секоја единица, назначен е iKnow-администратор, кој управува со информациите и услугите во системот. Покрај собирање и анализа на информациите, од оваа година на ниво на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје започнаа низа активности кои имаат за цел модернизација, дигитализација и надграба на постојните услуги на електронскиот систем. Со процесот на дигитализација на услугите на iKnow-системот, преку Универзитетскиот компјутерски центар во текот на месец април 2024 год. беа спроведени обуки на администраторите и раководителите на студентските и сметководствените служби на единиците. Преку воведување на безготовинскиот систем за плаќање, студентите самостојно можат да ги одберат бараните услуги (запишување/заверка на семестар, издавање на уверение, како и други административни услуги). Преку засебниот модул на генерирани извештаи, студентските и сметководствените служби на единиците сега имаат можност за електронско следење на подмирените обврски од страна на студентите за даден временски период или збирно.

Наспроти студентите, прибирањето, анализата и примената на информациите за научноистражувачката работа на наставниот и научниот кадар се врши преку Ризницата на трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 7.1.Б и 7.1.В), каде што вработените имаат задача да ги поставаат своите трудови и последни достигнувања, објавени статии, учебници, монографии итн. Ризницата претставува функционален систем, развиен и одржуван од страна на Универзитетот. За подобрување на видливоста и транспарентноста (Прилог 7.1.Г), научниот кадар на единиците на Универитанот има можност да креира свој кориснички профил на мрежите за пребарување на научни истражувања и публикации (на пр., Google Scholar, Research Gate, ORCID), каде што редовно внесува податоци за своите научноистражувачки достигнувања. Досега, Ризницата на Универзитетот брои повеќе од 2 800 научни и уметнички трудови, што само го потврдува фактот за воспоставениот функционален систем.

На Факултетот за земјоделски науки и храна, креирани се три интерни бази со цел надополнување на референциите на Факултетот, и тоа: База на меѓународни проекти поднесени и имплементирани во периодот од 2010 година до денес; База на претставници на Факултетот во меѓународни организации и тела и База на членови на Факултетот во научни одбори и/или како рецензенти во меѓународни научни списанија.

На Факултетот за музичка уметност, наставниците имаат обврска, за одржаните концерти, настапи и учества во комисии на натпревари, да доставаат доказ за нивното учество, со цел овозможување на складирање и чување на промотивните материјали за одржаните професионални ангажмани.

**Прилози**

**Прилог 7.1.А** Електронски систем за студентски сервис iKnow
**Прилог 7.1.Б** Ризница на научни трудови на УКИМ и пристап до Репозиториум
**Прилог 7.1.В** Прирачник за најава на Ризница на научни трудови на УКИМ
**Прилог 7.1.Г** Правила за видливост на УКИМ

| | |
|---|---|
| 7.2. Информациите што се прибираат се релевантни за профилот на установата, односно студиските програми, и вклучуваат: клучни показатели на успехот; профил на студентската популација; напредок на студентите, успех и стапка на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурси за учење и поддршка кои им се достапни на студентите; податоци за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци.<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот.<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |

| | |
|---|---|
| Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците, како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | |

Централниот електронски информациски систем iKnow е најкористената платформа за собирање, анализирање податоци за напредок на студентите во текот на студиите (Прилог 7.1.А). Самиот систем им овозможува на единиците да вршат прибирање на податоци и нивна детална анализа, кои се однесуваат, пред сѐ, на студентите, успешноста во однос на проодност на студентот по дадени предмети, одредување на просечното време на траењето на студиите, студиските програми, вработените лица во установата, процентот на отпишани студенти, ресурсите за учење и поддршката кои им се достапни на студентите. Дополнително, дел од единиците имаат добро воспоставен систем на прибирање на податоци за веќе дипломираните студенти, нивно вработување и кариерен развој, податоци за одржани настани, бројни активности и сл. Сите податоци поврзани со студентите се обезбедуваат преку софтверскиот систем iKnow и базата на податоци на одделението или службите за студентски прашања.

Административниот кадар собира, следи и обезбедува информации поврзани со студентите и наставниот и соработничкиот кадар. Сите податоци добиени од страна на вработените лица се дел од извештајот на деканот на единицата за едногодишен период, кој се усвојува од страна на наставно-научниот совет.

Учеството на студентите во прибирање информации се согледува преку пополнување на задолжителните студентски анкети, индивидуално за секој семестар, преку кои се прибираат информации во врска со квалитетот на наставно-образовниот процес, студиските програми, достапноста на материјалите за учење, достапноста и комуникацијата со наставниот кадар итн. Резултатите од анкетите се составен дел на извештајот за самоевалуација на единиците и сублимат на самовалуацискиот извештај на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од оваа учебна година, за прв пат преку електронската платформа iKnow во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, спроведени се стандардизирани студентски анкети, анкети на наставниот и стручно-административниот кадар, преку кои се оценува и анализира не само квалитетот на наставно-образовниот процес, туку и квалитетот на условите за работа од страна на вработените лица на факултетот. Добиените информации имаат цел да го подобрат наставниот процес на факултетот, анализирајќи ги резултатите од спроведените анкети, преку самоевалуацискиот извештај на единицата (Прилог 7.2.А) и извештајот на деканот за дадената учебна или календарска година (Прилог 7.2.Б).

Покрај достапните информации на iKnow-системот за анализа на наставниот процес и напредувањето на студентите, Факултетот за ликовни уметности, преку проектни активности и јавна презентација на уметнички дела, ги следи напредокот и успехот на самите студенти.

**Прилози**

**Прилог 7.2.А** Извештаи од самоевалуација на единиците на УКИМ

**Прилог 7.2.Б** Извештај од работата на деканот на единицата (на пример, Факултет за ветеринарна медицина)

| | |
|---|---|
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, се анализираат и се користат за потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

Сите настани и активности организирани од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и на единиците, во поголем дел се објавуваат на веб-страницата на Универзитетот, како и на веб-страниците на единиците и на социјалните мрежи, и тие се јавно достапни. За спроведените активности, дел од единиците немаат посебни регистри за водење евиденција на одржаните настани, меѓутоа извештаите со информации за овие настани се доставуваат до наставно-научниот совет на единиците, и се составен дел од годишниот извештај на работата на деканот, кој е и јавно објавен. Како дополнување, на веб-страницата на Универзитетот и на единиците на Универзитетот се објавени информации за значајни настани и спроведени се активности и тие се наведени во Прилог 2.7.А.

Пред почетокот на академската година, **Архитектонскиот факултет,** истовремено со усвојување на годишниот календар за одржување на настава, усвојува и календар на активности надвор од рамките на редовната настава. Тука би ги истакнале: Изложба на архитектонски студија, Летна школа по архитектура и Подготвителна настава, кои не само што го унапредуваат образовниот процес, туку овозможуваат и вмрежување со бизнис и меѓународните заедници. На **Природно-математичкиот факултет,** за време на извештајниот период, биле одржани вкупно 20 работилници со цел подобрување на стратешкиот план.

Покрај наведените факултети, треба да се истакне фактот дека и останатите единици на УКИМ организираат бројни настани, работилници и други активности, меѓутоа единствен проблем помеѓу останатите членки на Универзитетот

<table>
<tr><td colspan="2">„Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е непостоењето на еден централен систем за сублимирање на информациите за одржани настани и активности.<br>Организацијата на вакви настани води кон насока на подобрување на наставно-образовниот и научноистражувачкиот процес, не само на единиците, туку и на УКИМ во целина, а непречениот пристап до информациите за спроведените активности е од голема помош за понатамошна подготовка на стратешките и акциските планови на единиците, а со тоа и на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.<br>Воспоставување на еден централен електронски регистар за евиденција на настаните и активностите на единиците би бил од особена помош во однос на следливост на одржаните настани и активности.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 7.3.А Веб-страници на УКИМ и на единиците на УКИМ</td></tr>
<tr><td>7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и во електронска форма), особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн., е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни.</td><td>Акт на установата.<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци.<br>Други релевантни документи или политики на установата.</td></tr>
</table>

Собирањето, чувањето и обработката на личните податоци на студентите, наставниот, научниот и административниот кадар на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е во согласност со законските одредби на Законот за заштита на лични податоци (Прилог 7.4.А), Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (Прилог 7.4.Б), Законот за високото образование (Прилог 1.1.А), Статутот на Универзитетот (Прилог 1.1.В) и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Прилог 7.4.В). Покрај наведените одредби, голем дел од единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје имаат подготвено свој план, правилник и процедури во согласност со кои единиците ги штитат личните податоци на сите засегнати страни, и се придржуваат до Процедурата за пристап на субјектите до сопствените лични податоци (Прилог 7.4.Г).

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во рамките на своето работење, врши собирање, чување, обработка и контрола на личните податоци на сите лица (субјекти) кои имаат статус на кандидати јавени на конкурс за запишување на студиските програми на УКИМ, запишани студенти или оние што некогаш имале статус на кандидати, како и на сите лица кои се или биле вработени на Универзитетот. Со цел заштита на личните податоци, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје има воспоставено процедура која ги опишува постапките за поднесување на барање од страна на субјектот (студент, вработено лице) за издавање информации за обемот и целта на обработка на личните податоци од страна на Универзитетот, како и нивно дополнување и бришење (Прилог 7.4.Д).

Централниот универзитетски електронски систем за студентски сервис – iKnow им овозможува на единиците на УКИМ да вршат непречена обработка на податоците на студентите во дигитална форма, каде што студентите и вработените лица на единиците, согласно со доделените привилегии, можат да пристапат во системот и да добијат информации за соодветните активности. Како надополнување, секој студент при запишување во прва година потпишува изјава со која дава согласност за обработка на личните податоци во согласност со Законот за високото образование. Резултатите од спроведените испити на единиците се објавуваат со број на индекс, што укажува повторно на заштита на личните податоци на студентот.

Покрај обработка на податоците во дигитална форма, на единиците голем дел од податоците и информациите од јавен карактер се прибираат и во хартиена форма, и тие се обработуваат согласно со Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот.

Во согласност со Законот за заштита на личните податоци, единиците на Универзитетот назначуваат лице – офицер за заштита на личните податоци, кое соработува и е одговорно за контактите со Агенцијата за заштита на лични податоци.

Од друга страна, врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Универзитетот има донесено Одлука за утврдување на листа на информации од јавен карактер кои се во надлежност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 7.4.Ѓ), која листа е објавена на веб-страницата на Универзитетот и има определено лице за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер (Прилог 7.4.Е). Лицето доставува годишен извештај до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер (Прилог 7.4.Ж). Како надополнување, единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на своите веб-страници, имаат доставено информација за службено лице кое посредува при остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

На **Факултетот за ветеринарна медицина**, во согласност со правилата на ИСО-стандардите на акредитираните лаборатории, вработените лица се соодветно обучени за работа со доверливи документи.

**Прилози**

**Прилог 7.4.А** Закон за заштита на лични податоци (Сл. весник на РСМ 42/2020)

**Прилог 7.4.Б** Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (Сл. весник на РМ бр. 39/08 128/10 и 158/10)

**Прилог 7.4.В** Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РСМ, бр. 101/2019)

**Прилог 7.4.Г** Процедурата за пристап на субјектите до сопствените лични податоци

**Прилог 7.4.Д** Образец за барање за пристап и исправка на лични податоци

**Прилог 7.4.Ѓ** Одлука за утврдување на листа на информации од јавен карактер кои се во надлежност на УКИМ

**Прилог 7.4.Е** Одлука за определување службено лице за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

**Прилог 7.4.Ж** Годишен извештај за слободен пристап до информации од јавен карактер (УКИМ)

## Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб-страницата и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата.<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите.<br>Извештај за учество или организација на саем/и.<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |

Високообразовните единици при УКИМ редовно објавуваат податоци за своите активности и за студиските програми, најчесто користејќи ги веб-страниците на факултетите и печатените медиуми од научно-популарен карактер и социјалните медиуми. За објавување на податоците и информирање, најчесто се користат социјалните медиуми. Активностите во рамките на социјалните медиуми се ажурирани и достапни за сите корисници. Точноста, јасноста, прецизноста и објективноста се контролирани преку ограничен пристап за објавување на овие податоци, организиран од страна на факултетските тимови, центрите за кариера, секретарите на факултетите или деканатската управа.

Единиците активно спроведуваат најразлични активности поврзани со промоција во кои учествува наставниот и административниот кадар: зголемено присуство во медиумскиот простор, позиционирање на единиците во академската заедница, изработка и дистрибуција на промотивни филмови и материјали, како и организирање на стручни настани и други слични активности. Дел од единиците креираат и посебни тела во рамки на единицата, како, на пример, Центар за нови студенти (**ФЕИТ**), комисии за зголемување на видливоста на факултетите и сл., задолжени за објавување на информации и податоци од промотивен карактер.

Како најчести промотивни алатки се користат следниве активности:

- промотивни настани: Отворен ден на УКИМ, организирани/комбинирани настани со Ден за кариерен развој на УКИМ, центри за кариера на УКИМ, посебно организирани настани – Отворени денови на факултетите;
- прв академски час;
- промоција на дипломирани и магистрирани студенти;
- презентација на наставни програми по средните училишта во државата;
- промотивна кампања за единиците преку Faceboook, Instagram и LinkedIn;
- радио и телевизиски интервјуа и телевизиски гостувања на факултетскиот наставен кадар, како и телевизиски објави за промоции на единиците и нивните дејности;
- користење на јубилеите на единиците како можност за промотивни кампањи, изработка на промотивни видеа и интернет-содржини;
- организирање на тематски конференции и работилници корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и за јавноста;
- промоции за студиските програми, кои ги вклучуваат сите три циклуси на студирање на факултетите (додипломски, постдипломски и докторски студии) преку презентирање на студиските програми.

**Прилози**

**Прилог 8.1.А** Веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Прилог 8.1.Б** Facebook-профил на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Прилог 8.1.В** Преглед на број на објавени информации за дејноста на единиците во медиумите**.** Податоците се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците во Стандард 8, индикатор 8.1.

**Прилог 8.1.Г** Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите**.** Извештаите се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците во Стандард 8.

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги | Линк до наведените елементи во индикатори. |

| | |
|---|---|
| реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти, како и документите предвидени во член 21, став 3 од Законот за високото образование. | Линкови до документите предвидени во член 21, став 3 од ЗВО: статут на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. решение за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. акт за систематизација; 4. деловник за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. правилник за плати и надоместоци на единицата; 6. извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот; 7. распоред на работни задачи за тековната учебна година; 8. завршна сметка; 9. годишен извештај; 10. прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. акти кои ги носи единицата согласно со други закони; 13. Етички кодекс. |

Високообразовните единици при УКИМ континуирано ги објавуваат информациите за студиските програми на веб-страниците на факултетите во делот на студии за прв, втор и трет циклус студии, критериумите за упис, целите на учењето, квалификациите со кои се стекнуваат кандидатите, пристапот во однос на наставниот процес, стапките на проодност за сите три циклуси на студии, прв, втор и трет циклус студии. Податоците на установите редовно се објавуваат и се ажурираат. Покрај овие податоци, се објавуваат и деталните содржини за секој од предметите понудени на соодветниот циклус и студиска програма, заедно со компетенции и теми на изучување. На веб-страниците се поставени и елаборатите за акредитација на студиските програми со детален опис на програмите, структурата и содржината на студиската програма, критериумите за упис и целите на секоја предметна програма поединечно, формите на наставни активности, начинот и критериумите за оценување, како и релевантната литература. Во акредитираните елаборати се наведени и квалификациите со кои се стекнуваат студентите по успешно завршување на студиската програма.

На порталите на единиците се објавени насоките за доусовршување на студентите од различни области, во текот или по завршувањето на студиите (на пр., Центар за доживотно учење на **ФЕИТ** и **Филозофски факултет**).

На веб-страницата се огласуваат и сите релевантни информации во врска со конкурси, услови за аплицирање и стручно-едукативни настани во организација на единиците.

Редовните промотивни настани, организирани од страна на единиците, исто така, обезбедуваат простор и за дополнителни информации и потенцијални комуникации во однос на целосниот образовен процес и потенцијалните вработувања.

На веб-страниците на единиците, главно на техничките факултети, поставени се и линкови за потенцијално остварување на пракса и можности за вработувања.

На веб-страниците на единиците се објавени и линкови на кои се поставени документите предвидени во член 21, став 3 од Законот за високото образование, обезбедувајќи елементи на транспарентност на информациите.

**Прилози**

**Прилог 8.2.А** Решенија од акредитација прв циклус. Решенијата се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците.

**Прилог 8.2.Б** Решенија од акредитација втор циклус. Решенијата се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците.

**Прилог 8.2.В** Решенија од акредитација трет циклус. Решенијата се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците.

**Прилог 8.2.Г** Информации за прв, втор и трет циклус на студирање на ФЕИТ

**Прилог 8.2.Д** Критериуми за упис на ФЕИТ

**Прилог 8.2.Ѓ** Акти на ФЕИТ

**Прилог 8.2.Е** Статут на УКИМ

**Прилог 8.2.Ж** Статут на ФЕИТ

**Прилог 8.2.З** Акредитации за прв, втор и трет циклус на студирање . Акредитациите се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците.

**Прилог 8.2.Ѕ** Информации од јавен карактер

**Прилог 8.2.И** Завршни сметки на УКИМ

**Прилог 8.2.Ј** Етички кодекс на УКИМ

**Прилог 8.2.К** Центар за доживотно учење

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб-страницата на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, таа задолжително се објавува на веб-страницата на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб-страницата на установата, поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа.<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

Единиците на Универзитетот редовно објавуваат на веб-страниците за исходите од учењето и научноистражувачката активност. Дополнително, во рамките на извештаите поврзани со научноистражувачката работа кои се изработуваат еднаш годишно на единиците, дополнително се адресираат сите исходи од учењето и научноистражувачката работа. Поголем број на факултети, претежно од техничките науки, јавно објавуваат за секој член на наставниот кадар, области на истражување и релевантни објавени трудови и области кои ги опфаќа истражувањето. Поголем дел од истражувањата се објавени на порталите на факултетите кои се направени од страна на наставниот кадар или студентите на Факултетот.

Јавно достапни се и информациите во врска со прифатените тези на втор циклус, како и прифатените тези на трет циклус студии. Единиците редовно ги објавуваат закажаните одбрани на докторските дисертации, како и одбраната на магистерските трудови. Истовремено, магистерските трудови и докторските дисертации се достапни во физичка форма во библиотеките при единиците. Може да се истакне дека за магистерските трудови и докторските дисертации, 7 дена пред закажувањето се прави објавата и на огласните табли на единиците. Во средствата за јавно информирање се објавуваат името и презимето на кандидатот за доктор на науки, насловот на докторскиот труд, како и местото, денот и времето на одбрана најдоцна 7 дена пред денот утврден за одбрана.

**Прилози**

**Прилог 8.3.А** Прифатени тези на втор циклус студии**.** Тезите се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците.

**Прилог 8.3.Б** Прифатени тези на трет циклус студии**.** Тезите се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците.

**Прилог 8.3.В** Јавни одбрани на докторски дисертации

**Прилог 8.3.Г** Публикации на наставен кадар и студенти**.** Публикациите се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците.

**ДЕТЕКТИРАНИ СЛАБИ СТРАНИ КАЈ ЕДИНИЦИТЕ ВО ОДНОС НА СТАНДАРД 8**

Подобрување на достапноста на информации на официјалните веб-страници и редовно ажурирање на податоците

## Стандард 9

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност, прикажани по студиски програми, во последните пет години, за сите циклуси студии (со приказ на период на мобилност, институција домаќин, студиска програма), вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+.<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси студии).<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |

Единиците при УКИМ учествуваат во програмите за индивидуална мобилност на студенти и наставен кадар, и тоа: Erasmus+, COST, CEEPUS програмите и други. Програмите претставуваат своевидни платформи за академска мобилност преку која студентите и наставниот кадар стекнуваат нови искуства, градат интернационални академски врски и се доедуцираат. Најдоминантно користена програма за меѓународна мобилност останува програмата Erasmus+.

Вкупниот број на студентска мобилност за тековната година од прв, втор и трет циклус студии е **112,** и тоа: **прв циклус – 63 студенти, втор циклус – 7 студенти и трет циклус – 42 студенти.** Студентите реализирале

мобилност на **37 различни** универзитети.
Универзитети кои биле домаќини при мобилноста во академската 2023/2024 се:

- Универзитет во Берлин, Германија
- Универзитет на Западна Македонија, Грција
- Универзитет во Патрас, Грција
- Универзитет во Тракија, Грција
- Универзитет во Клуж – Напока, Романија
- Универзитет во Севилја - Шпанија
- Католички универзитет во Лувен – Белгија
- Универзитет во Безансон, Франција
- Универзитет во Тирана, Р Албанија
- Универзитет во Варшава, Полска
- Универзитет „Адам Мицкевич“ во Познањ, Полска
- Универзитет во Истанбул, Турција
- Економски универзитет во Измир, Турција
- Универзитет за применети науки во Фонтис, Холандија
- Универзитет во Катанија, Италија
- Универзитет во Л'Аквила, Италија
- Универзитет „Сапиенца“ во Рим, Италија
- Академија за ликовни уметности во Мачерата, Италија
- Универзитет во Фоџа, Италија
- Универзитет во Бари, Италија
- Универзитет во Наполи, Италија
- Универзитет во Павија, Италија
- Универзитет за применети науки во Рига, Латвија
- Универзитет во Грац, Австрија
- Универзитет за применети науки во Виена, Австрија
- Универзитет во Загреб, Хрватска
- Универзитет во Риека, Хрватска
- Универзитет „Јосип Јурај Штросмаер“ во Осиек, Хрватска
- Универзитет во Задар, Хрватска
- Универзитет во Љубљана, Словенија
- Универзитет во Марибор, Словенија
- Универзитет во Белград, Србија
- Универзитет во Нови Сад, Србија
- Универзитет во Ниш, Србија
- Универзитет во Подгорица, Црна Гора
- Универзитет во Источно Сараево, Босна и Херцеговина
- Универзитет во Приштина, Косово.

Континуирано се обновуваат и договорите со странски универзитети кои во меѓувреме истекле, но и активно се преговара со нови партнери во рамките на овие програми. Во дисеминацијата на информациите за можностите за мобилност се вклучени и центрите за кариера чија основна мисија е воспоставување на врска меѓу студентите на факултетите и деловната заедница, во форма на можности за вработување и извршување практична настава, но и координација на конкурсите за студиски престои на високообразовни институции во странство.
Студентите поактивно ги користат можностите за мобилност на студентите на **Медицинскиот факултет** во Скопје. Оваа единица на Универзитетот е една од водечките единици на УКИМ според бројот на студенти кои остваруваат мобилност преку некоја од програмите. Конкретно, Факултетот преку Универзитетот има склучено 20 Еразмус+ билатерални договори за мобилност на студенти и наставен кадар. Одборот за меѓународна соработка на Факултетот, во анализираниот период, континуирано обезбедува логистичка поддршка за студентите кои се пријавиле за добивање стипендија за академска мобилност.

Исто така, се забележува зголемен интерес за мобилност кај студентите од техничките науки (Факултетот за информациски науки и компјутерско инженерство и Факултетот за електротехника и информациски технологии). Факултетите кои продуцираат професионални профили кои се атрактивни и во чекор со глобалните светски трендови, како што се медицината, економијата и инженерството, се најактивни во Еразмус+ програмата за мобилност.

Најголемиот број студенти избираат да ја реализираат мобилноста на дестинации кои се географски блиски со нашата земја, кои имаат покомпатибилни студиски програми, кои имаат сличен социо-културолошки менталитет и имаат сличности со нашиот економски стандард (универзитетите во Србија, Хрватска, Италија и Турција).
Генералната општа слика на ниво на Универзитетот е дека искористувањето на сите овие можности за мобилност е на релативно ниско ниво, бидејќи, во просек, 1 % од вкупниот број студенти зеле учество во овие програми. Поттикнувањето на поголемо учество од помалку застапените подрачја може да биде идна преокупација и програмска цел за порамномерна распределба и зголемена размена на искуства за овие групи на студенти.
Важно е да се напомене дека бројот на студенти кои користеле мобилност во рамки на програмата Еразмус+ е ограничен со вкупниот буџет кој Универзитетот го добива од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност на Република Македонија. Како илустрација, буџетот за 2023 година, наменет за двете форми на студентска мобилност (мобилност за студирање и мобилност за пракса), обезбедувал вкупно 51 студентска мобилност (41 за студирање и 10 за пракса), што е исклучително малку споредено со вкупниот број на активни студенти на Универзитетот.
Потребни се дополнителни напори за зголемување на финансирањето на студентската мобилност преку обезбедување на други можности освен Еразмус+ програмата. Дополнително, факултетите од медицинските науки се подготвуваат за вклучување и во програмата Blended Intensive Programmes (BIPs), како нов формат на Erasmus+ програмата, која дава дополнителни можности за мобилност.
Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена со предвидените ЕКТС-кредити.
Пред реализирање на мобилноста, таа се оценува и признава од страна на предметните наставници и Комисијата за еквиваленција на студиски програми при факултетите и последователно се потврдува од наставно-научните совети. Вреднувањето и признавањето на мобилноста на студентите е регулирана со процедури кои се дел од правилата за студирање, јавно достапни на веб-страниците на единиците.

**Прилози**
**Прилог 9.1.А** Број на студенти кои користеле мобилност на сите циклуси на студии**.** Листите се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците во Стандард 9, индикатор 9.1.
**Прилог 9.1.Б** Листа на студенти кои користеле мобилност, прикажани по студиски програми **.** Листите се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците во Стандард 9, индикатор 9.1.

| | |
|---|---|
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело, надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација.<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација.<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка.<br>Акт за формирање на посебно тело, надлежно за меѓународна соработка и интернационализација.<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн.). |

Политиката за меѓународна соработка и интернационализација и нејзиното остварување се од суштинско значење за квалитетот и препознатливоста на институциите во меѓународни рамки. Меѓународната соработка претставува основа за вмрежување на единиците со цел поддршка во реализација на наставно-научни активности и мобилности на наставно-научниот кадар и на студентите, реализација на меѓународни проекти и склучување на договори за меѓународна соработка.

Меѓународната соработка на Универзитетот се реализира согласно со правилата утврдени во Статутот на УКИМ (членови 313 – 320).
Главните документи во кои се зацртани приоритетите на Универзитетот во поглед на меѓународната соработка и интернационализација се петгодишните стратегиските планови. Така, на пример, во Стратегискиот план на УКИМ 2024 – 2029 година, една од стратегиските области, на која е посветено цело поглавје, е меѓународната соработка. Таму се дефинирани стратегиските цели, активностите неопходни за нивна реализација и индикаторите за следење на степенот на реализација на целите. Акциониот план, придружен кон споменатата стратегија, ги содржи сите останати детали неопходни за успешна реализација на целите.
Во рамките на Универзитетот, преку централно Одделение за меѓународна соработка, се остварува комуникацијата со странските универзитети, се собираат и се архивираат информациите за потпишаните билатерални и мултилатерални договори за соработка со други универзитети, како и за сите видови на мобилности преку програмата Еразмус+. Тоа, исто така, комуницира со надлежните продекани (продекани за наука и меѓународна соработка) на единиците на Универзитетот во врска со прашањата од неговата надлежност.
Еден од фокусите на Универзитетот во поглед на меѓународната соработка е членството во асоцијации на европски и светски универзитети кои претставуваат платформи за размена на информации и добри практики, вклучување

во заеднички проекти и креирање на високообразовни политики. Универзитетот е член на следниве асоцијации:

1. UNICA – Network of the Universities from Capitals of Europe (Мрежа на универзитетите од главните градови на Европа)
2. CEEPUS – Central European Exchange Programme (Средноевропска програма за размена)
3. CEI – Central European Initiative (Средноевропска иницијатива)
4. EUA – European University Association (Европска универзитетска асоцијација)
5. IAU – International Association of Universities (Меѓународна асоцијација на универзитети)
6. EAIE – European Association for International Education (Европска асоцијација за меѓународно образование)
7. AUF – Agence Universitaire de la Francophonie (Универзитетска франкофонска агенција)
8. NET/USEE – Network of SEE Universities (Мрежа на универзитетите од земјите од Југоисточна Европа)
9. ERA – European Research Area (Европска истражувачка мрежа)
10. EIICM – Европски информативен и иновативен центар (Enterprise Europe Network)
11. IUC – Интеруниверзитетски центар Дубровник
12. SEEIIST – South East European International Institute for Sustainable Technologies
13. AcrossEU Alliance – алијанса која претставува транснационална мрежа на универзитети
14. SDSN Western Balkans - Global Initiative for the United Nations – Мрежа за изнаоѓање на решенија за одржлив развој (Sustainable Development Solutions Network)
15. TETHYS Euro-Mediterranean Universities Network – ги поврзува универзитетите од Медитеранскиот Регион
16. NETWORK 1FUTURE – се фокусира на иновации и идни развојни стратегии
17. Silk Road International Alliance of Architectural and Technological Universities – промовира соработка во областа на архитектурата и технологијата
18. Rectors' Forum of Southeast Europe and Western Balkans – поттикнува соработка и размена на добри практики меѓу универзитетите од регионот.

Со цел зајакнување на меѓународната соработка и поинтензивно интегрирање на светско ниво и соработка со реномирани универзитети, единиците формираат стратегии и органи кои преземаат обврски и надлежности за остварување на целите за меѓународната соработка.

Во стратегиските планови на единиците за подолг временски период (2024 – 2029 година), дефинирани се основните стратегиски цели, конкретни активности и индикатори на полето на меѓународната соработка и интернационализацијата: зајакнување на институционалните капацитети за вклучување и реализирање на меѓународната соработка; активно вклучување на факултетите во меѓународни иницијативи, проекти и двонасочна мобилност на вработени и студенти, идентификување на потребните промени и чекори кон започнување на процесот на меѓународни акредитации на факултетите. За секој од дефинираните стратегиски правци, предвидени се конкретни активности кои треба да се реализираат и индикатори кои се следат.

Зајакнувањето на меѓународната соработка преку поголема интегрираност во европскиот простор за високо образование и соработка со реномирани универзитети од САД е еден од основните стратегиски правци дефинирани во Стратегискиот план за периодот 2021 – 2026 година на **Економскиот факултет**. Во овој документ се дефинирани основните стратегиски цели, конкретните активности и индикатори на полето на меѓународната соработка и интернационализацијата, и тоа: зајакнати институционални капацитети за вклучување и реализирање на меѓународната соработка; активна вклученост на Факултетот во меѓународни иницијативи, проекти и двонасочна мобилност на вработени и студенти; идентификување на потребните промени и чекори кон започнување на процесот на меѓународна акредитација на Факултетот. При тоа, за секој од дефинираните стратегиски цели, предвидени се конкретни активности кои треба да се реализираат, како и индикатори кои се следат.

Обврските и надлежностите во врска со меѓународната соработка се дефинирани и во статутите на факултетите и на Универзитетот. Највисокиот орган е наставно-научниот совет, кој има надлежност да склучува договори за соработка со странски универзитети согласно со Законот за високото образование, потоа донесува одлуки за вклучување на визитинг-наставници од странство, избира членови на комисии за одбрани на магистерски и докторски студии, кои можат да содржат членови од странство, и склучува договори за двојна диплома (double degree – **ФЕИТ**) или заедничка студиска програма (joint degree – **ИСППИ**) со универзитети од странство. Предлагањето, изменувањето и непосредното извршување на одлуките на наставно-научниот совет во поглед на меѓународната соработка е во директна надлежност, конкретно на продеканите за меѓународна соработка, а на повисоко ниво – деканите. На некои единици постојат и посебни тела надлежни за извршување на функциите од областа на меѓународната соработка и интернационализацијата (**Економски факултет**). Телата за меѓународна соработка и интернационализација се состојат од продеканот за наука и меѓународна соработка и два советника за меѓународна соработка.

Други органи и тела на факултетите кои придонесуваат и се грижат за меѓународната соработка се и центарите за кариера, како и одборите за меѓународна соработка (надлежни за меѓународна соработка и интернационализација), составени од продекан за меѓународна соработка и членови на одборот (**Медицински** и

**Стоматолошки факултет**).
Дел од меѓународната соработка на единиците се реализира и преку центрите за соработка со стопанството, како центри за трансфер на технологии и иновации (на пр., ИННОФЕИТ) и сл. Во рамките на детерминираноста за меѓународна соработка, воспоставена е конекција со наставници од странски универзитети при изготвувањето на нови учебници (од медицинските и стоматолошките науки). Понатаму, се забележува детерминираност за зачленување во меѓународни асоцијации за едукација претежно во Европа, но и во светски рамки, поради тоа што членувањето во овие асоцијации обезбедува голем број на бенефиции за наставниот кадар и студентите, при што им се овозможува пристап до ресурсите објавени на веб-страницата на асоцијациите и бенефициите кои ги нудат асоцијациите.
Организирањето едукативни настани од меѓународен карактер (конгреси, конференции и семинари), за наставниот кадар или за студентските собранија, со земање активно учество на странски предавачи и/или студенти од странство, претставува една од стратегиските цели и задачи за воспоставување на меѓународно реноме. Понатаму, со цел да се зголеми нивото на интернационална препознатливост на единиците се фаворизира потпишувањето на нови билатерални договори за меѓународна соработка или продолжување (обновување) на веќе утврдените договори со реномирани универзитети и меѓународни институции. Овие договори овозможуваат размена на студенти и наставен кадар, заеднички истражувачки проекти и други форми на академска соработка.

Во академската 2023/2024 година, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје потпиша **174 нови** билатерални договори во рамките на Еразмус+ програмата, со што вкупниот број на потпишани договори достигна **854**, меѓу кои има и престижни универзитети од Европа. Сите овие договори се потпишани на европската дигитална платформа EuropeWithoutPaper (EWP) Dashboard, согласно со барањата на Европската комисија за интензивирање на процесот на целосна дигитализација на програмата Еразмус+. Факултетите се вклучуваат и во меѓународни проекти преку Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од програмите Хоризонт Европа и Дигитална Европа, со цел зголемување на конкурентноста во истражувачките капацитети и компетенции, размена на добри практики, обуки, студиски престои, мобилности и градење на капацитетите.

Главната цел на меѓународните проекти кои се однесуваат на истражување и иновации е да им се помогне на партнерските организации кои учествуваат со проекти во регионалните програми и фондови на Унијата (како што се Европскиот фонд за регионален развој и Инструментот за претпристапна помош), да се подготват и да имаат поголем успех и учество во програмите на Европската Унија (Хоризонт Европа и сл.). Реализирањето на предвидените активности на полето на меѓународната соработка и интернационализацијата континуирано се следи преку изготвување на годишен извештај за меѓународна соработка, кој претставува составен дел од годишниот извештај за работењето на факултетите, кој го поднесува деканот, одобрен од страна на наставно-научните совети.

**Прилози**
**Прилог 9.2.А** Стратегиски план за периодот 2024-2029
**Прилог 9.2.Б** Одлука за формирање на Одбор за меѓународна соработка**.** Одлуките се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците во Стандард 9, индикатор 9.2.
**Прилог 9.2.В** Извештаи од одржани седници на Одборот за меѓународна соработка**.** Извештаите се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците во Стандард 9, индикатор 9.2.

| | |
|---|---|
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка, установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години, со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

Финансирањето на меѓународната соработка и интернационализацијата доминантно се врши со средства обезбедени од сопствени приходи и во рамки на проекти финансирани од различни европски програми. Финансиските средства за меѓународна соработка и интернационализација се во непосредна врска со научноистражувачката дејност и затоа овие средства се насочени кон тековните активности за реализација на проекти, набавување соодветна специјализирана техничка опрема за нивна реализација, организирање и учество на работни средби и работилници со странските партнери за потребите на проектите, финансирање на расходи за вмрежување, односно за учества на наставно-научниот кадар на научноистражувачки собири во земјата и во странство, за надоместоци за објавување на научноистражувачки трудови во домашни и меѓународни списанија, како и за котизации за учества на меѓународни конференции.

Финансирањето на меѓународната соработка е во согласност со одлуките за стручно усовршување на наставно-научниот кадар, со кои се предвидува финансирање на професионално стручно усовршување на наставниот и соработничкиот кадар, и тоа за следниве намени: (1) студиски престои за стручно и научно усовршување во траење од 1 до 12 месеци; (2) целеисходен научен престој на реномирани научни институции до 30 дена; (3) учества на меѓународни конференции, научни собири, симпозиуми, семинари или работилници со прифатен труд; (4) учества на семинари, обуки, летни школи, работилници или други облици на стручно усовршување без прифатен труд, организирани од страна на реномирани научни институции; (5) објавување на трудови во меѓународни списанија.
Апликативната дејност на факултетите, претежно од техничките науки (**Економски факултет, ФИНКИ, ФЕИТ, МФС, ТМФ**), ја обезбедува главнината од финансиските средства за меѓународна соработка, по основ на разни меѓународни програми како Еразмус, NATO, HORIZON Europe, INTERREG, COST, EIT и сл.
Финансирањето на меѓународната соработка на единиците на УКИМ се врши и со средства обезбедени од Министерството за образование и наука и проектните активности кои ги реализираат како координатор или како партнер, согласно со правилниците на УКИМ, се финансираат преку Универзитетот, односно администрирањето и распределувањето на финансиските средства за меѓународните научноистражувачки проекти се врши централизирано преку Ректоратот на Универзитетот.
Освен финансирањето на меѓународната соработка преку средства обезбедени од сопствени приходи (**Економски факултет**) во рамки на проекти финансирани од различни европски програми, единиците користат и средства од националниот буџет, странските донатори и програми, локалната самоуправа итн.
Дел од факултетите (**Стоматолошки факултет**) детектираат пониска искористеност на предвидените финансиски буџети за меѓународна соработка и проекти (до 30 %) и предвидуваат изработка на стратегии за поголема идна искористеност на расположливите средства.

**Прилози**
**Прилог 9.3.А** Приказ на средства за финансирање на меѓународна соработка на единиците за 2023 година**.**
Приказот на средствата се наоѓа во извештаите за самоевалуација на единиците во Стандард 9, индикатор 9.3.

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и во странство, во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка, вклучувајќи и за програмата Еразмус+.<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и во странство (приказ за последните пет години, со опис на соработката и релевантноста за студиските програми).<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години, за последните пет години).<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Факултетите континуирано работат кон одржување и проширување на својата мрежа на партнери за меѓународна соработка и како резултат на овие ангажмани се потпишуваат или обновуваат договори за меѓународна соработка со универзитетите во рамките на Еразмус+ програмите (IIA - Inter-Institutional Agreements) и CEEPUS-програмите.
Значителен број на нови договори се потпишани со универзитетите во Германија, Франција, Шпанија, Полска, Бугарија, Белгија, Чешка и Грција. Кон списокот на држави со кои почнува да се воспоставува соработка во сферата на мобилност на студенти и наставен кадар спаѓаат и Латвија, Литванија, Естонија и Финска, што отвора перспективи за соработката со универзитети од Северна и Источна Европа.
Исто така, за да се овозможи поддршка на меѓународната соработка и интернационализацијата, факултетите настојуваат да потпишуваат и договори или меморандуми за соработка и со меѓународни асоцијации (вмрежување): WCO (World Customs Organization, CEESENet (Central and South-East European PhD Network), INCU (International Network of Customs Universities), EDUNIVERSAL и сл.
Како примери за конкретни меѓународни соработки се организациите на научни и стручни конференции од меѓународен карактер, понатаму организирање на конференции за одбележувањето на Еразмус+ деновите со учество на наставниот кадар и студентите. Во рамките на овие конференции е организирана и презентација на проекти, завршени или во тек, како и искуства од реализирани студентски мобилности. Овие настани придонесуваат за актуализација на можностите што ги нудат програмите за меѓународна соработка и зголемување на интересот за аплицирање од страна на студентите и наставниот кадар.

Главните активности за меѓународна соработка и интернационализација на факултетите се остваруваат во рамките на реализација на научноистражувачките и апликативните проекти од меѓународен карактер, како и организација и учество на конференции, симпозиуми и други настани од меѓународни размери преку презентирање на трудови на меѓународните конференции во форма на усни предавања, презентации или постерски презентации. Исто така, во рамките на овие активности спаѓа и организирање на летни школи со интернационално учество и издавање на научни списанија со меѓународен уредувачки одбор, индексирани во релевантни дата бази (DOAJ Directory, CrossRef, EBSCO Host дата базата и сл.)

Како добар позитивен пример од 2023 година би го издвоиле **ФИНКИ,** кој обезбеди грант од Соединетите Американски Држави за ангажирање на Фулбрајтов специјалист, со цел иницирање и унапредување на меѓународната соработка со научници од САД. Овој проект претставува значаен чекор кон продлабочување на академските врски и размена на знаења со престижни американски универзитети и истражувачки центри.

Наставниот кадар на факултетите/институтите редовно зема учество во меѓународните соработки, преку различни механизми, најмногу преку директни научни и наставни соработки и апликативна дејност. Со забележителна бројка на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка за академската 2023/2024 година се издвојуваат **ФЕИТ, Медицински факултет и ИЗИИС** (55, 16 и 17 наставници, последователно)**.**

Пример за универзитети домаќини:

- Академија за агрикултура во Софија,Бугарија
- Софиски универзитет „Св. Климент Охридски", Бугарија
- Универзитет во Пловдив, Бугарија
- Универзитет за национална и светска економија во Софија, Бугарија
- Универзитет „Анхалт", Германија
- Универзитет во Каен, Франција
- Универзитет во Лоѓ, Полска
- Универзитет во Љубљана, Словенија
- Универзитет во Загреб, Хрватска
- Универзитет во Сплит, Хрватска
- Универзитет во Валенсија, Шпанија
- Универзитет во Анжер, Шпанија
- Универзитет за економија во Измир, Турција.

Единиците соработуваат и со други институции (преку меѓународни проекти – релевантни за студиските програми) или друг вид соработка во функција на реализација на студиски програми, на пример вмрежување на медицинските науки во ECTS-MA (EuropeanCreditTransferSystem- MedicineAssociation), мрежа која ја сочинуваат голем број на факултети од медицинските науки од 26 европски држави.

**Стоматолошкиот факултет** и оваа година е единствена и полноправна членка во Асоцијацијата за стоматолошка едукација во Европа (анг. Association for Dental Education in Europe – ADEE). Со членството во оваа асоцијација, вработените и студентите имаат пристап до ресурсите објавени на веб-страницата на ADEE. На вработените на Стоматолошкиот факултет во Скопје и на студентите им е овозможен бесплатен пристап до сите ресурси и бенефиции кои ги нуди оваа асоцијација.

Постои тренд на воспоставување на соработки и надвор од границите на Европа со реномирани установи од САД (Arizona State University,University of Knoxville, Tennessee, University of Michigan, University of California, LA, Loma Linda University, LA), со цел унапредување на студиските програми на втор циклус студии, како и создавање на можности за мобилност на наставен кадар.

Преку програмата DECS-IOT (акредитирана заедничка програма од вториот циклус студии со Универзитетот „Анхалт" од Германија), студентите од медицинските науки имаат можност за стекнување на двојна диплома.

Преку Еразмус+ проектот Cybermax, **ФИНКИ** има акредитирана заедничка студиска програма со универзитет во Турција (Izmir University of Economics), која тековно се реализира со успешно вклучување на студенти и наставен кадар од двете институции. Оваа програма претставува значаен чекор во интернационализацијата на студиските програми и промоцијата на мултикултурното образование.

**Факултетот за ликовни уметности** ја зајакнува и ја проширува соработката со други институции во земјата и во странство. Соработува на заеднички изложбени активности, семинари, работилници, предавања и фокусирано работи на реализација на можностите за заеднички студиски програми. Резултатите од овие соработки се корисни не само за студиските програми, туку особено се значајни за развивање на меѓународната студентска уметничка мрежа.

**Прилози**

**Прилог 9.4.А** Број на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка, наставници и студенти од странство. Овие податоци се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците во Стандард 9, индикатор 9.4.

**Прилог 9.4.Б** Листа на наставници од странство**.** Листите се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците во Стандард 9, индикатор 9.4.

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа). |

<table>
<tr><td>вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува.</td><td>Листа на наставници од странство, вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови.<br>Број на запишани странски студенти по студиски програми за сите циклуси студии во изминатите пет години.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Единиците активно спроведуваат стратегија за развој насочена кон воспоставување и одржување на контакти со истакнати професори од странски универзитети, со цел нивно ангажирање како визитинг-наставници и нивно директно и индиректно вклучување во наставниот процес. Вклучувањето на визитинг-наставници значајно придонесува и во процесот на акредитацијата на студиските програми на англиски јазик на единиците на УКИМ. Во стратегиите на единиците се планира поинтензивно вклучување на визитинг-наставниците во наставата, сè со цел да се зголеми бројот на истакнати професори од реномирани странски универзитети.<br>Единиците се вклучуваат во повеќе активности на полето на меѓународната соработка со цел вмрежување на наставно-научниот кадар и студентите и привлекување наставници и студенти од странство (пр.COST, ECTS-MA, CEEPUS и ERASMUS мрежите). Преку овие членства се отвораат можности единиците да бидат домаќини на странски професори кои во рамките на овие програми во земјата на работни состаноци во врска со проектни активности, дел од нив држат предавања, симпозиуми и/или работилници за студентите одпрв или втор циклус студии. Меѓународните студентски конгреси и летни школи на студентските организации претставуваат исто така можност за едукативна ангажираност на професори од странство кои одржуваат предавања или работилници за време на настаните.<br>Дополнително, дел од факултетите (технички и медицински науки) имаат воспоставено пракса според која најмалку еден од членовите на комисијата за оценување и одбрана на докторски дисертации е од друг универзитет (во комисиите учествуваат професори од странски универзитети), со цел да се обезбеди академска размена, интернационализација и објективност во процесот на оценување.<br>Единиците на УКИМ во најголем процент се во фаза на акредитација на студиски програми на англиски јазик, додека на дел од техничките (ФЕИТ, ФИНКИ, МФС) и медицинските науки располагаат со акредитирани студиски програми на англиски јазик, кои привлекуваат странски студенти од различни земји на прв и втор циклус интегрирани студии, како и на трет циклус – докторски студии во последните години.<br>На Машинскиот факултет се акредитирани четири студиски програми на англиски јазик на втор циклус студии.<br>Како индикатор за успешните политики за интернационализација на факултетите и нивната посветеност кон обезбедување на квалитетно образование за студентите од странство, сведочи континуираниот раст на акредитираните студиски програми на англиски јазик во последните години.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 9.5.А Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата. Листите се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците во Стандард 9, индикатор 9.5.<br>Прилог 9.5.Б Број на наставници од странство вклучени како ментори, број на странски студенти. Податоците се наоѓаат во извештаите за самоевалуација на единиците во Стандард 9, индикатор 9.5.</td></tr>
</table>

## ДЕТЕКТИРАНИ СЛАБИ СТРАНИ КАЈ ЕДИНИЦИТЕ ВО ОДНОС НА СТАНДАРД 9

- Неоптимален степен на искористеност на постојните меморандуми за соработка за апликација и реализација на проекти, истражувања, студии и поинтензивна мобилност на вработени и студенти.
- Недоволна мобилност на кадарот; недоволна мобилност на студентите.
- Недоволна искористеност на постојниот капацитет за аплицирање и реализирање на меѓународни научноистражувачки проекти во земјата и во странство (недоволно пријавени и реализирани научноистражувачки проекти со меѓународно учество). За таа цел, потребно е активирање на надлежни тела кои ќе раководат со процесите на меѓународна соработка и интернационализација на некои единици на УКИМ.
- Недоволно искористување на меѓународни фондови.
- Отсуство на студиски програми на англиски јазик на сите три циклуси студии кои би привлекле поголем број на странски студенти.
- Мал број на странски студенти (главно од соседни земји).
- Потреба од интернационализација на работата на факултетите, со поголема вклученост на ангажирани визитинг-наставници и студенти од странство.
- Нефункционална алумни-заедница; за поголема интернационална препознатливост и видливост на факултетите, неопходно е и интензивирање на контактите и соработката со членови од алумни-заедницата, истакнати во дејноста на меѓународно ниво.

- Факултетите се соочуваат со постојана потреба за финансиски ресурси за поддршка на меѓународните истражувачки проекти и иновациите. Зголеменото финансирање би овозможило поквалитетни истражувања, ангажирање на врвни експерти и развивање на нови технологии кои би придонеле за општествениот и економски развој.
- Недоволно залагање за обезбедување финансиски ресурси за научноистражувачка работа и меѓународна соработка.